Финансирано од
Европска Унија

UN WOMEN

FOR ALL WOMEN AND GIRLS



ТЕХНОЛОШКИ ПОСРЕДУВАНО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Centar za podršku ženama

FONDACIJA Lara Bijeljina

Medica Kosova

РЕГИОНАЛЕН КОМПАРАТИВЕН КУРИКУЛУМ И ЧЕТИРИДНЕВНА ОНЛАЈН ПРОГРАМА ЗА ОБУКА

2026.

УРЕДНИЧКА:

Биљана Степанов

АВТОРКИ НА КУРИКУЛУМОТ:

Радмила Жигић | Фондација Лара – Босна и Херцеговина, Црна Гора
Даница Тодоров | ЦПЖ – Србија, Северна Македонија
Вепроре Шеху | Медика Косова – Косово*, Албанија

Националните аналитички документи ги подготвија:

Христина Цветинчанин Кнежевиќ (Србија), Минја Дамјановиќ (Босна и Херцеговина), Арбноре Шеху Буњаку (Косово*), Елена Грозданова (Северна Македонија), Даклеа Џинџо (Албанија) и Ервина Дабижиновиќ (Црна Гора).

Дизајн:

Александра Милаковиħ Радиновиħ
Агенција o2

Забелешка: Оваа активност/публикација ја реализираат/изработуваат Фондацијата ЛАРА, Центарот за поддршка на жените и Medica Косово во рамки на програмата „ЕУ за родова рамноправност: економско зајакнување на жените и запирање на насилството над жените“, која ја финансира Европската унија, а заеднички ја спроведуваат UN Women и UNDP. Ставовите изнесени во оваа публикација се ставови на авторот/авторката и нужно не ги одразуваат ставовите на UN Women, Обединетите нации или која било од нивните поврзани организации.

*За ЕУ, оваа ознака не влијае врз ставовите во однос на статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на ОН и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата за прогласување на независност на Косово. За UN Women, наведувањето на Косово треба да се подразбира во контекст на Резолуцијата 1244 (1999) на Советот за безбедност на ОН.

СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 7
ПРОЛОГ 9
ВОВЕД 12
Зошто е потребен овој курикулум? 12
Како е развиен курикулумот? 14
Кому е наменет курикулумот и какви резултати треба да постигне 14
Структура на документот 15

ДЕЛ I **КУРИКУЛУМ**

A. ВОВЕД И КОНТЕКСТ 17
A.1. РОДОВИ КОНЦЕПТИ, ОБЛИЦИ НА НАСИЛСТВО И ТЕХНОЛОШКИ ПОСРЕДУВАНО НАСИЛСТВО КАКО СТРУКТУРЕН ПРОБЛЕМ 17
A.2. РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ: КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА ШЕСТ ЗЕМЈИ 20
A.3. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА: КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА КАПАЦИТЕТИТЕ 22
A.4. ИНТЕРСЕКЦИОНАЛНОСТ И ГРУПИ СО ДОПОЛНИТЕЛНИ БАРИЕРИ 24
A.5. ТПН И КОНТИНУУМ НА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО 26

B. НОРМАТИВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА – МЕЃУНАРОДНА ДИМЕНЗИЈА 28
B.1. КОНВЕНЦИЈА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И НАСИЛСТВОТО ВО СЕМЕЈСТВОТО, ОПШТА ПРЕОРАКА НА GREVIO БРОЈ 1, CEDAW И ДИРЕКТИВА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2024/1385 26

C. НОРМАТИВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА – НАЦИОНАЛНА ДИМЕНЗИЈА 31
C.1. ЗАКОНИ, ИНСТИТУЦИИ И ЈАЗОТ ПОМЕЃУ ПРАВОТО И ПРАКТИКАТА 31
Србија: правна рамка за заштита од технолошки посредувано насилство 32
Босна и Херцеговина: национална правна рамка за заштита од технолошки посредувано насилство 36
Федерација Босна и Херцеговина 37
Република Српска 38
Брчко Дистрикт БиХ 38
Албанија: правна рамка за заштита од технолошки посредувано насилство 39
Црна Гора: правна рамка за заштита од технолошки посредувано насилство 41
Северна Македонија: правна рамка за заштита од технолошки посредувано насилство 43
Косово*: правна и институционална рамка за заштита од технолошки посредувано насилство 45

C.2. ЗАКЛУЧНА КОМПАРАТИВНА СИНТЕЗА: СТЕПЕН НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ШЕСТЕ ЗЕМЈИ ВО ОДНОС НА КЛУЧНИТЕ ОБЛИЦИ НА ТПН 47

D. ПОДАТОЦИ И ТРЕНДОВИ 50

D.1. ШТО НИ ПОКАЖУВААТ ПОДАТОЦИТЕ, А ШТО ОСТАНУВА НЕВИДЛИВО 50

E. ТЕХНОЛОШКИ ПОСРЕДУВАНО РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО 59

E.1. ОБЛИЦИ, РАЗМЕРИ, ОНЛАЈН-ОФЛАЈН КОНТИНУУМ И ОДГОВОР НА СИСТЕМОТ 61

(a) Институционален одговор: реактивен, неспецијализиран и често со секундарна виктимизација 65

(b) Онлајн вознемирување и родово заснован говор на омраза 65

(c) Сексуално насилство во дигитално окружување 65

(d) Загрозување на безбедноста и приватноста преку технологија 66

E.2. ПРОЦЕНКА НА РИЗИКОТ ОД ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ИНТЕНЗИВИРАЊЕ И ПРЕМИНУВАЊЕ ВО ДРУГИ ОБЛИЦИ НА НАСИЛСТВО 67

Што мора да опфати проценката на ризик? 67

Инструменти и пристапи 68

Проценка на ризик како основа на планот за заштита 72

I. ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПРИЈАВИ ЗА ТПН 75

I.1. ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРИЕМ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ 75

I.2. ПОВРЗАНОСТ НА ИНТЕРНИТЕ ПОСТАПКИ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ И РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА 75

I.3. ОСУМ КОМПОНЕНТИ ЗА ИНТЕРНИТЕ ПРОЦЕДУРИ ЗА ТПН 75

Компонента 1: Прием на пријава 75

Компонента 2: Прв контакт со лице кое преживеало ТПН 78

Компонента 3: Евидентирање на случајот 78

Компонента 4: Проценка на ризик за случаи на ТПН 79

Компонента 5: Изработка на безбедносен план 79

Компонента 6: Упатување кон улуга 80

Компонента 7: Управување со случајот (Case Management) 81

Компонента 8: Затворање на случајот 81

I.4. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ КОИ ШТО ОРГАНИЗАЦИЈАТА ТРЕБА ДА ГИ ПОСЕДУВА 82

I.5. ПОСЕБНИ ПРАШАЊА ЗА ДИГИТАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ 83

I.6. ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ ЗА ЗАШТИТА И НАЧИН НА НИВНО КОРИСТЕЊЕ ВО ПОДДРШКАТА 84

F. ОРГАНИЗАЦИИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ПРАКТИКИ ЗА ПОДДРШКА 85

F.1. УЛОГАТА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ЗАШТИТАТА И ЗАСТАПУВАЊЕТО 85

F.2. ДОБРИ ПРАКТИКИ КОИ МОЖЕ ДА СЕ ПРЕНЕСАТ ИЛИ ДА СЕ ПРИЛАГОДАТ 87

G. КАМПАЊИ, ЈАВНИ НАРАТИВИ И ДИСКУРС ПРОТИВ РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ 88

G.1. КАМПАЊИТЕ КАКО ПРОСТОР НА ВИДЛИВОСТ И РИЗИК 88

G.2. АНТИ-РОДОВИ НАРАТИВИ, ДЕЗИНФОРМАЦИИ И ДИГИТАЛЕН ПРОСТОР 92

H. ГАП АНАЛИЗА И ПРЕПОРАКИ 95

H.1. ГАП АНАЛИЗА 95

Нормативно ниво: „дупки“ во законите кои не се случајни 95

Институционално ниво: невидливо насилство во видлив систем 97

Ниво на податоци: невидливото не значи дека и не постои 99

Културно-дигитално ниво: нормализирање на насилство 100

Заеднички именител: систем кој заостанува зад технологијата и насилството 101

H.2. ПРЕПОРАКИ СПОРЕД АКТЕРИТЕ 102

1. За законодавците и министерствата за правда 102

2. За полицијата, обвинителствата и судовите 102

3. За центрите за социјална работа, здравствените установи и локалните механизми 103

4. За организациите на граѓанското општество 103

5. За медиумите и дигиталните платформи 103

ДЕЛ II

PROGRAM OBUKE

A **ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА 105**

B **РАСПОРЕД НА ЧЕТИРИДНЕВНАТА ОНЛАЈН ПРОГРАМА 108**

C **МОДУЛИ НА ОБУКАТА И МЕТОДОЛОШКИ НАПОМЕНИ 110**

D **СТУДИИ НА СЛУЧАИ ЗА РАБОТА ВО ГРУПИ 112**

E **ШТО ПОНАТАМУ ПОСЛЕ ОБУКАТА 113**

F **ПРЕПОРАКИ ЗА ФАСИЛИТАЦИЈА НА ОНЛАЈН ПРОГРАМАТА 114**

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ТПН	технолошки посредувано насилство
GREVIO	Група експерти за борба против насилството врз жените и семејното насилство / *Group of Experts on Action against Violence against Women and Domestic Violence*
UNFPA	Фонд за население на Обединетите нации / *United Nations Population Fund*
CDT Europe	Центар за демократија и технологија – Европа / *Center for Democracy & Technology Europe*
OEBS	Организација за европска безбедност и соработка / *Organization for Security and Co-operation in Europe — OSCE*
БиХ	Босна и Херцеговина
CeMI	Центар за мониторинг и истражување, Црна Гора / *Centre for Monitoring and Research, Montenegro*
ФБиХ	Федерација Босна и Херцеговина
РС	Република Српска
БД БиХ	Брчко Дистрикт Босна и Херцеговина
CRM	координиран механизам за упатување на случаи на семејно насилство / *Coordinated Referral Mechanism for Domestic Violence; локален мултисекторски механизам во Албанија за координирано постапување на институциите и службите во случаи на семејно насилство.*
EFLAS	Проект за проширување на услугите за бесплатна правна помош за жени и мажи во Албанија / *Expanding Free Legal Aid Services for Women and Men in Albania*
AWEN	Албанска мрежа за зајакнување на жените / *Albanian Women's Empowerment Network*
UN	Обединети нации / *United Nations*
CE	Совет на Европа / *Council of Europe*
CEDAW	Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените / *Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women*
КЗ	кривичен закон / кривичен законик
NCII	неовластено споделување на интимни слики/содржини / *non-consensual intimate images/imagery*
ИКТ	информациско-комуникациски технологии
МВР	Министерство за внатрешни работи
BIRN	Балканска истражувачка новинарска мрежа / *Balkan Investigative Reporting Network*
SHARE	SHARE Фондација

LGBTIQ+	лезбејки, геј лица, бисексуални лица, трансродови, интерсекс и квир лица, како и други лица чиј сексуален идентитет, родов идентитет, родово изразување или полови карактеристики отстапуваат од хетеронормативните и циснормативните обрасци
DA	проценка на опасност / *Danger Assessment; инструмент за проценка на ризикот од смртен исход и тешки форми на насилство во случаи на насилство во интимни партнерски односи*
CAADA-DASH	листа за идентификација на ризикот во случаи на семејно насилство, прогонување и насилство засновано на т.н. чест / *Co-ordinated Action Against Domestic Abuse – Domestic Abuse, Stalking and Honour-Based Violence Risk Identification Checklist*
MARAK	мултисекторска конференција за проценка на ризици / *Multi-Agency Risk Assessment Conference (MARAC)*
IASC	Постојан меѓуагенциски комитет / *Inter-Agency Standing Committee*
UNICEF	Детски фонд на Обединетите нации / *United Nations Children's Fund*
UNHCR	Висок комесаријат на Обединетите нации за бегалци / *United Nations High Commissioner for Refugees*
ОГО	организации на граѓанско општество
АЖЦ	Автономен женски центар
UNDP	Програма за развој на Обединетите нации / *United Nations Development Programme*

ПРИЛОГ

„Насилството врз жените не е последица на нарушување на општествените норми. Тоа е последица на нивното совршено функционирање.”

bell hooks*, *Feminist Theory: From Margin to Center,* 1984.

Постои нешто што феминизмот го знае веќе долго време, а што мејнстрим дискурсот за насилството врз жените постојано одново го открива, како да го слуша за првпат: насилството не е исклучок. Тоа е редовна појава. Не е излез од нормалниот поредок на нештата. Тоа е еден од механизмите преку кои тој поредок се одржува.

Оваа теза не е песимистичка. Таа е дијагноза од која произлегува сосема поинаков сет прашања од оние што вообичаено се поставуваат. Не: како да се запре насилниот поединец? Туку: кои структури му даваат дозвола за насилно однесување? Не: зошто жртвата не пријавила? Туку: што направил системот за пријавувањето да биде возможно, безбедно и да има смисла? Не: како да се заштитат жените? Туку: кој дефинира што значи заштита и чие искуство е мерило за таа дефиниција?

Оваа промена на перспективата не е само методолошка. Таа е политичка. И токму затоа феминистичката теорија, од Симон де Бовоар до Бел Хукс, од Одри Лорд до Сара Ахмед, инсистира на нешто што академскиот дискурс често го заобиколува: дека знаењето не е неутрално, дека прашањето за знаењето секогаш е и прашање за моќта, и дека она што го сметаме за видливо го определува она што го сметаме за проблем вреден за решавање.

* Името bell hooks во оваа публикација е напишано со мали букви, во согласност со начинот на кој самата авторка доследно го користела. Станува збор за псевдоним кој намерно го пишувала со мали букви за фокусот да биде на идеите, а не на авторскиот идентитет.

Денес оваа теза се соочува со нов, специфичен предизвик. Дигиталниот простор отвори прашање кое феминистичката теорија не го предвидела целосно. Не затоа што не можела, туку затоа што брзината со која технологијата навлезе во секојдневниот живот го надмина капацитетот на нормативните и институционалните системи да ја разберат како ново поле на родови односи на моќ. Дона Харавеј уште во 1985 година предупредуваше дека технологијата не е неутрална, туку дека во неа се впишани односите што ја создале. Сепак, дури ни нејзината визија за киборгот како место на хибриден отпор не го предвиде алгоритамот кој за десет секунди може да дистрибуира неконсензуална интимна содржина до милиони корисници, истовремено останувајќи надвор од опфатот на кој било правен систем.

Она што денес се нарекува технолошки посредувано насилство не е нов вид насилство. Тоа е старото насилство со нова инфраструктура која му дава карактеристики што го прават квалитативно различно од сè што претходно сме познавале. Безвременско е: содржината објавена еднаш останува достапна со години. Бездомно е: се одвива истовремено во сите простори во кои жената постои - професионален, семеен и општествен. Неуловливо е: сторителот може да биде анонимен, платформата надвор од надлежност, а алгоритмот без автор. И можеби најтешко, тоа е насилство кое го поништува сопственото сведоштво: кога жртвата опишува година на дигитален терор, институцијата може да одговори дека „нема докази за непосредна физичка опасност", а таа реченица, во постојната правна рамка, не мора да биде неточна.

Токму тука лежи она што филозофката Миранда Фрикер го нарече епистемичка неправда, специфичен вид неправда која не се нанесува врз телата, туку врз знаењето. Кога жртвата зборува за своето искуство, а институцијата не го препознава тоа искуство како легитимно, не ѝ се дава само погрешен одговор. Ѝ се одзема статусот на сведок на сопствениот живот. Таа станува недоверлив извор на информации за сопственото страдање. Тоа не е споредна последица на лош институционален одговор. Тоа е централен механизам преку кој насилството, и во физичкиот и во дигиталниот простор, подеднакво се репродуцира и се нормализира.

Џудит Батлер би рекла дека секое тело кое е изложено на ризик од насилство станува видливо како тело, како нешто ранливо, локализирано и изложено. Дигиталниот простор ја менува таа равенка на радикален начин: нападнатото тело останува физички недопирливо, но неговата ранливост станува глобално видлива и достапна. Насилството се из-

вршува врз нејзиното присуство во јавниот и дигиталниот простор, а последиците ги сноси самата личност. Самото постоење на жената во јавниот и дигиталниот простор е она што ја претвора во мета. Системот кој не знае да процесуира напад врз нечие присуство, кој бара модринки таму каде што постојат само снимки од екранот, не е систем што заостанува зад технологијата. Тоа е систем кој продолжува да ја дефинира реалноста според стариот поредок што определува чие страдање се смета.

Во центарот на сè лежи прашањето кое феминистичката филозофија го поставува од своето настанување: кој има право да ја дефинира реалноста?

Сара Ахмед зборува за феминизмот како ориентација кон она на што вообичаено му се врти грбот. Да се примени таа ориентација во дигиталниот простор значи да се одбие една од најтрајните поделби што ни ја нуди системот: поделбата на реално и виртуелно. Виртуелна не е болката. Виртуелен не е стравот. Виртуелни не се губењето на работата, повлекувањето од јавниот простор, изолацијата и депресијата. Виртуелна е само претпоставката дека екранот прави разлика помеѓу насилството што се смета и насилството што не се смета. А таа претпоставка не е невина. Таа им служи на оние на кои им одговара одредени облици на насилство да останат без одговор.

Овој курикулум не нуди конечни одговори. Тој поаѓа од претпоставката дека активистките и стручните лица кои го користат се самите носители на знаење - знаење изградено низ практиката, низ разговорите со преживеаните, низ судирите со системот кој не реагира.

Она што овој пролог сака да го отвори не е содржината што следува.

Тоа е прашањето кое секоја од нас го внесува во просторијата: Која е цената на молчењето - институционалното, јавното, но и нашето сопствено? Каде самите сме научиле дека одреден вид насилство е нормален, приватен или недоволно сериозен за да го именуваме? И што би се променило кога би одбиле да живееме во она што е прифатливо и би почнале да живееме во она што е вистинито?

Разговорот почнува тука.

Биљана Степанов
уредничка

ВОВЕД

Зошто е потребен овој курикулум?

Насилството врз жените не е поединечна трагична околност, туку структурен општествен проблем вкоренет во родовата нееднаквост, патријархалните норми, економската зависност, нееднаквата распределба на моќта и институционалните практики кои често не обезбедуваат навремена и ефикасна заштита.

Забрзаната дигитализација донесе нова, подеднакво сериозна димензија на насилството. Технолошки посредуваното насилство [1] опфаќа облици на насилство кои се извршени, овозможени, засилени или продолжени со употреба на дигитални технологии, интернет, мо-

1 Во литературата, јавните политики и институционалната практика не постои целосно усогласена терминологија за означување на насилството кое се извршува, овозможува или засилува со употреба на информациско-комуникациски технологии. Покрај терминот **технолошки посредувано насилство**, кој ја нагласува улогата на технологијата како средство, простор или механизам на насилство, во употреба се појавуваат и изразите **насилство посредувано преку технологија**, **дигитално насилство**, **онлајн насилство**, **сајбер насилство**, како и потесни термини како **дигитално родово засновано насилство**, **онлајн сексуално вознемирување**, **дигитално прогонување** или **злоупотреба на интимна содржина**.
Овие термини често се користат како делумни синоними, но не секогаш го опфаќаат истиот опсег на појави. Изразот „дигитално насилство" најчесто упатува на насилство што се случува во дигиталниот простор, додека „технолошки посредувано насилство" пошироко ги опфаќа и ситуациите во кои технологијата се користи за надзор, контрола, закани, дистрибуција на содржини, следење на локација или продолжување на насилството надвор од непосредниот физички контакт.
Поради тоа, во овој документ определбата за терминот „**технолошки посредувано насилство**" се заснова на потребата да се опфати поширок спектар на дејствија и контексти во кои технологијата не е само место на извршување на насилството, туку и средство за негово организирање, интензивирање и продолжено дејствување.
Истовремено, имајќи предвид дека во релевантните меѓународни документи и национални практики се користат различни изрази, во текстот може да се појавуваат и други термини кога се упатува на конкретни извори, институционални документи или специфични облици на насилство. Во таа смисла, терминолошките разлики не треба да се разбираат како суштински различни концепти, туку како одраз на развојот на областа и настојувањето попрецизно да се опишат различните облици на насилство врз жените и родово засновано насилство во дигитално и технолошки посредувано опкружување.

билни телефони, социјални мрежи, апликации за комуникација, уреди за следење, вештачка интелигенција или други современи информациско-комуникациски технологии. Овие облици вклучуваат неовластено споделување интимни содржини без согласност, уцени со интимни содржини, сајбер-прогонување, дигитална контрола во партнерски односи, доксирање, координирано онлајн вознемирување, сексуализиран говор на омраза и синтетички сексуални содржини генерирани со вештачка интелигенција.

Националните аналитички документи за ТПН за Србија, Северна Македонија, Косово*, Албанија, Босна и Херцеговина и Црна Гора, изработени во текот на подготовката на овој курикулум, укажуваат на исти обрасци во регионот: висок степен на непријавување, нееднаква примена на законите, недоволно развиени специјализирани услуги во однос на бројот и потребите на жртвите и институционални одговори кои понекогаш доведуваат до секундарна виктимизација на жените.

Податоците ги осветлуваат размерите на проблемот: според истражувањето на UN Women, секое четврто лице во Србија доживеало некој облик на родово засновано насилство извршено преку технологија, при што жените и девојчињата се несразмерно повеќе изложени; во Северна Македонија 58% од девојчињата и младите жени пријавиле изложеност на родово засновано насилство во дигиталниот простор; на Косово* 43,3% од жените доживеале технолошки посредувано насилство; во Албанија 41% од жените постари од 18 години имале такво искуство; во Босна и Херцеговина 60% од повиците до СОС линиите во анализираниот примерок биле поврзани со технолошки посредувано насилство; во Црна Гора организациите на граѓанското општество и мониторингот на јавниот простор бележат систематски напади врз политичарки, новинарки и активистки.

Овој курикулум е осмислен како практична алатка. Неговата цел не е само пренесување знаење, туку оспособување на учесничките по завршувањето на обуката да знаат како да ги препознаат облиците на ТПН, да го проценат ризикот од негово продолжување и интензивирање, безбедно да ги документираат дигиталните докази, да ја упатат жртвата кон соодветни услуги, да реагираат во итни институционални ситуации, да избегнат секундарна виктимизација и да ги користат собраните податоци за застапување на промени во законодавството, протоколите и практиката.

Како е развиен курикулумот?

Овој курикулум настана од практиката, а не од теоријата. Почетната основа не беа академски прегледи на литературата, туку националните аналитички документи кои ги подготвија истражувачки од Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово*, Албанија и Северна Македонија, секоја со познавање на институционалниот контекст, правната рамка, работата на организациите на граѓанското општество и искуствата на жените кои преживеале насилство во својата средина. Овие документи не настанаа паралелно и изолирано, туку низ дијалог во текот на целиот процес, со размена на наоди, препознавање на заеднички обрасци и согледување на специфичностите кои во една земја можат да останат невидливи без поглед однадвор.

Методологијата за развој на курикулумот е усогласена со меѓународните стандарди, пред сè со Општата препорака бр. 1 на GREVIO за дигиталната димензија на насилството, Истанбулската конвенција и Директивата на ЕУ 2024/1385. Таму каде што меѓународната рамка беше недоволно прецизна во однос на ТПН, се потпиравме на Поимникот на UNFPA за родово засновано насилство извршено преку технологија и на анализите на CDT Europe за регулаторната рамка на ЕУ, објавени во периодот декември 2025 - март 2026 година.

Резултатот што го држите во раце не е завршен документ, туку жива алатка што треба да се приспособува на локалниот контекст, да се надополнува со нови податоци и да се развива преку размена на искуства во текот на самата обука. Учесничките не се пасивни приматели на оваа содржина: тие го носат сопственото искуство од работата со преживеани, од институциите и од заедниците, и токму тоа треба да поттикне размена како дел од процесот на учење што овој курикулум има за цел да го овозможи.

Кому е наменет курикулумот и какви резултати треба да постигне?

Курикулумот првенствено е наменет за активистки и стручни лица кои работат во женски организации на граѓанското општество на просторот на Западен Балкан. Исто така, може да биде од корист за професионалци и професионалки од институциите кои постапуваат во случаи на насилство врз жените: полицијата, обвинителствата, судовите, центрите за социјална работа, здравствените установи, локалните координативни тела, училиштата и другите служби кои доаѓаат во контакт со жртвите.

По завршувањето на обуката, секоја учесничка ќе има конкретни резултати: мапа на локалните и националните механизми за упатување;[2] основна листа за проценка на дигитален и физички ризик; проценка и план на чекори за поддршка на жртвата; модел за безбедно чување и проследување на дигитални докази; и нацрт на застапувачка порака или иницијатива која организацијата може да ја развие по завршувањето на обуката.

Структура на документот

Документот е поделен на два дела. Првиот дел содржи аналитичко-компаративен курикулум: вовед и контекст (A), меѓународни стандарди (B), национални нормативни и институционални рамки (C), податоци и трендови (D), облици на ТПН и проценка на ризик (E), практики на организациите на граѓанското општество (F), кампањи и наративи (G), анализа на празнини и препораки (H) и посебно поглавје за интерните постапки на организациите (I). Вториот дел содржи четиридневна програма за обука.

Во документот се користи терминот „технолошки посредувано насилство" (ТПН), кој одговара на англискиот израз *technology-facilitated violence* (TFV). Типологијата на облиците на ТПН е заснована на Поимникот за родово засновано насилство извршено преку технологија *(UNFPA, 2022),*[3] како стандардизирана референтна рамка прилагодена на контекстот на Западен Балкан. Косово* се означува со ѕвездичка во согласност со Резолуцијата 1244 на Обединетите нации и ставот на UNMIK.[4]

Курикулумот се заснова на шест национални аналитички документи и на три анализи на CDT Europe (Center for Democracy and Technology) за регулаторната рамка на ЕУ за ТПН: *анализа за усогласување на правната рамка,*[5] *анализа за слики генерирани со вештачка интелигенција за злоупотреба* [6] *и анализа за родово засновано насилство на порнографски платформи,* објавени во периодот декември 2025 - март 2026 година.[7]

2 Механизмите за упатување во системот на заштита од насилство претставуваат мултисекторска мрежа и точно дефинирани процедури според кои државните органи (полиција, обвинителство, судови), здравствените, образовните и установите за социјална заштита постапуваат и меѓусебно разменуваат информации со цел итно запирање на насилството и обезбедување поддршка на жртвата.

3 Достапно на: https://serbia.unfpa.org/sr/publications/pojmovnik-rodno-zasnovanog-nasilja-posredstvom-tehnologije

4 For the European Union, this designation is without prejudice to positions on status and is in line with UNSCR 1244/1999 and the ICJ Opinion on the Kosovo declaration of independence. For UN Women, references to Kosovo shall be understood to be in the context of UN Security Council Resolution 1244 (1999).

5 Allen, Asha. Building an Harmonised Legal Framework to Address Tech-Facilitated Gender-Based Violence. CDT Europe, јануари 2026. https://cdt.org/wp-content/uploads/2026/01/Building-an-Harmonised-Legal-Framework-to-Address-Tech-Facilitated-Gender-Based-Violence.pdf

6 Seck, Marie i Maier, Magdalena. From Risk Mitigation to App Bans: Assessing EU Legislation Potential to Combat AI-generated Image Abuse. CDT Europe, mart 2026. https://cdt.org/wp-content/uploads/2026/03/Brief-on-Deepfakes.pdf

7 Seck, Marie (uz doprinos D. Klotsonis). Gender-Based Violence on Pornographic Platforms: A Gendered Reading of DSA Risk Assessment Reports. CDT Europe, декември2025. https://cdt.org/wp-content/uploads/2025/12/Brief-on-Porn-Platforms-RA.pdf

ДЕЛ1
КУРИКУЛУМ

Аналитичко-компаративен преглед на насилството врз жените и технолошки посредуваното насилство на Западен Балкан



A. ВОВЕД И КОНТЕКСТ

B. НОРМАТИВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА – МЕЃУНАРОДНА ДИМЕНЗИЈА

C. НОРМАТИВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА – НАЦИОНАЛНА ДИМЕНЗИЈА

D. ПОДАТОЦИ И ТРЕНДОВИ

A. ВОВЕД И КОНТЕКСТ

A.1. Родови концепти, облици на насилство и технолошки посредувано насилство како структурен проблем

Насилството врз жените е една од најтешките и најраспространетите форми на кршење на човековите права и клучен механизам со кој жените се задржуваат во подредена положба. Според Истанбулската конвенција, тоа ги опфаќа сите дејствија на родово засновано насилство што предизвикуваат физичка, сексуална, психолошка или економска штета, вклучувајќи закани, присила и лишување од слобода, како во приватниот, така и во јавниот живот.[8] Во овој прирачник, наместо изразот „насилство над жените", ќе се користи формулацијата „насилство врз жените", која постепено стана доминантна во феминистичката теорија и меѓународните правни документи, вклучително и Истанбулската конвенција. Оваа формулација појасно ја изразува родовата рамка, бидејќи насилството не е случајно насочено кон жените, туку е структурно условено од родовите нееднаквости. Таа го именува и односот, а не само самиот чин. Формулацијата „насилство над жените" е долго користена и ја опишува жената како пасивен објект: некој врши насилство над неа. Таа е дескриптивна и не кажува ништо за тоа зошто се случува насилството, кој го врши и каков однос на моќ стои зад него. Затоа е неутрална на начин што, во овој контекст, не е нужно предност, бидејќи не ја именува ниту структурата ниту причината. По-

8 Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и насилството во семејството (Истанбулска конвенција, CETS 210). Стразбург: Совет на Европа, 2011 година

ради тоа, посоодветно е да се користи изразот „насилство врз жените", кој подобро ја определува неговата родова и системска основа.[9]

Родовата нееднаквост како структурна причина за насилството: Родот се однесува на општествено конструираните улоги и норми што им се припишуваат на лицата врз основа на полот. Родовата нееднаквост подразбира нееднаква распределба на моќта, ресурсите и вредностите меѓу жените и мажите и претставува структурна причина за насилството врз жените. Родовите стереотипи го отежнуваат пријавувањето на насилството, ја намалуваат одговорноста на сторителите и создаваат клима на толеранција кон насилството. Во дигиталниот простор, овие стереотипи не само што се репродуцираат, туку дополнително се засилуваат преку алгоритми што промовираат мизогина и сексистичка содржина.[10]

Интерсекционалност: Жените се изложени на повеќекратни и преклопувачки форми на дискриминација врз основа на етничка припадност, класа, возраст, попреченост, сексуална ориентација и родов идентитет. GREVIO Општата препорака бр. 1 особено нагласува дека технолошки посредуваното насилство (ТПН) може да биде особено интензивно за жените кои се изложени на вкрстени форми на дискриминација.[11]

Во сите шест земји анализата покажа дека насилството врз жените е поврзано со историски нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите. Родот, за разлика од биолошкиот пол, ги означува општествено конструираните улоги, очекувања, норми и односи на моќ. Овие односи се репродуцираат преку семејството, образованието, медиумите, институциите, јавниот говор и дигиталните платформи. Затоа, технолошки посредуваното насилство не треба да се набљудува како изолиран „интернет-проблем", туку како дигитално продолжение на истите

9 Феминистичката теорија и меѓународните документи се определуваат за терминот **„насилство врз жените"** од неколку меѓусебно поврзани причини. Прво, „насилство врз жените" подобро ја пренесува идејата дека насилството е родово определено, односно дека не им се случува на жените само како биолошки суштества, туку на жените како општествена категорија изложена на специфични форми на доминација и контрола. Ова е суштинска разлика: насилството над жените може да се сфати како несреќен случај или појава без јасна причина, додека насилството врз жените секогаш се разбира како манифестација на нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите, како што е дефинирано во член 3(а) од Истанбулската конвенција. Второ, формулацијата „врз" семантички остава простор за субјективноста на жртвата. Жената не е само пасивен објект на насилство, туку личност кон која некој активно и намерно се однесува на насилен начин. Во феминистичките пристапи кои ја нагласуваат агенцијата на преживеаните, а не нивната виктимизација, ова има практично значење во работата со жените кои доживеале насилство. Трето, формулацијата „врз" полесно се проширува на контекстуални и системски форми на насилство кои не се ограничени само на физичко насилство, како што се институционалното насилство, економското насилство и симболичкото насилство, бидејќи овие форми не секогаш имаат јасно видлив сторител кој директно дејствува против жртвата, но сепак постои системска насоченост кон жените како група. Сепак, активистичкото движење не е целосно единствено по ова прашање во секојдневната употреба на термините. Многу активистки, особено од постарите генерации, продолжуваат да го користат изразот „насилство над жените" како формулација која е поразбирлива за поширокаата јавност и која носи значење изградено низ децении јавен дискурс. Трет пристап во феминистичката теорија, особено под влијание на интерсекционалната анализа, предупредува дека и двете формулации можат да бидат ограничени доколку кон жените се пристапува како кон хомогена група. Терминот „насилство врз жените" како општа категорија може да ги замагли разликите во искуствата на Ромките, жените со попреченост, лезбејките и трансродовите жени, кои можат да доживуваат насилство на пресекот меѓу родот и други форми на дискриминација. Од оваа перспектива, не е доволно само да се каже „над" или „врз", туку потребно е да се зборува за „насилство врз жените и девојчињата во сета нивна различност", формулација која сè почесто се појавува во документите на Обединетите нации по 2015 година. Формулацијата „насилство над жените" се појавува во цитати од постари документи или закони, што претставува терминолошка разлика без вредносен суд, бидејќи и двата изрази имаат легитимна употреба во различни контексти.

10 Истанбулска конвенција, 2011; Миливојевиќ, Анѓела. 2024. *Родово засновано дигитално насилство во Србија: преглед на трендови*. Белград: SHARE Фондација.

11 GREVIO, *General Recommendation No. 1 on the digital dimension of violence against women*, Council of Europe, Strasbourg, 2021, усвоена на 20 октомври 2021 година.

обрасци на контрола, понижување, сексуализација и исклучување на жените од јавниот и приватниот живот. Податоците покажуваат дека во сите шест земји родовите стереотипи играат централна улога во нормализирањето на насилството и отежнувањето на неговото пријавување. Во Србија, родовите стереотипи го отежнуваат пријавувањето на насилството, ја намалуваат одговорноста на сторителите и создаваат клима на толеранција, а во дигиталниот простор истите стереотипи се засилуваат преку алгоритмите и содржините што ја нормализираат мизогинијата и сексуализираното насилство.

Во Северна Македонија, родовите стереотипи ја оправдуваат машката контрола врз жените и го претставуваат насилството како „приватна работа", а истражувањата укажуваат дека онлајн заканите, омаловажувањето и сексуализираните напади често продолжуваат и по прекинот на партнерскиот однос; Во Косово* општеството негува патријархални норми, концепт на „семејна чест", како и документирани практики на „помирување" кои му даваат предност на единството на семејството пред безбедноста на жртвата. Економската зависност и стравот од стигма влијаат врз непријавувањето на насилството, додека жените од малцинските заедници дополнително се соочуваат со јазични бариери и ограничен пристап до услуги; Во Албанија, присутна е култура на обвинување на жртвата, а стигмата и зависноста од локалните капацитети влијаат врз тоа жените да не добиваат еднаква и доследна заштита. Технолошки посредуваното насилство е тесно поврзано со насилството во партнерските односи, уцените со интимни содржини и нападите врз угледот на жртвата; Во Босна и Херцеговина, општеството и понатаму е обележано со длабоко вкоренети патријархални норми, економска зависност на жените и институционална фрагментација. Случајот со пренесувањето во живо на фемицидот преку Инстаграм во Градачац покажува како онлајн просторот може да стане дел од ескалацијата на насилството и јавната виктимизација; Истовремено, во Црна Гора, како мало и силно поврзано општество, онлајн нападите лесно преминуваат во професионална и приватна стигматизација. Мониторингот на организациите на граѓанското општество покажува дека политичарките, новинарките и активистките се изложени на мизогин говор на омраза, сексуализирани навреди, координирани кампањи и притисок да се повлечат од јавниот простор.

Регионалната анализа на содржина на BIRN[12] на платформата TikTok во осум балкански земји документирала присуство на мизогина и насилна содржина што го нормализира родово заснованото насилство. Овој наод е значаен за курикулумот бидејќи покажува дека платформите не се неутрален простор: начинот на дистрибуција на содржините, алгоритамското промовирање и бавниот одговор на пријавите можат дополнително да ја засилат штетата.

12 Достапно на: https://balkaninsight.com/2024/03/06/tiktok-used-across-balkans-to-slutshame-women-and-girls/bi/

A.2. Распространетост на насилството врз жените: компаративен преглед на шест земји

Истражувањата за учестеноста на насилството/преваленцијата, иако се методолошки неспоредливи, покажуваат заеднички образец на висока распространетост на насилството во целиот регион.

Во Босна и Херцеговина, студијата од 2013 година утврдила дека речиси секоја втора жена доживеала некој облик на насилство по навршувањето на 15-годишна возраст.[13] Истражувањето на OEBS од 2019 година покажува дека 48% од жените во опфатените земји во текот на животот доживеале некој облик на насилство, додека 19% пријавиле дека доживеале насилство во текот на последната година.[14] ТПН во Босна и Херцеговина доби поширок фокус по пандемијата на COVID-19, но сеопфатни национални податоци за преваленцата сè уште не постојат. Во Албанија, националното истражување од 2018 година (примерок од 3.443 жени) покажува дека 52,9% од жените доживеале најмалку еден облик на насилство во текот на животот, 47% доживеале насилство од интимен партнер, 18,1% сексуално вознемирување, а 12,6% прогонување (следење/демнење).[15] Според податоците на UN Women за 2025 година, 41% од жените постари од 18 години искусиле најмалку еден облик на технолошки посредувано насилство (ТПН), а најизложени се младите жени на возраст од 18 до 24 години.[16] Во Северна Македонија, 45% од жените доживеале партнерско насилство по навршување на 15-годишна возраст; од нив, 45% биле злоупотребувани и преку технологија, а 48% пријавуваат дека злоупотребата продолжила и по прекинот на врската. Дополнително, 58% од девојчињата и младите жени наведуваат изложеност на родово засновано насилство во дигиталниот простор, а 47% од нив се соочиле со закани за физичко или сексуално насилство.[17] Во Црна Гора, секоја петта жена доживеала некој облик на насилство (OEBS, 2025)[18], додека Националната стратегија за родова рамноправност 2025–2029 наведува дека родово заснованото насилство погодува една од четири жени.[19] Црна Гора е единствената земја во регионот без квантифицирана национална стапка на ТПН, па се потпира на квалитативниот мониторинг на CeMI и Граѓанската алијанса. На Косово* жените сочинуваат 80-85% од жртвите на насилство, сторителите се мажи во повеќе од 90% од случаите; 43,3%

13 Достапно на: https://secons.net/publikacija/rasprostranjenost-i-karakteristike-nasilja-nad-zenama-u-bosni-i-hercegovini/
14 Достапно на: https://www.osce.org/secretariat/423470
15 Достапно на: https://eca.unwomen.org/en/news/stories/2019/05/new-survey-reveals-violence-against-women-occurs-widely-in-albania
16 Достапно на: https://unstats.un.org/sdgs/gender-snapshot/2025/GenderSnapshot2025.pdf
17 Достапно на: https://www.osce.org/secretariat/419264
18 Достапно на: https://montenegro.osce.org/sites/default/files/f/documents/e/f/602429.pdf
19 Достапно на: https://wapi.gov.me/download/4f708a54-eb1d-4c81-9641-8c7abc34abac?version=1.0

од жените доживеале ТПН, а 40% од младите жени наведуваат онлајн вознемирување.[20] Анкета за насилството врз жените во Србија, спроведена во 2018 година (OEBS 2018)[21], покажа висока зачестеност на различни облици на насилство: 62% од жените доживеале некој облик на родово засновано насилство по навршување на 15-годишна возраст, 42% сексуално вознемирување, 22% физичко и/или сексуално насилство во партнерскиот однос или надвор од него, а 11% од жените биле жртви на прогонување.

Кога станува збор за партнерското насилство, податоците покажале дека 45% од анкетираните жени кои биле во партнерски однос доживеале насилство од партнерот по навршување на 15-годишна возраст, од кои 44% психолошко, 17% физичко и 5% сексуално партнерско насилство. Насилството предизвикало физичко страдање кај жените во најмалку 46% од случаите, а психичко страдање во најмалку 69% од случаите. Жените чии партнери биле зависни од алкохол биле многу почесто изложени на насилство, што се одразило и врз нивното ментално здравје.[22] На прогонување била изложена секоја десетта жена, што претставува пониска стапка во споредба со соседните земји, главно или во голема мера поради методолошките разлики.[23] Поновите истражувања покажуваат поширока слика: според ATINA (2025, n=1.002), секое четврто лице во Србија било жртва на дигитално насилство (43% од жените помлади од 30 години)[24] додека истражувањето „Пред екранот" (ATINA, 2022) утврдило дека 53,2% од девојките на возраст од 18-19 години доживеале дигитално насилство или познаваат врсничка која го преживеала. Секоја четврта личност во Србија имала искуство со дигитално насилство, а дури 30% од жените наведуваат дека биле изложени на некој од неговите облици. Сепак, само три проценти од жртвите се обраќаат до институциите. Овие податоци јасно покажуваат дека дигиталното насилство врз жените не е исклучок, туку воспоставен образец.

Заеднички наод за сите шест земји е дека ТПН не е изолиран феномен, туку продолжување и засилување на постојните обрасци на партнерско и семејно насилство, што го потврдува и наодот на UN Women дека онлајн злоупотребата може да ескалира во офлајн насилство.[25] Најтешкиот исход од ова насилство е фемицидот: во Србија биле убиени 406 жени во периодот од 2011 до 2023 година (28 фемициди во 2023);[26] во Босна и Херцеговина 35 жени во периодот 2023-2024, со просек од

20 Достапно на: https://legalpoliticalstudies.org/wp-content/uploads/2026/03/Gender-based-violence_ENG_02.pdf
21 Достапно на: https://www.osce.org/sr/node/419750
22 Dostanic, N., Djikanovic, B., Jovanovic, M. et al. (2021) The Association Between Family Violence, Depression and Anxiety Among Women Whose Partners Have Been Treated for Alcohol Dependence. *Journal of Family Violence.*
23 Достапно на: https://www.osce.org/sr/node/419750
24 Достапно на: http://www.atina.org.rs/sites/default/files/Ne%20lajkuj%20nasilje.pdf
25 Достапно на: https://serbia.unfpa.org/sites/default/files/pub-pdf/ispred_ekrana_sa_koricom_1.pdf
26 Достапно на: https://www.unwomen.org/en/news-stories/feature-story/2025/11/digital-violence-is-real-violence-one-activists-fight-for-safety-and-human-rights

пет убиства годишно само на подрачјето на Република Српска (2014-2024); во Албанија Народниот правобранител бележи 32 убиени жени и девојчиња во периодот 2021-2023, од кои 24 случаи ги исполнуваат критериумите за фемицид;[27] во Црна Гора 27 жени биле убиени во последните десет години, со пет фемициди само во 2025 година; на Косово* се проценува дека се случуваат од 3 до 5 фемициди годишно. Северна Македонија спаѓа меѓу земјите со највисока стапка на убиства на жени во Европа во однос на бројот на жени. Поради недостатокот на правна рамка, не е познато колку од нив се жртви на фемицид. Во периодот од 2021 до 2025 година биле убиени 26 жени. Од 2023 година до ноември 2025 година биле убиени 18 жени и две девојчиња.[28]

A.3. Специјализирани услуги на поддршка: компаративен преглед на капацитетите

Капацитетите на специјализираните услуги за поддршка на жените кои преживеале насилство значително се разликуваат меѓу земјите во регионот. Босна и Херцеговина има осум сигурни куќи (179 кревети: 126 во ФБиХ, останатите во РС) и две СОС линии (1265 ФБиХ, 1264 РС),[29] но не го достигнува стандардот на Советот на Европа од едно семејно место на 10.000 жители [30], ниту има специјализирани услуги за жртви на сексуално насилство.[31] Услугите се обезбедуваат за преживеаните на сите облици на насилство, вклучително и ТПН.

Црна Гора има шест лиценцирани прифатилишта (77 места) и една национална СОС линија (ја води СОС телефонот Никшиќ, со околу 2.300-2.400 повици годишно), а услугите се обезбедуваат за жени со искуство на сите облици на насилство, што го вклучува и ТПН. Специјализираната поддршка во најголем дел зависи од проектното финансирање на организациите на граѓанското општество.[32] На Косово* постојат засолништа, но тие зависат од нестабилно финансирање и немаат доволно капацитети за долгорочна рехабилитација; центрите за социјална работа се соочуваат со недостиг на ресурси и специјализирана обука.[33]

На Косово* постои развиена мрежа на женски организации кои обезбедуваат специјализирани услуги за жени и девојчиња кои преживеале родово засновано насилство. Поголемиот дел од овие организации се обединети во рамките на Kosovo Women›s Network (KWN), која прет-

27 Достапно на: https://www.womenngo.org.rs/femicid-memorijal
28 Достапно на: https://citizens.al/bs/2024/12/10/raporti-32-gra-u-vrane-tre-vitet-e-fundit-ne-shqiperi/
29 Закон за заштита од насилство во семејството и насилство врз жените во ФБиХ (Сл. новини на ФБиХ 19/2025), член 71
30 Програма за поддршка на жртвите во сигурните куќи во БиХ – опис на услугите.
31 Програма за поддршка на жртвите во сигурните куќи во БиХ – опис на услугите.
32 Достапно на: https://sosnk.org/
33 OSCE. Report on Shelters for Victims of Domestic Violence in Kosovo. https://omik.osce.org/sites/default/files/Report%20on%20Shelters%20for%20victims%20of%20domestic%20violence%20in%20Kosovo_eng.pdf

ставува клучна платформа за координација, застапување и унапредување на квалитетот на услугите за поддршка на жртвите на насилство.

Во Северна Македонија се достапни специјализирани сервиси за жени жртви на родово базирано и семејно насилство, вклучително и Националната бесплатна мобилна СОС-линија при Сојуз – Национален совет за родова рамноправност. Според последните јавно достапни ревизорски податоци, во државата се воспоставени 10 засолништа и 4 кризни центри за краткорочно сместување, управувани преку центрите за социјална работа и од граѓански организации. Вкупниот евидентиран капацитет изнесува 67 легла, од кои 48 во државниот систем и 19 во НВО-секторот.[34]

Албанија ги прошири координираните механизми за упатување (CRM) на сите 61 општина и бесплатната правна помош (EFLAS: 17.850 корисници, од кои 9.785 жени и девојчиња),[35] но GREVIO предупредува дека пристапот до специјализираните услуги често е условен со поднесување кривична пријава.[36] Во Албанија постои развиена мрежа на женски организации кои обезбедуваат специјализирани услуги за жени и девојчиња кои преживеале родово засновано насилство, што го вклучува и ТПН. Најголем број организации се обединети во Albanian Women›s Empowerment Network (AWEN), која претставува клучна платформа за соработка, застапување и унапредување на квалитетот на услугите за поддршка на жртвите на насилство.

Во Србија постојат 13 оперативни прифатилишта, од кои само седум се лиценцирани. Според истражување од 2023 година, на територијата на Србија биле достапни вкупно 190 легла, што е околу 74% помалку од препорачаниот минимум според стандардот на Советот на Европа. Најмалку девет управни окрузи немаат сигурна куќа, што ги става жените од оддалечените или руралните средини во особено неповолна положба. Повеќе од 25 женски организации, организирани во две мрежи, Мрежа СОС Војводина и Мрежа Жени против насилство,[37] обезбедуваат услуги на СОС телефон за жени жртви на насилство. Услугите се обезбедуваат за преживеаните на сите облици на насилство, вклучително и ТПН. Центри за жртви на сексуално насилство постојат при четири општи болници во Кикинда, Зрењанин, Врбас и Сремска Митровица, како и при Клиниката за гинекологија и акушерство при Универзитетскиот клинички центар на Војводина во Нови Сад.[38]

34 GREVIO 2025 (GREVIO(2025)3.
35 United Nations in Albania. End Violence Against Women in Albania (EVAW) – Joint Programme, ажурирано 2024-2025.
36 Достапно на: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/-/grevio-publishes-its-first-thematic-report-on-albania
37 Достапно на: https://rm.coe.int/first-thematic-evaluation-report-building-trust-by-delivering-support-/4880289a48
38 Достапно на: https://www.cpz.rs/service/centar-za-zrtve-seksualnog-nasilja/

A.4. Интерсекционалност и групи со дополнителни бариери

Насилството не ги погодува сите жени на ист начин. Технолошки посредуваното насилство особено ги погодува жените кои веќе се изложени на вкрстени облици на дискриминација, бидејќи ги зголемува постојните пречки од физичкиот простор и додава нови, специфични за дигиталното опкружување.

Во сите земји особено се изложени жените кои живеат во сиромаштија, жените од рурални средини, Ромките, жените со попреченост, жените од малцински заедници, девојчињата и младите жени, постарите жени, жените со различна сексуална ориентација или родов идентитет, мигрантките, жените без пристап до сопствени уреди или интернет, како и жените кои се јавно активни, новинарките, политичарките, бранителките на човековите права, активистките и претставничките на организациите на граѓанското општество.

За жените од малцински заедници, Ромките и жените со попреченост, недостатокот на пристап до интернет, дигитална писменост или уреди значи дека механизмите за заштита, пријавувањето преку платформи, документирањето докази или користењето дигитални алатки остануваат недостапни токму за оние на кои им се најпотребни.

Економската зависност, карактеристична за жените од рурални средини и жените кои не се вработени, се користи како средство за дигитална контрола: сторителот може да ги надгледува финансиските сметки, да го блокира пристапот до банкарски апликации или да ја следи локацијата преку заеднички уреди, со што се отстранува можноста за дискретно барање помош.

ТПН истовремено ги брише границите меѓу приватниот и јавниот простор на начин на кој физичкото насилство не може. За жените во мали, цврсто поврзани заедници, што е случај во сите шест земји во регионот, една објавена снимка, лажен профил или кампања на јавно посрамување може за неколку часа да стигне до семејството, работодавачот, соседите или училиштето и децата.

За младите жени и девојчињата, кои се подигитално активни, но помалку опремени да ги препознаат обрасците на манипулација и контрола, оваа видливост станува инструмент на трајна психолошка штета која се протега многу подалеку од периодот на траење на насилниот однос.

Целта на координираните дигитални напади врз новинарките, активистките и жените во јавниот живот не е само нанесување индивидуална

штета, туку и исклучување на жените од јавниот простор во целина, со што се нанесува штета и на демократијата и на слободата на говорот, а не само на конкретната жена.

Конечно, институционалниот систем за заштита кој функционира лошо и за просечната жртва на ТПН, за жените со повеќекратни ранливости функционира уште полошо или воопшто не функционира. Полициски службеник кој не ги разбира дигиталните докази уште потешко го разбира искуството на Ромка без документи или жена со попреченост на која сторителот ѝ е единственото лице што ѝ обезбедува физичка помош.

Во Србија, истражувањата и мониторингот на организациите на граѓанското општество укажуваат дека девојките и младите жени имаат зголемен ризик од сексуализирани онлајн коментари, уцени и споделување интимни содржини. Жените во постапките за старателство можат да доживеат институциите да го минимизираат насилството, особено кога дигиталната контрола се прикажува како семеен конфликт".[39] Во Северна Македонија, ранливоста е особено изразена кај девојчињата и младите жени на возраст од 14-16 години, како и кај жените кои веќе се изложени на партнерско насилство, бидејќи дигиталната контрола и злоупотребата често продолжуваат и по прекинот на врската.[40] Жените од малцинските заедници на Косово* често имаат ограничен пристап до информации и услуги на мајчин јазик, што ја зголемува зависноста од семејството и го отежнува пријавувањето.[41] Економската зависност дополнително ја намалува можноста за излез од насилниот однос. Ромките, жените со попреченост, жените од рурални средини и младите жени во Албанија се соочуваат со повеќекратни пречки: стигма, економска зависност, недоволна достапност на специјализирани услуги и слаба поддршка за собирање дигитални докази.[42] Во Босна и Херцеговина, жените во помалите средини и економски зависните жени често остануваат во насилни односи поради страв за децата, стигма и недоверба во институциите.[43] Фрагментираниот систем дополнително го отежнува пристапот до еднаква заштита, додека во Црна Гора малите заедници ги засилуваат последиците од онлајн насилството, бидејќи дигиталниот срам брзо се пренесува во семејниот, професионалниот и локалниот простор. Младите жени, жените од рурални средини и жените кои јавно се изразуваат се изложени на поголем ризик од јавно стигматизирање.[44]

39 Достапно на: http://www.atina.org.rs/sr/odgovor-na-sve-u%C4%8Destalije-digitalno-nasilje-nad-%C5%BEenama-i-devoj%C4%8Dicama

40 Достапно на: https://www.balcanicaucaso.org/bchs/cp_article/makedonija-nasilje-kod-kuce/

41 Достапно на: https://acdc-kosovo.org/publikacije/pub_1744778448.pdf

42 Достапно на: https://www.diiproject.net/fileadmin/albania_policy_brief_eng_new.pdf

43 Достапно на: https://www.klix.ba/vijesti/bih/svaka-druga-zena-u-bih-bila-je-izlozena-nekoj-vrsti-nasilja/171202026

44 Достапно на: https://cemi.org.me/me/post/informativni-vodic-za-zastitu-od-digitalnog-rodno-zasnovanog-nasilja-931

A.5. ТПН и континуум на родово засновано насилство

И покрај овие разлики, заедничкиот наод на сите шест национални аналитички документи е дека ТПН не е одвоен проблем од „класичното" насилство. Феминистичката теорија овој однос го опишува со поимот континуум на насилство,[45] додека Истанбулската конвенција го разбира насилството врз жените како структурен облик на родово засновано насилство и дискриминација, заснован на нееднакви односи на моќ меѓу жените и мажите.

ТПН е дигитална димензија на тој континуум: дигиталната контрола, следењето на локацијата, надзорот врз пораките, заканите со објавување интимни содржини, лажните профили и координираното вознемирување се дел од истиот образец на присила кој се појавува во партнерскиот, семејниот и јавниот простор. Ова го потврдуваат конкретни податоци од различни земји: во Северна Македонија, 45% од жените кои доживеале партнерско насилство истовремено биле изложени на злоупотреба преку технологија, а 48% пријавуваат дека злоупотребата продолжила и по прекинот на врската[46]; во Босна и Херцеговина, студиите на UN, CE и други меѓународни организации документираат дека заканите преку пораки и објавувањето приватни податоци редовно се надоврзуваат на постојното партнерско или семејно насилство;[47] во Албанија и Црна Гора, националните документи го опишуваат ТПН како тесно поврзано со офлајн контрола и уцена, при што облиците на прогонување и надзор во Црна Гора претходеле на тешки облици на физичко насилство [48]. Во Србија[49] и на Косово*[50] дигиталното насилство во институционалната практика сè уште често се третира како изолиран инцидент, што е еден од клучните системски проблеми кои овој курикулум настојува да ги надмине.

Клучниот проблем не е технички, туку родов. Кога институциите го третираат ТПН како прашање на сајбер безбедност или кривично право, наместо како облик на родово засновано насилство, тие истовремено губат од вид три работи: образецот на контрола кој му претходи на физичкото насилство или го следи; несразмерното влијание врз жените и девојчињата, кое не е случајно туку структурно; и фактот дека дигиталните алатки не се причина за насилството, туку средство преку кое насилството се извршува, засилува и продолжува.

45 Kelly, L. (1988). Surviving Sexual Violence. Cambridge: Polity Press; Council of Europe. (2011). Explanatory Report to the Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, paras. 25, 43-44

46 Достапно на: https://eskup.kpu.edu.rs/dar/article/view/692

47 Достапно на: https://atlantskainicijativa.org/wp-content/uploads/Ponovno-citanje-i-analiza-presuda-nasilja-u-porodici-u-Bosni-i-Hercegovini-primjer-2.pdf

48 Достапно на: https://media.cgo-cce.org/2014/12/cgo-cce-sos-berane_informator.pdf

49 Достапно на: https://www.unicef.org/serbia/publikacije/digitalno-nasilje-u-srbiji

50 Достапно на: https://kossev.info/najnovije-vesti-digitalno-nasilje-izlozenost-nasilniku-bez-predaha

Последицата секогаш е иста: институционалниот одговор останува фрагментиран и нецелосен, жртвата мора повторно да докажува врски меѓу дигиталните и физичките облици на насилство на кои е изложена, а сторителот останува невидлив сè додека насилството не ескалира во облик кој системот го препознава.

B. НОРМАТИВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА - МЕЃУНАРОДНА ДИМЕНЗИЈА

B.1 Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и насилството во семејството, Општата препорака на GREVIO број 1, CEDAW и Директивата на Европската унија 2024/1385.

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и насилството во семејството,[51] позната како Истанбулска конвенција, претставува најсеопфатен регионален меѓународен инструмент за заштита на жените од насилство. Конвенцијата се заснова на четири столба: превенција, заштита и поддршка, кривично гонење и интегрирани политики.

Државите кои ја ратификувале се должни да донесат/изменат закони, да обезбедат услуги, институционални процедури, обуки и систем за собирање податоци кои овозможуваат вистинска, а не само формална заштита.

GREVIO, Групата експерти на Советот на Европа за борба против насилството врз жените и насилството во семејството, го следи спроведувањето на Истанбулската конвенција. Општата препорака GREVIO број 1[52] од 2021 година и особено се занимава со дигиталната димен-

51 Достапно на: https://www.potpisujem.org/cg/Konvencija-CG.pdf

52 GREVIO, *General Recommendation No. 1 on the digital dimension of violence against women*, Council of Europe, Strasbourg, 2021, усвоена на 20 октомври 2021 година.

зија на насилството врз жените. Од државите се бара да ја препознаат дигиталната димензија на насилството како дел од родово засновано насилство, да ги криминализираат релевантните облици на насилство, да обезбедат итни и делотворни мерки за заштита во дигиталниот простор, да развијат протоколи за дигитални докази, да ги обучат полицијата, обвинителството, судовите, центрите за социјална работа и здравствените служби, да соработуваат со дигиталните платформи и да обезбедат пристап до поддршка без условување со поднесување кривична пријава.

Србија (2013), Северна Македонија (2018), Албанија (2013), Босна и Херцеговина (2013) и Црна Гора (2013) ја ратификувале Истанбулската конвенција. Косово* во 2020 година директно ја вгради Истанбулската конвенција во својот Устав, што претставува единствен чекор во регионот.

Во сите национални анализи, сепак, се истакнува јазот меѓу формалната усогласеност и реалната примена: мерките за заштита не се применуваат подеднакво, специјализираните услуги не се доволно финансирани, а технолошки посредуваното насилство не е системски препознаено.

Конвенцијата на Обединетите нации за елиминирање на сите облици на дискриминација врз жените, позната како CEDAW,[53] и препораките на Комитетот за елиминација на дискриминацијата врз жените дополнително ги обврзуваат државите да спречуваат дискриминација и родово засновано насилство, вклучително и дигиталните облици.

Во заклучните согледувања за земјите од Западен Балкан, Комитетот CEDAW укажува на поврзани недостатоци во областа на собирањето раздвоени податоци, достапноста на специјализирани услуги за поддршка и делотворноста на мерките за заштита, додека Општата препорака бр. 35 дава општ стандард за препознавање на родово засновано насилство во технолошки посредувани и дигитални опкружувања.[54]

Директивата (ЕУ) 2024/1385 за сузбивање на насилството врз жените и насилството во семејството,[55] усвоена во април 2024 година, ги обврзува државите членки на Европската унија да го криминализираат неовластеното споделување сексуални содржини (член 5), сајбер-прогонувањето (член 8) и сајбер-вознемирувањето (член 9).

53 Достапно на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-elimination-all-forms-discrimination-against-women

54 CEDAW Committee, *General recommendation No. 35 on gender-based violence against women, updating general recommendation No. 19*, CEDAW/C/GC/35, 26 July 2017, paras. 20, 34(b); CEDAW Committee, *Concluding observations on the fifth periodic report of Albania*, CEDAW/C/ALB/CO/5, 14 November 2023, paras. 23–24; CEDAW Committee, *Concluding observations on the sixth periodic report of Bosnia and Herzegovina*, CEDAW/C/BIH/CO/6, 12 November 2019, paras. 23-26; CEDAW Committee, *Concluding observations on the third periodic report of Montenegro*, CEDAW/C/MNE/CO/3, 6 June 2024, paras. 25-26, 49-50; CEDAW Committee, *Concluding observations on the sixth periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia*, CEDAW/C/MKD/CO/6, 14 November 2018, paras. 22(d), 23–24; CEDAW Committee, *Concluding observations on the fourth periodic report of Serbia*, CEDAW/C/SRB/CO/4, 14 March 2019, paras. 23–24.

55 Достапно на: https://ius.bg.ac.rs/wp-content/uploads/2025/02/DIREKTIVA-EU-2024-1385-EVROPSKOG-PARLAMENTA-I-SAVETA.pdf

Иако Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Албанија и Косово* не се членки на Европската унија, сите се поттикнати да ги усогласат своите стандарди со Директивата во процесот на европска интеграција, имајќи предвид дека официјално се земји кандидатки за членство во Европската унија (освен Косово* кое е потенцијален кандидат).

Во Босна и Херцеговина, ТПН пред сè е изречно регулирано преку кривичните закони на Федерацијата Босна и Херцеговина, Република Српска и Брчко Дистриктот на БиХ, а во помал обем и преку Законот за заштита од насилство во семејството и насилство врз жените во Федерацијата БиХ.

Кривично-правната заштита е најзначајниот облик на заштита од насилство врз жените и родово засновано насилство во рамките на БиХ и во значителна мера, иако не целосно, е усогласена на различни нивоа на одговор на кривично-правниот систем, особено на ниво на Федерацијата БиХ, Република Српска и Брчко Дистриктот на БиХ).[56] Црна Гора на крајот на 2023 година воведе кривични дела кои делумно одговараат на Директивата. Србија, спротивно на тоа, останува речиси единствената држава во регионот без посебно кривично дело за овие облици на насилство, и покрај обврската за усогласување како кандидат за членство во Европската унија.

Пресудата Бутуруга против Романија (Европски суд за човекови права, 2021) е првиот експлицитен судски преседан за технолошки посредувано насилство во рамките на Европската конвенција за човекови права и утврдува дека Романија ги прекршила членовите 3 и 8 од Конвенцијата поради пропустот да го истражи сајбер-прогонувањето кое му претходело на физичкото насилство.

Овој преседан е директно применлив во сите шест држави од регионот, имајќи предвид дека сите се потписнички на Конвенцијата (Косово* преку уставна инкорпорација) и ги поддржува аргументите за криминализација на stalkerware и дигиталната контрола како облици на насилство, а не само како прашања поврзани со приватноста.

Ова е особено релевантно за Србија и Босна и Херцеговина, каде што националните документи експлицитно препорачуваат негово користење во застапувањето за измени на законодавството.[57]

56 Кривичен законик на ФБиХ – релевантни одредби: член 166а (фемицид), членови 171, 172, 173 (родово засновано насилство), член 179а (прогонување), член 181б (психичко насилство), членови 188, 189, 189а (злоупотреба на снимки), членови 203, 203а, 208 и член 397.

57 Европски суд за човекови права. Buturugă против Романија, App. No. 56867/15, пресуда од 11 февруари 2020 год.

C. НОРМАТИВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА – НАЦИОНАЛНА ДИМЕНЗИЈА

C.1. Zakoni, institucije i jaz između prava i prakse

Пред да се пристапи кон деталниот преглед на секоја од шесте држави, корисно е да се сумираат заедничките обрасци кои се присутни во регионот кога станува збор за технолошки посредуваното насилство.

Прво, ниту една од шесте држави сè уште целосно не ги препознава опасностите од технолошки посредуваното насилство, не ги издвојува како посебна категорија/глава/кривични дела во законите и како сериозен општествен проблем во јавните политики за унапредување на заштитата, безбедноста и правата на граѓаните. Посебната ранливост на жените и девојчињата пред ризиците од ТПН останува невидлива.

Второ, Кривичниот закон на Федерацијата Босна и Херцеговина сега има член 166а „Тешко убиство на женско лице", кој пропишува дека оној што ќе изврши родово засновано убиство на женско лице ќе се казни со затворска казна од најмалку 10 години или со долготраен затвор. Законот дополнително ги наведува околностите кои укажуваат на родово засновано насилство, вклучително и претходна злоупотреба, однос на подреденост/зависност, сексуално насилство или односи кои ги стават жените во нерамноправна положба.

Кривично-правната заштита од неовластено изработување, изменување и споделување интимна, односно сексуално експлицитна содржина во Босна и Херцеговина не е еднакво регулирана на сите нивоа на

кривичното законодавство. Кривичниот закон на Федерацијата Босна и Херцеговина, Кривичниот законик на Република Српска и Кривичниот закон на Брчко Дистриктот на БиХ содржат посебни кривични дела кои опфаќаат неовластено ставање на располагање интимни/сексуално експлицитни снимки на трети лица, како и изработка на нова или изменување на постојна снимка/фотографија и нејзино користење како вистинска, што е релевантно за т.н. deepfake содржини.

Спротивно на тоа, Кривичниот закон на БиХ на државно ниво не содржи посебно општо кривично дело од овој вид, туку само поединечни сродни инкриминации со ограничен опфат, кои систематски не го опфаќаат неовластеното споделување интимни содржини и дигитално манипулирани сексуализирани содржини.

Северна Македонија во 2023 година воведе квалификуван облик на убиство кој опфаќа лишување од живот на жена или девојче во контекст на родово засновано насилство.

Трето, Србија останува единствената држава без ниту едно посебно кривично дело за споделување интимни содржини без согласност, додека Црна Гора и Северна Македонија имаат делумни решенија (усвоени во 2023 година) кои не ги опфаќаат deepfake содржините.

Четврто, правната неусогласеност е особено изразена во Босна и Херцеговина, каде што четири нивоа на законодавство (државно, Федерација БиХ, Република Српска, Брчко Дистрикт БиХ) применуваат различни стандарди во рамките на истата држава.

Петто, само Косово* ја вгради Истанбулската конвенција директно во Уставот, додека останатите пет држави ја применуваат Конвенцијата преку редовна ратификација.

Следува детален преглед на националното законодавство на секоја од шесте држави, организиран како референтен материјал за учесниците на обуката кои работат во конкретна држава или сакаат да ги споредат специфичните правни решенија.

Србија: правна рамка за заштита од технолошки посредувано насилство

Србија има релативно развиена нормативна рамка за заштита на жените од насилство. Меѓу формално признаените права и реалната достапност на заштита и поддршка за преживеаните на насилство и понатаму постои значителен јаз.

Неусогласеноста на дефиницијата за силување во *Кривичниот законик на Република Србија*[58] со стандардот на отсуство на слободно дадена согласност има значење и за разбирањето на сексуалното насилство кое се врши преку дигитални технологии. Во дигиталното опкружување, сексуалното насилство често не се заснова на непосредна физичка сила, туку на присила, уцена, закана со објавување интимни фотографии или снимки, злоупотреба на довербата, контрола и други облици на психолошки притисок.

Поради тоа, правната рамка која сексуалното насилство првенствено го поврзува со сила или квалификувана закана може да го отежне препознавањето и соодветното процесирање на ситуации во кои сексуалното дејствие или создавањето/испраќањето интимна содржина е последица на притисок, страв или манипулација, а не на слободно изразена волја на жртвата.

Ова е особено важно во случаи на т.н. дигитална сексуална уцена, закани со објавување интимни содржини, присилување на испраќање сексуализирани фотографии или снимки, како и други облици на технолошки посредувано сексуално насилство. Иако одредени аспекти на овие дејствија можат да се подведат под други кривични дела, како што се полово вознемирување, прогонување, неовластено фотографирање или неовластено објавување и прикажување туѓа снимка, отсуството на јасен стандард на согласност во дефиницијата за силување и сексуално насилство придонесува за фрагментиран одговор на системот и ризик дигиталната димензија на сексуалното насилство да се набљудува како прашање на приватност, чест или углед, а не како повреда на половата слобода и телесната/сексуалната автономија на жртвата.

Технолошки посредуваното насилство врз жените сè уште не е целосно уредено како посебна и заокружена област. Постојните одредби од Кривичниот законик можат да се применат на одредени облици на дигитално насилство, но често се користат посредно и не ги опфаќаат секогаш сите штетни дејствија.

Ова особено се однесува на неовластеното споделување интимни содржини, заканите со објавување такви содржини, сексуализираното дигитално вознемирување и изработката или дистрибуцијата на лажни, односно deepfake, интимни снимки. Кривичниот законик содржи повеќе кривични дела кои можат да бидат релевантни за родово засновано насилство и технолошки посредувано насилство. Меѓу нив се *насилство во семејството од член 194, загрозување на сигурноста од член 138, прогонување од член 138а, неовластено фотографирање од*

58 Достапно на: https://www.paragraf.rs/propisi/krivicni-zakonik-2019.html

член 144, неовластено објавување и прикажување туѓ спис, портрет и снимка од член 145, неовластено собирање лични податоци од член 146, навреда од член 170, силување од член 178, полово вознемирување од член 182а, како и кривичните дела поврзани со порнографски материјал и искористување на малолетни лица. Значење можат да имаат и одредбите за расна и друга дискриминација, особено кога дигиталната содржина поттикнува омраза, насилство или дискриминација врз основа на лично својство. *Загрозувањето на сигурноста* опфаќа закани со напад врз животот или телото на некое лице или на нему блиско лице. Таквите закани можат да бидат упатени усно, писмено или преку социјални мрежи, апликации за размена на пораки и други дигитални канали.

При проценката за постоење на ова кривично дело се земаат предвид содржината на пораката, околностите во кои е упатена, односот меѓу сторителот и оштетеното лице, како и последиците што заканата ги предизвикала. *Прогонувањето* подразбира упорно однесување спротивно на волјата на друго лице, кое може да вклучува обиди за воспоставување несакан контакт непосредно, преку трети лица или преку средства за комуникација.

Во дигиталниот простор, тоа може да се манифестира преку често испраќање пораки, следење на активностите на социјалните мрежи, отворање лажни профили, оставање несакани коментари, непрекинато контактирање или други облици на дигитален надзор и вознемирување. *Законот за спречување на насилство во семејството*[59] го опфаќа *прогонувањето* како дело за кое се применуваат механизмите на меѓусекторска соработка на институциите. Особено важна група претставуваат *кривичните дела против приватноста*. *Неовластеното фотографирање* може да постои кога без согласност е направена снимка со која значително се навлегува во нечиј личен живот, додека неовластеното објавување и прикажување на туѓ спис, портрет или снимка се однесува на неовластено споделување на таква содржина со други лица.

Во дигиталното опкружување, ова може да опфати објавување приватни фотографии, видео-записи, гласовни пораки, преписки или други содржини на социјални мрежи, во групи за допишување или на други интернет платформи. *Неовластеното собирање, соопштување или користење податоци за личноста* исто така може да биде релевантно кога туѓите податоци се користат без законска основа или за цел за која не биле собрани.

59 Достапно на: https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_sprecavanju_nasilja_u_porodici.html

Половото вознемирување опфаќа вербално, невербално или физичко однесување кое го повредува достоинството на лицето во сферата на половиот живот и предизвикува страв или создава непријателска, понижувачка или навредлива средина. Тоа може да се врши и преку дигитални канали, на пример, преку несакани пораки со сексуална содржина, испраќање експлицитен материјал, коментари, уцени или континуирано сексуализирано обраќање.

Во дигиталниот простор, ваквото однесување може да биде особено интензивно поради брзината на ширење на содржината, можноста за анонимност и трајноста на дигиталните траги. *Кривичното дело навреда* може да биде извршено и преку социјални мрежи, коментари, објави или приватни пораки.

Покрај тоа, јавното ширење содржини со кои се поттикнува омраза, дискриминација или насилство кон лице или група поради раса, боја на кожа, национална припадност, верско уверување, етничко потекло, пол или друго лично својство може да претставува основ за кривична и друга правна одговорност.

Кај одредени дела против честа и приватноста, постапката се поведува по приватна тужба, што може да претставува дополнителна пречка за жртвите кои немаат доволно информации, поддршка или финансиски средства за покренување постапка.

Србија има повеќе законски механизми кои можат да обезбедат заштита на жените изложени на насилство, вклучително и насилство кое се врши преку дигитални технологии. Сепак, унапредувањето на заштитата бара појасно нормирање на технолошки посредуваното насилство, поефикасно процесирање, подостапна правна и психосоцијална поддршка за жртвите, подобро собирање податоци и стабилно финансирање на специјализираните услуги.

Посебен приоритет останува развојот на одговор кој ќе овозможи брза, безбедна и делотворна заштита на жените од насилство во дигиталниот и офлајн простор.

Тематскиот извештај на групата GREVIO за Србија, објавен на 25 септември 2025 година,[60] особено укажува на растечкото значење на дигиталната димензија на насилството врз жените. GREVIO констатира дека во Србија злоупотребата на интимни содржини, неовластеното споделување фотографии и снимки, доксингот, уцените, дигиталното следење и другите облици на технолошки посредувано насилство се

60 Достапно на: https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_sprecavanju_nasilja_u_porodici.html

во пораст, при што дополнителен ризик создаваат алатките засновани на вештачка интелигенција, вклучително и изработката на лажни сексуализирани содржини.

GREVIO оваа појава ја означува како сериозен системски проблем, кој ги открива празнините во заштитата на жртвите и процесирањето на сторителите.

Посебно внимание е посветено на злоупотребата на содржини засновани на слики и снимки, односно на неовластеното споделување интимни фотографии и видео-записи. GREVIO наведува дека голем број случаи не се процесираат, освен кога можат да се подведат под постојните кривични дела, како што се прогонување, уцена или кривични дела поврзани со сексуално искористување на деца.

Во други случаи, жртвите често се упатуваат на приватна тужба поради повреда на приватноста, во краток рок од моментот кога дознале за содржината. Таквото решение го префрла товарот на покренување постапка врз жртвата, ја намалува подготвеноста за пријавување и придонесува кон чувството на неказнивост.

GREVIO позитивно го оцени тоа што Стратегијата за спречување и борба против родово заснованото насилство врз жените и насилството во семејството *(2021-2025)*[61] ја препознава таканаречената одмаздничка порнографија како облик на родово засновано насилство. Сепак, GREVIO ја оцени како пропуштена прилика претходната работа на измените на Кривичниот законик затоа што не довела до јасно и посебно кривично дело со кое би била опфатена злоупотребата на интимни содржини.

Поради тоа, постојната правна рамка може да се оцени како само делумно усогласена со стандардите на GREVIO: одредени облици на дигитално насилство можат да бидат опфатени со постојните одредби на Кривичниот законик, но не постои сеопфатна и јасно препознатлива кривично-правна заштита за сите облици на технолошки посредувано насилство врз жените.

Босна и Херцеговина: национална правна рамка за заштита од технолошки посредувано насилство

Босна и Херцеговина има сложена и повеќеслојна правна рамка за заштита на жените од насилство. На државно ниво, Уставот на БиХ го гарантира приматот на меѓународно признатите човекови права, додека *Законот за рамноправност на половите* и *Законот за забрана на дис-*

61 Достапно на: https://www.minrzs.gov.rs/sr/dokumenti/ostalo/sektor-za-socijalnu-zastitu/strategija-za-sprecavanje-i-borbu-protiv-rodno-zasnovanog-nasilja-prema-zenama-i-nasilja-u-porodici-za-period-2021-2025-godine

криминација ја уредуваат забраната на родово засновано насилство, вознемирување и сексуално вознемирување. Кривичниот закон на БиХ првенствено ги уредува воените злосторства и кривичните дела со меѓународен елемент, додека кривичните дела поврзани со насилство врз жените и насилство во семејството главно се регулирани со законите на Федерацијата БиХ, Република Српска и Брчко Дистриктот. Ваквата поделба на надлежностите доведува до нееднаква заштита и различни практики меѓу ентитетите, кантоните и Брчко Дистриктот. БиХ денес има значителен број кривично-правни одредби кои можат да го опфатат технолошки посредуваното насилство врз жените, особено неовластеното споделување интимни содржини, дигиталното прогонување, сексуалното вознемирување, злоупотребата на лични податоци и deepfake содржините. Сепак, заштитата не е еднаква на целата територија на БиХ. Со последните реформи, Федерацијата БиХ е најблиску до стандардите на Истанбулската конвенција и препораките на GREVIO, додека Република Српска и Брчко Дистриктот задржуваат одредени нормативни и институционални празнини.

Федерација Босна и Херцеговина

Федерацијата БиХ во 2025 година го усвои *Законот за заштита од насилство во семејството и насилство врз жените*.[62] Законот за првпат јасно го дефинира насилството врз жените како кршење на човековите права и облик на дискриминација, делумно ја презема Директивата ЕУ 2024/1385 и воведува поширок систем на заштита: проценка на ризик, координирано постапување на институциите, специјализирани услуги за поддршка, работа на сигурни куќи, собирање податоци и следење на примената на законот. Измените на *Кривичниот закон на ФБиХ*[63] *од 2025* година значително ја унапредија кривично-правната заштита. Воведено е посебно кривично дело за родово засновано убиство на жена, односно фемицид, а силувањето е дефинирано преку отсуство на слободно дадена согласност. Кривичниот закон сега изречно го опфаќа прогонувањето преку информатичко-комуникациски технологии, психичкото насилство и сексуалното вознемирување преку дигитални канали, како и злоупотребата на снимка со сексуално експлицитна содржина. Оваа одредба го опфаќа неовластеното споделување интимни содржини, но и изработката или користењето дигитално изменета, односно deepfake, сексуално експлицитна содржина. Поради овие решенија, Федерацијата БиХ во моментов има најразвиена кривично-правна рамка во БиХ за препознавање на дигиталната димензија на насилството врз жените. Сепак, целосната делотворност зависи од примената на законите, достапноста на поддршка за жртвите и капацитетите на полицијата, обвинителствата и судовите.

62 Достапно на: https://www.paragraf.ba/propisi/fbih/zakon-o-zastiti-od-nasilja-u-porodici.html
63 Достапно на: https://www.paragraf.ba/propisi/fbih/krivicni-zakon-federacije-bosne-i-hercegovine.html

Република Српска

Законот за заштита од насилство во семејството на Република Српска [64] ги уредува спречувањето и заштитата од физичко, психичко, сексуално и економско насилство, со проценка на ризик, локални групи за координација, право на жртвата на лице од доверба и пристап до бесплатна правна помош. Сепак, технолошки посредуваното насилство не е посебно препознаено како облик на насилство во семејството. *Кривичниот законик на Република Српска* [65] сепак содржи повеќе релевантни кривични дела: прогонување, полово вознемирување, неовластено фотографирање и објавување снимки, неовластено користење лични податоци, како и злоупотреба на фотографија или видео-запис со сексуално експлицитна содржина. Со тоа се опфатени важни облици на технолошки посредувано насилство, вклучително и неовластеното споделување интимни содржини. Сепак, според анализата на Советот на Европа, дефиницијата за силување во Република Српска сè уште не била целосно усогласена со стандардот на слободно дадена согласност од Истанбулската конвенција. Дополнителен предизвик претставува тоа што дигиталната димензија на прогонувањето и психичкото насилство не е еднакво јасно уредена како во ФБиХ.

Брчко Дистрикт БиХ

Законот за заштита од насилство во семејството на Брчко Дистриктот [66] задржува прекршочен пристап за дел од дејствијата на насилство кои немаат обележја на кривично дело. Предвидува мерки како што се отстранување од домот, забрана за приближување, забрана за вознемирување и прогонување, психосоцијален третман и лекување од зависности. Сепак, законот не го уредува посебно технолошки посредуваното насилство, ниту воспоставува обврска за систематско разврстување на податоците според пол, возраст и инвалидитет на жртвите. *Кривичниот закон на Брчко Дистриктот* [67] го опфаќа прогонувањето, психичкото насилство, сексуалното вознемирување, неовластеното снимање и злоупотребата на снимки со сексуално експлицитна содржина, вклучително и дигитално изменети содржини. Исто така, содржи одредби за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет и компјутерски системи. *GREVIO во основниот евалуациски извештај од 2022 година* [68] оцени дека БиХ остварила одреден напредок во законодавната и институционалната рамка, вклучително и преку воведување нови кривични дела, проценка на ризик во одделни системи и механизмот „лице од доверба" за жртви на насилство во семејството. Сепак, GREVIO нагласи дека политиките, услугите и координацијата и

64 Достапно на: https://www.narodnaskupstinars.net/ci/akti/usvojeni-zakoni/zakon-o-zastiti-od-nasilja-u-porodici
65 Достапно на: https://www.paragraf.ba/propisi/republika-srpska/krivicni-zakon-republike-srpske.html
66 Достапно на: https://regulativa.legalistik.com/zakon/zakon-o-zastiti-od-nasilja-u-porodici-u-brcko-distriktu-bosne-i-hercegovine-5428
67 Достапно на: https://www.tuzilastvobih.gov.ba/files/docs/zakoni/Krivicni_zakon_Brcko_distrikta_10_03_srp_web.pdf
68 Достапно на: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/-/grevio-publishes-its-report-on-bosnia-and-herzegovina

понатаму се претежно насочени кон насилството во семејството, додека другите облици на насилство врз жените, вклучително и дигиталното насилство, се недоволно опфатени. Во однос на технолошки посредуваното насилство, GREVIO особено укажа на зголемувањето на дигиталното насилство врз жените, недоволно развиените превентивни мерки, отсуството на систематско вклучување на ИКТ секторот и недостатокот на податоци за дигиталното прогонување и другите облици на онлајн насилство. Препорачано е зајакнување на обуките за полицијата, обвинителствата и судовите за дигитално прогонување, насилство по разделување и собирање дигитални докази, како и систематско евидентирање на случаите. GREVIO исто така ја нагласи потребата од стабилно и долгорочно финансирање на женските организации кои обезбедуваат специјализирана поддршка за жртвите, развој на достапни услуги за жртви на сексуално и дигитално насилство, зајакнување на координацијата меѓу институциите и отстранување на родовите стереотипи во работата на професионалците. Посебно беше предупредено на благите казни, честото користење олеснителни околности и ризикот од создавање чувство на неказнивост кај сторителите. Советот на Европа во текот на 2025 година го поддржа понатамошниот развој на правниот, институционалниот и стручниот одговор на дигиталното насилство, вклучително и преку обуки за правосудството, полицијата и давателите на услуги за поддршка на жртвите.

Албанија: правна рамка за заштита од технолошки посредувано насилство

Албанската правна рамка за превенција и сузбивање на насилството врз жените се заснова првенствено на *Законот бр. 9669 за мерки против насилството во семејните односи,*[69] кој го уредува системот на заштитни налози и институционалното постапување во случаи на насилство во семејството. Важна дополнителна рамка претставува *Законот бр. 9970 за родова рамноправност во општеството*[70]*, Законот за забрана на дискриминација*[71] *и Законот бр. 111/2017 за правна помош гарантирана од државата* [72]*. Кривичниот законик*[73] содржи одредби релевантни за родово засновано насилство, вклучително и насилство во семејството, прогонување, сексуално насилство и вознемирување, закани, уцена и повреда на приватноста. GREVIO позитивно ги оцени измените на Законот за насилство во семејните односи, реформите на Кривичниот законик и донесувањето на придружни протоколи и упатства.

69 Достапно на: https://www.ecoi.net/en/document/1120857.html

70 Достапно на: https://qbz.gov.al/alfresco/api/-default-/public/alfresco/versions/1/nodes/b69d770a-44f9-4a06-990c-64b22c7f1d09/content?alf_ticket=TICKET_baacf20eab6c6e0757a71d34fe6dba484f13089e&attachment=false&utm

71 Достапно на: https://qbz.gov.al/eli/ligj/2010/02/04/10221?utm

72 Достапно на: https://qbz.gov.al/eli/ligj/2017/12/14/111?utm_source=chatgpt.com

73 Достапно на: https://qbz.gov.al/eli/ligj/1995/01/27/7895/49876337-8143-4c8e-bba8-a8620022f231?utm

Кога станува збор за технолошки посредуваното насилство, постојните одредби можат да се применат на одделни облици на онлајн злоупотреба, особено прогонување, сексуално вознемирување, уцена, повреда на тајноста на комуникацијата и одредени облици на злоупотреба на приватни содржини. Сепак, албанското законодавство сè уште не го препознава технолошки посредуваното родово засновано насилство како посебна правна категорија. Заштитата затоа главно се заснова на толкување на општите кривични дела во дигитален контекст, што може да го отежне унифицираното постапување на полицијата, обвинителството и судовите. Посебни празнини остануваат во однос на јасното нормирање на онлајн прогонувањето, дигиталната присила, злоупотребата на интимни содржини и другите облици на насилство засновани на слики или снимки на полнолетни лица.

Најновиот релевантен наод на GREVIO произлегува од првиот тематски евалуациски извештај објавен во септември 2024 година, додека Комитетот на страна на Истанбулската конвенција ја усвои препораката за Албанија во јуни 2025 година.[74] GREVIO особено предупредува на порастот на насилството врз жените во дигиталниот простор. Во извештајот се наведува зголемување на онлајн прогонувањето, особено преку социјалните мрежи, како и случаи на уцена со сексуално експлицитни фотографии, видео-записи и други содржини. GREVIO го поздравува основањето на полициска единица за сајбер криминал, но оценува дека таа не е специјализирана за насилство врз жените и дека нејзината соработка со другите полициски структури не е доволно интегрирана во протоколите и процедурите за постапување. Поради тоа, препорачува зајакнување на законодавниот и институционалниот одговор, подобро поврзување на единицата за сајбер криминал со полициските служби кои работат на случаи на насилство врз жените и развој на специјализирани капацитети за истрага и процесирање на дигиталното насилство.

Во областа на превенцијата и стручното оспособување, GREVIO нагласува дека дигиталната димензија на насилството не е доволно вклучена во обуките на полицијата, обвинителството, судовите, здравствените и образовните работници. Препорачува систематски и задолжителни обуки за препознавање и постапување во сите облици на насилство врз жените, вклучително и дигиталното насилство, со родово сензитивен пристап и пристап информиран за траума. Исто така, препорачува образовниот систем да ги опфати темите на родова рамноправност, дигитална безбедност, согласност, онлајн вознемирување и последиците од злоупотребата на интимни содржини, без стигматизација на девојките и жените кои се изложени на насилство.

74 Достапно на: https://rm.coe.int/recommendations-on-improving-trust-by-delivering-support-protection-an/1680b651f7

Албанија е делумно усогласена со стандардите на Истанбулската конвенција и препораките на GREVIO. Нормативната и институционалната рамка обезбедува основа за заштита од одделни облици на технолошки посредувано насилство, но сè уште не е доволно јасна, сеопфатна и специјализирана. Клучни приоритети остануваат поексплицитно препознавање на технолошки посредуваното насилство во законодавството, зајакнување на капацитетите на полицијата и правосудството, вклучување на дигиталните ризици во проценката на ризик, унапредување на евиденциите и стабилно финансирање на достапни и специјализирани услуги за поддршка на жените и девојките изложени на насилство.

Црна Гора: правна рамка за заштита од технолошки посредувано насилство

Црна Гора има повеќе прописи кои можат да се применат на одделни облици на технолошки посредувано насилство врз жените, но овој феномен сè уште не е системски уреден како посебна категорија на родово засновано насилство. Заштитата затоа се остварува преку комбинација на кривично-правни, антидискриминациски, семејно-правни и медиумски прописи, зависно од околностите на конкретниот случај. *Законот за родова рамноправност*[75] и *Законот за забрана на дискриминација*[76] обезбедуваат општа основа за заштита од дискриминација, вознемирување и сексистички говор, додека GREVIO и понатаму препорачува усогласување на дефиницијата за родово засновано насилство во Законот за родова рамноправност со стандардите на Истанбулската конвенција. *Кривичниот законик*[77] претставува клучен инструмент за процесирање на дигиталните облици на насилство. Неговите одредби опфаќаат загрозување на сигурноста, прогонување, повреда на приватноста, неовластено снимање и објавување содржини, злоупотреба на лични податоци и сексуално вознемирување. Кривичното дело прогонување опфаќа и упорно обидување за воспоставување несакан контакт преку средства за комуникација, додека заштитата на приватноста може да се примени на неовластено снимање, споделување фотографии, видео-записи и други содржини од личен карактер.

Посебен напредок претставуваат измените на *Кривичнио законик од 2023 година*[78] со кои се воведени кривични дела за сексуално вознемирување и злоупотреба на туѓа снимка, фотографија, портрет, аудио-запис или спис со сексуално експлицитна содржина. Членот 175а

75 Достапно на: https://www.ombudsman.co.me/docs/1612165858_zakon-o-rodnoj-ravnopravnosti.pdf
76 Достапно на: https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/zakon-o-zabrani-diskriminacije.html
77 Достапно на: https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/krivicni-zakonik-crne-gore.html
78 Достапно на: https://www.sluzbenilist.me/propisi/387464

опфаќа неовластено споделување интимни содржини, закани за нивно објавување, како и изработка или користење дигитално изменети сексуално експлицитни содржини, вклучително и deepfake материјали. Потежок облик постои кога е направено содржината да биде достапна на поголем број лица преку информатичко-комуникациски технологии.

GREVIO ја оцени оваа реформа како важен чекор кон приближување на кривичното законодавство до стандардите на Истанбулската конвенција. Особено укажа на потребата од делотворна примена на новото кривично дело злоупотреба на сексуално експлицитни снимки и фотографии, имајќи ги предвид регионалните случаи на дистрибуција на интимни содржини на жени и девојки преку Telegram канали и други дигитални платформи.

Сепак, правната рамка и понатаму има ограничувања. Технолошки посредуваното насилство не е дефинирано како единствен облик на насилство врз жените, ниту сите негови облици се јасно поврзани со родово заснована дискриминација и насилство. Тоа може да го отежне препознавањето на обрасците како што се дигитална контрола врз партнерката, координирани онлајн напади, доксинг, континуирано сексуализирано вознемирување или психолошко насилство преку дигитални канали. GREVIO особено нагласува дека мизогиниот говор, кампањите на оцрнување и родово заснованото насилство врз политичарките и другите жени во јавниот живот имаат и изразена дигитална димензија, особено на социјалните мрежи. *Националниот план за имплементација на Истанбулската конвенција за периодот 2023-2027*[79] претставува главен стратешки документ и опфаќа различни облици на насилство врз жените, надлежни институции, рокови, индикатори и буџетски линии. GREVIO го поздрави неговото усвојување, но предупреди дека одредени мерки не се доволно финансирани и дека недостигаат посебни активности за некои облици на насилство, вклучително и прогонување и сексуално вознемирување.

Сепак, GREVIO утврдува дека проценката на ризик во практиката доминантно се применува кај насилство меѓу интимни партнери, а не кај сите облици на насилство врз жените. Дигиталниот аспект на насилството дополнително го засилува чувството на страв и несигурност кај жртвите, но дигиталните ризици, зачувувањето електронски докази и заштитата од понатамошно ширење на содржините сè уште не се доволно интегрирани во системот за проценка и управување со ризик.

GREVIO исто така укажува на недоволна систематичност на обуките за полицијата, обвинителството, судовите, социјалните и здравствените

79 Достапно на: https://www.gov.me/dokumenta/1f031d7b-7220-460a-a48b-bf093b37db6c

служби. Особено е нагласена потребата од редовни обуки за растечката дигитална димензија на насилството врз жените, собирањето и зачувувањето дигитални докази, родово сензитивното постапување и примената на постојните протоколи. Во извештајот се наведува дека онлајн пораките и другите дигитални докази не секогаш се зачувуваат на делотворен начин, што може да ги отежне истрагите и процесирањето.

Црна Гора направи важен нормативен напредок, особено со криминализацијата на неовластеното споделување и злоупотребата на сексуално експлицитни содржини. Сепак, усогласеноста со препораките на GREVIO останува делумна. Приоритети се појасното препознавање на технолошки посредуваното насилство како родово засновано насилство, унапредување на проценката на дигиталниот ризик, специјализирани обуки на институциите, делотворно зачувување на дигиталните докази, достапна поддршка за жртвите и воспоставување сигурни податоци за сите облици на дигитално насилство.

Северна Македонија: правна рамка за заштита од технолошки посредувано насилство

Северна Македонија во 2021 година го усвои *Законот за превенција и заштита од насилство врз жените и насилство во семејството*,[80] со кој за првпат се воспостави посеопфатна рамка за превенција, заштита, координација на институциите, специјализирани услуги и собирање податоци за родово засновано насилство. Законот препознава различни облици на насилство врз жените и насилство во семејството, вклучително и сексуално вознемирување преку електронски средства за комуникација. Сепак, технолошки посредуваното насилство не е уредено како посебна, заокружена категорија на родово засновано насилство. Поради тоа, дигиталните облици на насилство во практиката се подведуваат под постојните одредби за прогонување, закани, сексуално вознемирување, повреда на приватноста, злоупотреба на лични податоци, уцена и неовластено снимање или споделување содржини.

Измените во *Кривичниот законик од 2023 година* [81] претставуваат значаен чекор во усогласувањето со Истанбулската конвенција. Воведени се или унапредени кривичните дела прогонување, сексуално вознемирување и генитално осакатување на жени, додека дефиницијата на силувањето е усогласена со стандардот на отсуство на слободно дадена согласност. Кривичниот законик сега обезбедува основа за процесирање на дигитално прогонување, онлајн закани, сексуално вознемирување, неовластено снимање и дистрибуција на сексуално експлицитни содржини, како и уцена со таква содржина. Особено е

80 Достапно на: https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/zakoni-mstp-file-FPoG.pdf
81 Достапно на: https://slvesnik.com.mk/Issues/75a2a79bf50f4420a995d414a3bb73f1.pdf

важно што прогонувањето е дефинирано како повторувано и неовластено следење, контактирање, вознемирување или заплашување кое кај жртвата предизвикува чувство на несигурност, вознемиреност или страв. GREVIO позитивно го оцени воведувањето на посебното кривично дело прогонување, но нагласи дека полицијата, обвинителствата и судовите мораат при неговата примена да ги препознаат и дигиталните облици: следење преку уреди и апликации, надзор над комуникациите, собирање приватни податоци, лажно претставување, кражба на идентитет и континуирано вознемирување преку социјални мрежи или други дигитални канали.

GREVIO во основниот евалуациски извештај, објавен во септември 2023 година [82], позитивно го оцени донесувањето на Законот од 2021 година, националниот координативен механизам, измените на Кривичниот законик и унапредувањето на пристапот до бесплатна правна помош. Истовремено, укажа дека практичната примена на законите е недоволна, дека политиките и услугите сè уште се доминантно насочени кон насилството во семејството, додека другите облици на насилство врз жените, вклучително и сексуалното насилство, прогонувањето, сексуалното вознемирување и дигиталното насилство, не се доволно препознаени и опфатени во системот за поддршка. Во однос на технолошки посредуваното насилство, GREVIO особено укажа на случаи на неовластено споделување интимни содржини, онлајн психолошко насилство, дигитално прогонување, мизогин говор на омраза и вознемирување на жени новинарки. Во извештајот се наведува дека жените кои работат во медиумите несразмерно често трпат онлајн навреди, закани и сексуализирани напади, при што нивните пријави не секогаш се сфаќаат сериозно ниту добиваат соодветна институционална заштита.

GREVIO нагласи дека кривично-правниот одговор мора да биде проследен со јасни процедури за пријавување, зачувување и користење дигитални докази, како и со задолжителни обуки за полицијата, обвинителите, судиите, социјалните и здравствените работници. Посебен приоритет е оспособувањето на стручните лица за препознавање на психолошкото насилство и дигиталната контрола, за постапување во случаи на сексуално вознемирување преку дигитални алатки и за спречување секундарна виктимизација на жртвите. GREVIO исто така укажува на недостатоци во системот на податоци. За технолошки посредуваното насилство особено недостигаат обединети податоци кои би овозможиле следење на зачестеноста, облиците на насилство и исходите од постапките.

82 Достапно на: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/-/grevio-publishes-its-baseline-evaluation-report-on-north-macedonia

Северна Македонија има релативно развиена законска рамка и направи значаен напредок со реформите од 2021 и 2023 година. Сепак, усогласеноста со препораките на GREVIO останува делумна, особено кога станува збор за технолошки посредуваното насилство. Клучни приоритети се појасното препознавање на дигиталното насилство како облик на родово засновано насилство, доследна примена на постојните кривични одредби, вклучување на дигиталните ризици во проценката на ризик и плановите за заштита, зајакнување на капацитетите на институциите, стабилно финансирање на специјализирани услуги и воспоставување сигурен систем на податоци за дигиталното насилство врз жените.

Косово*: правна и институционална рамка за заштита од технолошки посредувано насилство

Косово* во последните години значително ја унапреди правната и институционалната рамка за спречување на насилството врз жените и родово заснованото насилство. Истанбулската конвенција од 2020 година е непосредно применлива преку член 22 од Уставот, а *Националната стратегија за заштита од насилство во семејството и насилство врз жените за периодот 2022-2026 година*[83] постави поширока рамка за превенција, заштита, унапредување на прописите, зајакнување на институциите и развој на општи и специјализирани услуги за поддршка. *Законот бр. 08/L-185* [84] од 2023 година дополнително го прошири пристапот од насилство во семејството кон насилство врз жените и родово засновано насилство.

Кривичниот законик[85] претставува основа за процесирање на одделни облици на технолошки посредувано насилство. Постојните одредби можат да се применат на прогонување, вознемирување, закани, уцена, повреда на приватноста и злоупотреба на податоци, вклучително и повторувано несакано контактирање преку повици, пораки, електронска пошта и други средства за комуникација. Сепак, законодавството сè уште не го препознава технолошки посредуваното родово засновано насилство како посебна категорија, ниту изречно ги криминализира сите негови најчести облици, како што се сајбер-прогонување, доксинг, неовластено споделување интимни содржини, deepfake содржини, сајбер-егзибиционизам и координирано онлајн вознемирување. Посебен проблем претставува фактот дека дигиталната димензија на насилството не е доволно јасно поврзана со родово заснованото насилство. Поради тоа, случаите често се набљудуваат како прашања

83 Достапно на: https://www.eeas.europa.eu/sites/default/files/documents/2024/Country%20Level%20Implementation%20Plan%20-%20GAP%20III%20Kosovo-revised4.4.24.pdf

84 Достапно на: https://gzk.rks-gov.net/ActDocumentDetail.aspx?ActID=83131

85 Достапно на: https://www.kosovopolice.com/wp-content/uploads/2020/07/Krivic%CC%8Cni-zakonik-Republike-Kosovo.pdf

на сајбер-безбедност, повреда на приватноста или поединечни закани, без согледување на образецот на контрола, заплашување и родова дискриминација. Проценката на усогласеноста со стандардите на GREVIO од 2022 година особено укажа дека одредбите за прогонување не опфаќаат изречно следење преку GPS уреди, камери, софтвер за надзор или други облици на дигитално надгледување, како и дека се потребни појасни насоки за истрага и процесирање на дигиталното прогонување.

Законот за рамноправност на половите[86]*, Законот за заштита од дискриминација*[87] и прописите за заштита на податоци и бесплатна правна помош го надополнуваат кривично-правниот систем. Тие овозможуваат родово заснованото вознемирување, сексистичкиот говор и дискриминацијата во дигиталниот простор да се разгледуваат и како повреда на правото на рамноправност и достоинство. Жртвите на дискриминација можат да се обратат до судовите или до Институцијата на Народниот правобранител, но практиката во областа на родово заснованата дискриминација и понатаму е ограничена, делумно поради недоволното пријавување и недовербата во институциите. Законот од 2023 година предвидува превентивни и заштитни мерки, меѓуинституционална соработка и поддршка за жртвите, но не пропишува посебни процедури за дигитални докази, итно отстранување на штетни содржини, забрана за онлајн контакт или заштита од понатамошно ширење интимни материјали. Постојните заштитни мерки можат да имаат значење и во случаи на дигитално насилство во партнерски односи, но нивната делотворност зависи од навремената проценка на ризикот, доследниот надзор над спроведувањето и капацитетите на институциите да реагираат во дигиталното опкружување.

Проценката на Советот на Европа според методологијата на GREVIO позитивно ја оцени непосредната примена на Истанбулската конвенција, Националната стратегија и развојот на координативните механизми. Особено е нагласено дека жените изложени на дигитално насилство, прогонување и сексуално вознемирување немаат доволно достапни специјализирани услуги, вклучително и правна помош, психолошка поддршка и поддршка при зачувување дигитални докази и отстранување на содржини.

Косово* воспостави солидна нормативна и институционална основа за заштита од насилство врз жените, но усогласеноста со стандардите за технолошки посредувано насилство и понатаму е делумна. Клучни приоритети се изречното препознавање на технолошки посредуваното родово засновано насилство во законодавството, унапредување на

86 Достапно на: https://prishtinaonline.com/uploads/zakon_br._05_l-020_o_ravnopravnosti_polova.pdf
87 Достапно на: https://old.kuvendikosoves.org/common/docs/ligjet/05-L-021%20s.pdf

истрагите и зачувувањето дигитални докази, развој на итни механизми за отстранување штетни содржини, обуки за полицијата и правосудството, систематско собирање податоци и стабилно финансирање на специјализирани услуги за поддршка.

C.2. Заклучна компаративна синтеза: степен на усогласеност на шесте земји во однос на клучните облици на ТПН

Неовластено споделување интимни содржини и deepfake (NCII): во регионот се забележуваат значителни разлики во степенот на кривично-правно препознавање на оваа појава. Посебни кривични дела постојат во Федерацијата БиХ, Република Српска, Брчко Дистриктот на БиХ, Црна Гора и Северна Македонија. Федерацијата БиХ со член 189а од Кривичниот законик на ФБиХ ја криминализира злоупотребата на снимка со сексуално експлицитна содржина, вклучително и изработка на нова или измена на постојна снимка и нејзина употреба како вистинска. Слични решенија постојат и во Република Српска и Брчко Дистриктот на БиХ, кои исто така ја опфаќаат изработката или измената на фотографија/снимка, односно снимка со сексуално експлицитна или порнографска содржина. Најшироко формулирани решенија имаат Црна Гора и, по измените од 2026 година, Северна Македонија, бидејќи нивните кривични дела ги опфаќаат не само видеоснимките и фотографиите, туку и аудиозаписите и списите со сексуално експлицитна содржина, како и изработката на нова или измената на постојна содржина, што е особено релевантно за deepfake материјалите. Црногорското решение дополнително изречно ја опфаќа и заканата дека таквата содржина ќе биде ставена на располагање на трето лице.

Наспроти тоа, Албанија и Косово* немаат посебно кривично дело што систематски би ја опфатило неовластената изработка, измена и споделување интимна содржина, вклучително и deepfake материјали, туку ваквите случаи можат да се подведат под општите одредби за заштита на приватноста, сексуално вознемирување, злоупотреба на податоци или сродни дела. Иако Кривичниот законик на Република Србија не содржи посебно кривично дело со кое систематски би се опфатиле неовластената изработка, измена, заканата со објавување и споделувањето интимна или сексуално експлицитна содржина, одделни облици на оваа појава можат, зависно од околностите на случајот, да се подведат под други постојни кривични дела. Најрелевантни се одредбите за неовластено фотографирање, неовластено објавување и прикажување туѓ спис, портрет и снимка, сексуално вознемирување, прогонување, присилба, уцена, неовластено собирање лични подато-

ци и одделни компјутерски кривични дела. Меѓутоа, ваквиот пристап е фрагментарен и не обезбедува целосна заштита. Постојните одредби не го препознаваат посебно сексуално експлицитниот карактер на содржината, родово заснованата димензија на насилството, дигиталната достапност и виралноста на содржината, заканата со објавување, ниту изработката на нова или измената на постојна содржина преку дигитални технологии, што е особено важно за deepfake материјалите. Поради тоа, неовластеното споделување интимни содржини и deepfake (NCII) во Србија во моментов може да се процесира само посредно, преку повеќе различни кривични дела, но не како единствено и посебно препознаено кривично дело.

Прогонување преку информациско-комуникациски технологии: најексплицитно решение има Федерацијата на Босна и Херцеговина, чиј член 179а од Кривичниот законик изречно го опфаќа настојувањето за воспоставување или воспоставувањето несакан контакт преку информациско-комуникациска технологија. Република Српска и Брчко Дистриктот на БиХ имаат кривични дела за прогонување, но без изречно спомнување на дигитален или ИКТ контекст. Црна Гора, Србија и Северна Македонија имаат општи одредби за прогонување кои ги спомнуваат средствата за комуникација, односно средствата за јавно информирање или други средства за комуникација, поради што можат да се применат и на одредени облици на дигитално прогонување, иако посебно не го разработуваат концептот на cyberstalking. Албанија има кривично дело прогонување, но според анализата на DCAF тоа не е јасно конципирано за онлајн опкружувањето. Косово* нема посебно кривично дело кое изречно и систематски би го опфатило cyberstalking, туку се потпира на општите одредби, со препораки Кривичниот законик да се дополни со посебни облици на технолошки посредувано насилство.

Фемицид како посебно кривично дело: изречно е регулиран во Кривичниот законик на Федерацијата на Босна и Херцеговина (член 166а) и во Северна Македонија (воведен како отежнувачка околност во 2023 година). Останатите земји (Србија, Република Српска, Брчко Дистриктот на Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора, Косово*) немаат фемицид како посебен квалификуван облик на кривично дело, туку го процесираат преку општите одредби за тешко убиство. Ниту една од шесте земји од Западен Балкан нема целосно функционален, јавно достапен и институционално усогласен систем за евидентирање и следење на фемицидот како посебен облик на родово засновано насилство. Иако Истанбулската конвенција не пропишува изречна обврска за воспоставување централен електронски регистар на фемициди, таа ги обврзува државите редовно да собираат разделени статистички податоци за сите облици на насилство врз жените и насилство во

семејството, да поддржуваат истражувања и собраните податоци да ги направат јавно достапни. Во практиката, податоците за фемицидот во регионот најчесто не се издвоени во официјалните статистики, не се методолошки усогласени и често се следат преку мониторинг на организации од граѓанското општество, што ја отежнува анализата, споредбата и развојот на делотворни превентивни политики. Усогласеност со Општата препорака бр. 1 на GREVIO: Кривичниот законик на Федерацијата на Босна и Херцеговина е единствената правна рамка во регионот оценета како целосно усогласена. Сите останати земји имаат делумна усогласеност со специфични празнини во препознавањето на дигиталната димензија на психолошкото насилство и прогонувањето.

D. ПОДАТОЦИ И ТРЕНДОВИ

D.1. Што ни покажуваат податоците, а што останува невидливо?

Најспоредливиот достапен регионален показател произлегува од истражувањето на UN Women од 2023 година, спроведено меѓу жени кои користат интернет и дигитални технологии. Во петте земји од Западен Балкан опфатени со квантитативниот примерок, најмалку еден облик на технолошки посредувано насилство во текот на животот пријавиле 62,8% од жените во Северна Македонија, 55,8% во Србија, 51,0% во Босна и Херцеговина, 43,3% во Косово* и 41,1% во Албанија. Просекот за овие пет земји изнесувал 51,0%. Црна Гора не била вклучена во квантитативниот примерок поради методолошки и трошковни ограничувања на истражувањето во мала популација, туку само во квалитативниот дел од истражувањето.

Во Србија, технолошки посредуваното насилство е област со најдраматичен јаз меѓу реалната преваленца и официјалните податоци, бидејќи не постои посебна административна категорија за овој облик на насилство. Кривичната статистика покажува тренд на пораст на делата што можат да се применат во овој контекст: прогонување (член 138а од КЗ): пораст од 375 на 422 пријави (2019-2022), односно 12,5%; сексуално вознемирување (член 182а од КЗ): пораст од 174 на 199 пријави (2019-2022), односно 14,4%. Неовластено објавување и прикажување туѓ спис, портрет и снимка (член 145 од КЗ): според една обработка на податоците на Републичкиот завод за статистика (РЗС), бројот на пријави е зголемен од 18 во 2019 година на 44 во 2022 година, однос-

но за 144,4%.[88] Дури 53,2% од средношколките и средношколците на возраст од 18-19 години од Белград, Ниш и Суботица изјавиле во 2020 година дека доживеале дигитално насилство или познаваат врсничка која го доживеала тоа.[89] На почетокот на 2023 година биле откриени 16 активни Telegram групи за несакано споделување интимни содржини - најголемата имала речиси 55.000 членови.[90] Според проценките, 98% од сите синтетички сексуални медиуми се со порнографска природа, а 99% се насочени кон жени и девојчиња.[91] Репрезентативното истражување на организацијата ATINA „Не лајкувај насилство" (2025), спроведено на примерок од 1.002 граѓани/ки на Србија постари од 18 години (54% жени, 46% мажи, со рамномерна урбана/рурална застапеност), покажува дека секое четврто лице во Србија било жртва на дигитално насилство, додека кај жените помлади од 30 години тој удел е дури 43%.[92] Истото истражување утврдува дека сторител на дигиталното насилство е маж во 66% од случаите, а жена во 15% од случаите, најчесто поранешен или сегашен партнер кој продолжува со контролата преку надзор, уцени и објавување содржини. Овој наод потврдува дека дигиталното насилство е родово засновано и претставува продолжение на партнерската контрола, особено изразена кај жените на возраст од 30-45 години.

Студијата на Европската унија за родово засновано насилство (2026) утврдува пораст на насилството во дигиталниот простор во БиХ: 7% од жените доживеале сексуално вознемирување на работното место, 12% надвор од работното место, а 8,5% биле жртви на онлајн прогонување. Комплементарни истражувања кои го откриваат вкупниот обем на ТПН кон жените на ниво на БиХ засега нема.[93]

Истражувањето „Безбедност на новинарките во БиХ 2024" укажува дека новинарките се сè поизложени на родово засновано насилство и безбедносни закани, додека институциите не успеваат да ги заштитат. Кога новинарките пријавуваат насилство, на правосудството му се потребни приближно две и пол години за да го обработи случајот. Најчести облици се вербалните и онлајн заканите, вклучително и родово заснованиот говор на омраза, а новинарките се изложени на онлајн родово вознемирување кое ги деградира како жени, независно од содржината на нивните текстови.[94] Советот на Европа во рамки на проектот за борба против дигиталното и сексуалното насилство врз жените во БиХ го спроведе досега најобемното истражување за постапувањето на кривично-правниот систем во предмети поврзани со ТПН. За под-

88 Достапно на: https://www.sharefoundation.info/wp-content/uploads/Rodno-zasnovano-digitalno-nasilje-u-Srbiji.pdf
89 Достапно на: https://serbia.unfpa.org/sites/default/files/pub-pdf/ispred_ekrana_sa_koricom_1.pdf
90 Достапно на: https://birn.rs/ugasene-telegram-grupe-sa-osvetnickom-pornografijom/
91 Достапно на: https://www.esafety.gov.au/newsroom/blogs/addressing-deepfake-image-based-abuse
92 Достапно на: http://www.atina.org.rs/sites/default/files/Ne%20lajkuj%20nasilje.pdf
93 FRA & EIGE. 2026. EU Gender-based Violence Survey – Evidence for Policy and Practice. Luksemburg, стр. 38.
94 Заимовиќ Куртовиќ, Л. 2025. *Истражување – Безбедноста на новинарките во БиХ 2024*. Сараево: БХ новинари, стр. 33-34.

рачјето на Република Српска, податоците на МВР покажуваат постојан пораст на пријави за насилство кое вклучува ИКТ (СМС, Facebook, Instagram, Messenger, WhatsApp, TikTok): 71 пријава (2021), 76 (2022), 105 (2023) и 83 во првите 10 месеци од 2024 година.[95] Во анализата на база од повеќе од 250 правосилни пресуди во предмети на насилство врз жените, идентификувани се само 18 пресуди кои вклучуваат елементи на ТПН.[96] Студијата откри дека во четири кривични случаи на насилство во семејството, насилството било извршено преку комуникациски технологии, како составен дел од обележјата на кривичното дело. Во два случаи дигиталната димензија на психолошкото насилство била спроведена преку испраќање заканувачки СМС-пораки; во еден случај сторителот користел и Viber, а во друг Messenger за закани со смрт. Жртвите во два случаи биле сопруги на сторителите, во еден случај поранешна сопруга, а во еден мајка на сторителот. Во три случаи пораките содржеле директни закани по животот на жртвата, што укажува дека дигиталните искуства на насилство во контекст на семејното насилство можат да бидат продолжение на физичкото, сексуалното и психолошкото насилство во реалниот простор.[97] Во однос на постапувањето по кривичното дело „Искористување на компјутерска мрежа за сексуална злоупотреба на дете" во РС: според податоците на Високиот судски и обвинителски совет на БиХ, меѓу 2018 и 2023 година полицијата примила 10 пријави, истраги биле наредени во осум случаи, биле подигнати четири обвиненија, донесени три осудителни пресуди (две затворски и една условна) и една ослободителна пресуда. Статистиката на МВР на РС укажува на значителен пораст на пријавите во 2023 година (12 случаи, наспроти само еден во 2022 година), но податоците не се разделени според полот на жртвите и сторителите.[98]

Во Албанија, во областа на правната помош напредокот е позабележителен: преку проектот EFLAS, 17.850 ранливи граѓани, вклучително 9.785 жени и девојчиња, добиле примарна и секундарна правна помош; воспоставени се 12 центри, а 22 организации од граѓанското општество се поддржани во 36 општини.[99] Меѓутоа, за жените изложени на технолошки посредувано насилство, правната помош мора да биде поврзана со стручност во областа на дигиталните докази, заштитата на приватноста, безбедноста на сметките и уредите, зачувувањето на електронската комуникација и техничкото документирање на злоупотребата. Во овие области капацитетите на давателите на правна помош и другите надлежни служби и понатаму се ограничени.

95 Ивиќ, Горица и Баџиќ, Селма. 2025. Analysis of cases of technology-facilitated violence against women in Bosnia and Herzegovina. Совет на Европа, стр. 42.
96 Ibid.
97 Ibid.
98 Ibid.
99 Достапно на: https://www.undp.org/albania/projects/expanding-free-legal-aid-services-women-and-men-albania?utm_source=chatgpt.com

Во Црна Гора, достапните институционални податоци за периодот 2022-2025 година го потврдуваат континуитетот на насилството врз жените, но не овозможуваат прецизно следење на ТПН како посебна категорија.[100] Според податоците на Управата на полицијата, во текот на 2024 година биле регистрирани 1.074 случаи на насилство во семејството, додека во првите шест месеци од 2025 година биле евидентирани 862 случаи. Податоците на Врховното државно обвинителство покажуваат дека случаите кои можат да вклучуваат ТПН се процесираат преку постојните кривични дела, особено прогонување, неовластено фотографирање, неовластено објавување содржини и злоупотреба на сексуално експлицитна содржина. Особено е забележан пораст на бројот на пријавени случаи на прогонување, од 32 пријавени лица во текот на 2024 година на 45 во текот на 2025 година.[101] Судските евиденции не го издвојуваат технолошки посредуваното насилство како посебна категорија. Таквите случаи се евидентираат преку општите кривично-правни квалификации, како што се загрозување на сигурноста, прогонување, неовластено снимање или објавување, неовластено користење лични податоци, уцена или дискриминација. Поради неусогласените и недоволно разделени податоци не е можно систематски да се следи дигиталната димензија на насилството, ниту текот на предметите од пријавувањето до судската одлука.[102] Агенцијата за електронски медиуми, која во текот на 2024 година продолжи со работа како Агенција за аудиовизуелни медиумски услуги, примила 81 приговор за работата на емитувачите во 2023 година и 91 приговор во 2024 година. Во двата извештаи, меѓу предметите и предупредувањата се наведуваат прекршувања на програмските стандарди кои опфаќаат говор на омраза, навредлив јазик, заштита на достоинството, приватноста и, во одделни случаи, дискриминација. Меѓутоа, извештаите не ги разделуваат приговорите и исходите од постапките според пол или род, дигитален канал, облик на ТПН или конкретна основа на дискриминација, поради што не е можно сигурно да се утврди трендот на родово засновано или технолошки посредувано насилство во медиумските содржини.[103]

Според податоците на Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија, во првите шест месеци од тековната година биле извршени вкупно 512 кривични дела поврзани со насилство во семејството, најчесто од страна на мажи - вкупно 474. Податоците исто така покажуваат дека во последните четири години (2020-2024) бројот на

100 UNDP. Assessment of Legal, Policy, Institutional, and Technological Frameworks on Technology-Facilitated Gender-Based Violence in the Western Balkans, 2025, str. 55-56.

101 Обвинителски совет на Црна Гора. *Извештај за работата на Обвинителскиот совет и Државното обвинителство за 2024 година*. Подгорица, 2025, стр. 70;

102 United Nations Development Programme (UNDP). *Assessment of Legal, Policy, Institutional, and Technological Frameworks on Technology-Facilitated Gender-Based Violence in the Western Balkans.* 2025, 21-22, 27.

103 Агенција за електронски медиуми на Црна Гора, *Извештај за работата на Агенцијата за електронски медиуми за 2023 година* (Подгорица: Агенција за електронски медиуми, 2024), 43-44; Агенција за аудиовизуелни медиумски услуги на Црна Гора, *Извештај за работата на Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година* (Подгорица: Агенција за аудиовизуелни медиумски услуги, 2025), 56-57.

жени жртви на насилство во семејството се зголемил за 20%.[104] Официјалните податоци од анализата „Жени и мажи во Северна Македонија" покажуваат загрижувачки тренд на пораст на случаите, со 1.117 кривични дела поврзани со насилство во семејството регистрирани само во 2022 година, од кои 942 жртви биле жени.[105] Северна Македонија сè уште нема целосно оперативен, централизиран и меѓусебно поврзан систем за евиденција на случаи на родово засновано и семејно насилство. Иако член 11 од Истанбулската конвенција ги обврзува државите да собираат систематски и споредливи податоци, постојните евиденции на полицијата, правосудството, социјалните и здравствените служби се фрагментирани и недоволно усогласени. Министерството на почетокот на 2026 година сè уште развивало правилник и софтверско решение за интегрирано собирање податоци, па во тој момент главно му биле достапни само податоци за новопријавените случаи на семејно насилство.[106] Интерните податоци собрани од 30 центри за социјална работа покажуваат континуиран пораст на пријавените случаи на родово засновано насилство и насилство во семејството во периодот 2022-2024 година. Психолошкото насилство останува најчесто пријавуван облик, зголемувајќи се од 1.051 случај во 2022 година на 1.492 во 2024 година. Физичкото насилство исто така покажува постојан пораст: 846 пријавени случаи во 2022 година, 944 во 2023 година и 951 во 2024 година. Иако поретко пријавувано, економското насилство е во пораст, од 25 случаи во 2022 година на 36 во 2024 година. Според податоците на МВР, бројот на случаи на силување се зголемил од 18 во 2022 година на 33 во 2023 година и 31 во 2024 година. Во периодот 2021-2025 година во Северна Македонија биле убиени 26 жени. Годишниот број се движел од две убиени жени во 2022 година до девет во 2023 година, што укажува на сериозноста на проблемот и во земја со помалку од два милиони жители. Поради непостоењето целосен и единствен регистар на фемициди, не е можно сите случаи на убиства на жени од тој период автоматски да се класифицираат како фемициди.[107]

На Косово*, според националната статистика (тренд 2022-2024): во 2022 година биле евидентирани околу 2.400-2.500 пријавени случаи; во 2023 година над 2.600 случаи; а во 2024 година над 2.700 случаи (тренд на пораст). 80-85% од жртвите се жени, додека над 90% од сторителите се од машки пол. Најчест облик е психолошкото насилство,

104 Достапно на: https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/regulativa-od-oblasta-na-ednakvite-moznosti-nediskriminacijata-i-od-oblasta-na zeni-zrtvi-na-rodovo-bazirano-nasilstvo-i-semejno-nasilstvo-file-DPNd.pdf

105 State Statistical Office of the Republic of North Macedonia. *Women and Men in North Macedonia: 2023*. Skopje: State Statistical Office, 2023, 99-100.

106 Elena Dimushevska, Cena Chalovska, and Hajdi Shterjova Simonovikj, *Analysis of the Procedures of Competent Institutions in Cases of Gender-Based and Domestic Violence* (Skopje: OSCE Mission to Skopje, 2026), 10-11.

107 Deutsche Welle, „Или моја, или мртва: Во пет години убиени 26 жени во Северна Македонија", 13 март 2026; Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство", *Анализа на случаи на фемициди: Убиства на жени во Република Северна Македонија, 2017-2020* (Скопје: UNDP, 2021), 27.

проследено со физичко насилство.[108] Податоците на организациите од граѓанското општество, засолништата и независните анализи укажуваат на континуиран притисок врз системот за поддршка на жените изложени на насилство. Истражувањата бележат зголемена потреба за услуги на засолништа, додека недоволното и нестабилно финансирање го отежнува одржувањето на основните услуги и континуитетот на поддршката. Засолништата во голема мера се потпираат на неизвесни средства од институциите и донаторите, а доцнењата во распределбата на јавните средства можат да го загрозат нивното работење и можноста за итен прием на жени и деца.[109] Репрезентативното истражување на OEBS од 2018 година покажа дека 53% од жените кои некогаш имале партнер доживеале некаков облик на психолошко насилство од сегашен или поранешен партнер. Во случаите на најтешко насилство од сегашен партнер, 86% од жените не контактирале ниту полиција ниту друга организација; само 2% го пријавиле случајот во полиција, а 3% се обратиле до социјалните служби.[110] Фемицидот на Косово* останува релативно редок во споредба со општото насилство во семејството. Според резимеата на организациите од граѓанското општество и медиумското следење, во последните десет години бројот на случаи на фемицид се проценува на просечно 3 до 5 случаи годишно, односно вкупно околу 30 до 50 случаи во текот на една деценија. Трендот покажува истрајност на феноменот без значително намалување, при што повеќето случаи се случуваат во контекст на партнерски или семејни односи и често им претходи историја на насилство и недостиг на ефикасна институционална интервенција.[111]

Овие бројки не ја претставуваат стапката на насилство кај сите жени во секоја земја. Тие ги покажуваат искуствата на жените кои се присутни во дигиталниот простор и затоа се особено важни за разбирање на онлајн ризиците. Најчесто пријавувани облици на насилство во регионалниот примерок биле навредливи или несакани пораки, несакана сексуална содржина и сексуални предлози на социјалните мрежи, како и хакирање на профили. Една од седум жени кои доживеале технолошки посредувано насилство навела дека тоа се случувало секојдневно или неделно.

Податоците исто така покажуваат исклучително ниско ниво на пријавување. Во поширокото истражување на UN Women за Европа и Централна Азија, само 7,1% од жените кои доживеале технолошки посредувано насилство го пријавиле случајот во полиција, додека уште помал број

108 Kosovo Police, *Annual Work Report January-December 2022* (Pristina: Kosovo Police, 2023); Kosovo Police, "Press Release," 16 Април 2024; Kosovo Police, *Annual Work Report 2024* (Pristina: Kosovo Police, 2025), 9.

109 Adelina Hasani i Vesa Kroçi, *Women's Security Concerns in Kosovo* (Priština: Kosovar Centre for Security Studies, 2024), 4, 11-12

110 Organization for Security and Co-operation in Europe (OSCE). *Survey on Well-Being and Safety of Women in Kosovo.* Vienna: OSCE, 2019, 37, 65-66, 80.

111 Kosovo Gender and Justice Center. *Femicide in the Republic of Kosovo: Legal Framework and Judicial Practice*. Pristina: Kosovo Gender and Justice Center, 2024, 13-15, 37-40

се обратиле до други институции или организации за поддршка. Најчести причини за непријавување биле уверувањето дека институциите нема да реагираат, недовербата, стравот од осуда и загриженоста дека приватноста нема да биде заштитена.

Во сите шест земји технолошки посредуваното насилство главно не е посебно означено во официјалните евиденции. Полицијата, обвинителствата и судовите најчесто ја евидентираат правната квалификација на делото, на пример, закана, прогонување, уцена, повреда на приватноста или неовластено објавување содржина, но не и фактот дека насилството било извршено преку социјални мрежи, апликации, уреди за следење, лажни профили, шпионски софтвер или дигитално изменети содржини.

Поради тоа, сегашните системи главно не можат да одговорат на клучните прашања: колку случаи вклучуваат дигитално прогонување; колку од нив се случуваат по разделување од насилен партнер; на кои платформи најчесто се врши насилството; колкав дел се однесува на неовластено споделување интимни содржини, доксирање, закани со објавување или deepfake содржини; колку содржини се отстранети; колку барања за отстранување се одбиени; и колку случаи завршиле со обвинение, пресуда или заштитна мерка.

Регионалната проценка на UNDP од 2025.[112] година потврдува дека институциите често наведуваат дека немаат податоци за технолошки посредувано насилство. Извештајот предупредува дека таквиот недостиг на податоци го ограничува планирањето на политиките, буџетите, услугите за поддршка и проценката на одговорноста на институциите. Исто така покажува дека постапките за зачувување на дигитални докази и соработката со платформите главно не се стандардизирани, поради што содржините често се отстрануваат или бришат пред да можат да се користат како доказ.

Податоците најчесто не го поврзуваат технолошки посредуваното насилство со останатите облици на родово засновано насилство. Ова е особено важно затоа што технологијата често служи за продолжување на насилството по прекинот на односот: следење на локацијата, надзор над телефонот, пристап до профили, вознемирување преку заеднички контакти, уцени и споделување интимни содржини. Кога таквите дејствија се третираат само како поединечни „сајбер инциденти“, системот не го препознава образецот на контрола, ескалацијата на ризикот и родово заснованата природа на насилството.

112 United Nations Development Programme (UNDP). *Assessment of Legal, Policy, Institutional, and Technological Frameworks on Technology-Facilitated Gender-Based Violence (TF GBV) in the Western Balkans.* Сарајево, октомври 2025 год, стр. 42, 55-57.

За секоја пријава на насилство врз жени потребно е, со заштита на приватноста и безбедноста на жртвата, да се евидентираат: полот и возраста на жртвата и сторителот; нивниот меѓусебен однос; видот на насилството; дали била користена технологија; обликот на дигиталното насилство; платформата или уредот; постоењето на претходни пријави и заштитни мерки; присуството на деца; мерките за процена на ризик; текот на предметот од пријавата до пресудата; како и пристапот до услугите за поддршка и резултатот од барањето за отстранување на штетната содржина.

Недостатокот на податоци не е само технички проблем. Кога системот не го препознава технолошки посредуваното насилство, не може сигурно да го процени ризикот, да планира специјализирани услуги, да ја следи работата на институциите ниту да развие насочени законски и превентивни решенија. Затоа, собирањето квалитетни, родово разделени и меѓусебно поврзани податоци е составен дел од заштитата на жртвите, а не само статистичка обврска.

За обуката е важно учесничките да разликуваат три вида податоци: податоци за преваленцата на родово заснованото насилство, кои покажуваат колку е насилството распространето; административни податоци, кои покажуваат што евидентираат институциите; и податоци од организациите на граѓанското општество, кои често први откриваат нови облици на насилство, празнини во системот и искуства на жртвите кои не влегуваат во официјалните статистики.

ДЕЛ1
КУРИКУЛУМ

Analitičko-komparativni pregled nasilja prema ženama i tehnološki posredovanog nasilja na Zapadnom Balkanu



E. ТЕХНОЛОШКИ ПОСРЕДУВАНО РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО

I. ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПРИЈАВИ ЗА ТПН

F. ОРГАНИЗАЦИИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ПРАКТИКИ ЗА ПОДДРШКА

G. КАМПАЊИ, ЈАВНИ НАРАТИВИ И ДИСКУРС ПРОТИВ РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ

H. ГАП АНАЛИЗА И ПРЕПОРАКИ

Е. ТЕХНОЛОШКИ ПОСРЕДУВАНО РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВОЕ[113]

113 Подвид/конкретизација на ТПН каде што насилството е засновано на род, несразмерно ги погодува жените и девојчињата или претставува продолжување на родово заснованото насилство во дигиталното опкружување.

Употребата на технологијата и приватните информации во дигиталните простори стана премногу распространета во онлајн интеракциите. Напредните тактики создадоа средина во која поединците можат да станат жртви на онлајн вознемирување, сајбер следење (cyberstalking), трговија со луѓе, сајбер малтретирање, споделување сексуални слики без согласност, клонирање на профили, намамување со цел уцена или злоупотреба (grooming), говор на омраза и заплашување на интернет, како и шпионски софтвер или софтвер за следење што се користи за надзор на користењето на интернетот.

Анегдотските докази[114] за технолошки посредуваното насилство покажуваат дека овој растечки феномен несразмерно ги погодува жените и девојките, како и сексуалните и родовите малцинства. Различни извештаи и истражувања покажуваат дека инцидентите на онлајн насилство, како што се сајбер следењето, онлајн вознемирувањето и сексуалната уцена на интернет, се многу распространети.[115] Извештајот „The State of Women Human Rights Defenders 2023“ наведува дека 75% од бранителките на човековите права на Западен Балкан пријавиле дигитално вознемирување.[116]

Некои студии откриј дека трансродовите и родово разновидните лица, исто така, доживуваат значително ниво на ТПН, бидејќи се со поголема

114 Анегдотски доказ (англ. anecdotal evidence) е потпирање на лични искуства, поединечни приказни или изолирани примери наместо на систематски научни истражувања и објективни податоци. Карактеристики: субјективност и пристрасност, мал примерок, недостаток на докази за причинско-последична врска.

115 UN Women. n.d. “Accelerating Efforts to Tackle Online and Technology Facilitated Violence against Women and Girls (VAWG).” www.unwomen.org/sites/default/files/2022-10/ Accelerating-efforts-to-tackle-online-and-technologyfacilitated-violence-against-women-and-girls-en_0.pdf.

116 Достапно на: https://kvinnatillkvinna.org/wp-content/uploads/2023/11/The-Kvinna-till-Kvinna-Foundation-The-state-of-women-human-rights-defenders-2023.pdf

веројатност да бидат жртви на овој вид насилство во споредба со цисродовите [117] лица.[118] Ова насилство е поврзано со сериозни психолошки последици, вклучително и депресија, анксиозност, посттрауматско стресно нарушување и суицидни мисли.[119] Квалитативните податоци покажуваат дека жените чии интимни слики биле споделени без согласност, доживеале слични форми на психолошки последици како и жените кои биле сексуално нападнати.[120]

Освен тоа, ТПН може да доведе и до социјална изолација поради влијанието врз способноста на жртвата да учествува во онлајн активности, што може да резултира со намалување на самодовербата.[121] Онлајн анкетата на Amnesty International, спроведена од Ipsos MORI во осум земји, покажа дека повеќе од половина (56%) од жените кои биле малтретирани на Twitter имале потешкотии да се фокусираат на секојдневните обврски, а 55% чувствувале стрес, анксиозност или доживеале напади на паника по доживеаното вознемирување или злоупотреба.[122]

Истражувањата, исто така, покажуваат дека жртвите на ТПН почесто се изложени на финансиска нестабилност и економски потешкотии, вклучително и намалување на платата или губење на работното место [123] што може да има сериозни последици врз физичката, менталната и економската благосостојба на засегнатите лица.[124]

Постојат низа фактори во дигиталното опкружување кои поттикнуваат и овозможуваат технолошки посредувано родово засновано насилство.[125] Така, анонимноста и чувството на неказнивост на интернет можат да ги охрабрат сторителите на насилство, но исто така и недостатокот на соодветна правна регулатива и заштита од дигитално насилство. Од друга страна, алгоритамската дигитална структура повеќе придонесува отколку што го ограничува ширењето на родовите стере-

117 Цисродова личност е израз за личност чиј личен родов идентитет целосно се совпаѓа со полот и родот што ѝ бил доделен при раѓањето.

118 Evelyn, Sophie, Elizabeth M. Clancy, Bianca Klettke and Ruth Tatnell. 2022. "A Phenomenological Investigation into Cyberbullying as Experienced by People Identifying as Transgender or Gender Diverse." International Journal of Environmental Research and Public Health 19 (11): 6560. https://doi.org/10.3390/ ijerph19116560.

119 Duggan, Maeve. 2017. "Online Harassment 2017." Pew Research Center, July 11. www.pewresearch.org/ internet/2017/07/11/online-harassment-2017/.

120 Bates, Samantha. 2016. "Revenge Porn and Mental Health: A Qualitative Analysis of the Mental Health Effects of Revenge Porn on Female Survivors." Feminist Criminology 12 (1): 22–42. https://doi.org/10.1177/1557085116654565

121 Henry, Nicola and Anastasia Powell. 2016. "Technology-Facilitated Sexual Violence: A Literature Review of Empirical Research." Trauma, Violence, & Abuse 19 (2): 195–208. https://doi.org/10.1177/1524838016650189.

122 Amnesty International commissioned Ipsos MORI to carry out an online poll of women aged 18–55 in Denmark, Italy, New Zealand, Poland, Spain, Sweden, the United Kingdom and the United States. For the full data set, see www.ipsos.com/ipsos-mori/en-uk/online-abuse-and-harassment.

123 Jane, Emma A. 2018. "Gendered cyberhate as workplace harassment and economic vandalism." Feminist Media Studies 18 (4): 575–91. https://doi.org/10.1080/14680777.2018.1447344

124 Citron, Danielle Keats and Mary Anne Franks. 2014. "Criminalizing revenge porn." Wake Forest Law Review 49: 345–91. https://scholarship.law.bu.edu/faculty_scholarship/643.

125 Во овој документ се користи терминот **технолошки посредувано насилство (ТПН)** како поим што ги опфаќа различните форми на насилство кои се извршуваат, овозможуваат, засилуваат или продолжуваат преку употреба на информатичко-комуникациски и дигитални технологии. Кога е потребно посебно да се нагласи родовата димензија, се користи изразот **технолошки посредувано родово засновано насилство**, кој ги означува облиците на ТПН насочени кон жените и девојчињата, односно облиците на насилство кои се засновани на род, несразмерно ги погодуваат жените или претставуваат дигитално продолжение на родово заснованото насилство од офлајн опкружувањето.
За терминолошка доследност, кратенката **ТПН** се користи како основна кратенка низ целиот документ, освен во случаи кога е неопходно изрично да се нагласи родово заснованиот карактер на насилството.

отипи и токсичните дигитални субкултури, додека истовремено отсуството и присуството, или анахронистичката дислокација на интернет, му овозможуваат на сторителот без посебен напор, од сопствената соба, да ги таргетира лицата од друг град, држава или друг континент. Како резултат на тоа, длабоко вкоренетите традиционални обрасци на мизогинија и дискриминација кон жените и другите маргинализирани групи се пренесуваат во дигиталната сфера, каде што родовите нееднаквости, патријархалните норми и вредности продолжуваат да се одржуваат.

Родово заснованото насилство во дигиталниот простор го ограничува слободното изразување на лицата и ги поттикнува жените и маргинализираните родови групи кон автоцензура, го загрозува нивното ментално здравје и води кон исклучување од дигиталниот живот. Родово заснованото дигитално насилство се одвива на многу популарни социјални мрежи и платформи, меѓу кои најзастапени се Facebook, Instagram, Whatsapp, Snapchat, X (поранешен Twitter) и TikTok. Исто така, различни чет-сервиси, форуми, апликации за запознавање, како и различни јавни или затворени групи претставуваат дигитални простори за ширење на родово засновано насилство.[126]

E.1. Облици, размери, онлајн-офлајн континуум и одговор на системот

Технолошки посредуваното родово засновано насилство опфаќа користење на интернет, социјални мрежи, апликации за комуникација, мобилни телефони, уреди за следење и други дигитални алатки со цел вознемирување, контрола, заплашување, понижување, сексуална експлоатација или нанесување штета на жените и девојчињата. Во практиката се користат и изразите дигитално насилство, онлајн насилство, сајбер-насилство и електронско насилство, но важно е да се нагласи неговата родова димензија: насилството најчесто се заснова на постојните нееднакви односи на моќ меѓу мажите и жените.

Овој облик на насилство може да вклучува навредливи, понижувачки или сексуализирани пораки; закани со силување, смрт или објавување приватни содржини; упорно несакано контактирање; креирање лажни профили; ширење гласини и лажни информации; јавно дискредитирање; објавување лични податоци без согласност; следење на локацијата; пристап до профили и уреди; контрола на комуникацијата; како и неовластено споделување интимни фотографии, видеозаписи или аудиозаписи. Сè почестите форми вклучуваат создавање дигитално изменети или вештачки генерирани сексуално експлицитни содржини,

126 Достапно на: https://www.sharefoundation.info/wp-content/uploads/Rodno-zasnovano-digitalno-nasilje-u-Srbiji.pdf

познати како дипфејк содржини, како и користење шпионски софтвер и апликации за надзор над партнерката.

Технологијата сама по себе не создава насилство, но може да му даде на сторителот нови начини да го продолжи, прошири или засили постојното насилство. Дигиталните алатки овозможуваат насилство без непосреден физички контакт, во кое било време и од голема далечина. Содржините можат брзо да се умножуваат, да се споделуваат со голем број луѓе и да останат достапни долго по нивното првично објавување. Поради тоа, жртвата може да има чувство дека насилството нема крај, дури и кога ќе го прекине односот со сторителот, ќе го промени местото на живеење или физички ќе се оддалечи од него.

Технолошки посредуваното родово засновано насилство е распространето, но неговиот целосен обем е тешко да се утврди. Многу жени не го пријавуваат насилството поради страв, срам, недоверба во институциите, загриженост дека ќе бидат обвинети за објавената содржина или поради уверувањето дека полицијата, обвинителството и дигиталните платформи нема да реагираат. Поради тоа, официјалните евиденции најчесто покажуваат само мал дел од реалниот број на случаи.

Жените и девојчињата не се единствените кои се мета на дигиталното насилство, но несразмерно почесто се изложени на сексуализирано вознемирување, закани, злоупотреба на интимни содржини, кампањи за дискредитација и мизогин говор на омраза. Особено се изложени девојките и младите жени, жените кои се видливи во јавниот простор, новинарките, политичарките, активистките, уметничките и бранителките на човековите права. Ризикот може дополнително да се зголеми кај жените со попреченост, припадничките на малцински заедници, мигрантките, LGBT жените и девојките, како и кај жените кои веќе живеат во услови на партнерско или семејно насилство.

Последиците можат да бидат сериозни и долготрајни: чувство на страв и несигурност, анксиозност, депресивни состојби, повлекување од општествениот живот, прекин на образованието или работата, губење приходи, нарушени односи со семејството и заедницата, како и откажување од јавно изразување и користење на дигиталните простори. Во некои случаи, дигиталното насилство може да придонесе кон ескалација на физичкото насилство и да го зголеми ризикот од тешки повреди или фемицид.

Технолошки посредуваното родово засновано насилство не треба да се гледа како одделна, виртуелна појава. Тоа често е дел од истиот образец на насилство што се одвива и надвор од интернетот. Партнер

кој го проверува телефонот, бара лозинки, ја следи локацијата, ја контролира комуникацијата или се заканува со објавување интимни содржини ја користи технологијата како средство за контрола.

По разделувањето, истото лице може да продолжи со насилството преку пораки, лажни профили, електронска пошта, социјални мрежи или преку заеднички контакти. Затоа е потребно да се зборува за онлајн-офлајн континуитет на насилството. Насилството може да започне во дигиталниот простор и да премине во физичкиот свет, но може да се случи и обратно: физичкото, партнерското или семејното насилство може да продолжи и да се засили преку дигитални алатки.

Кога дигиталните дејствија се третираат само како поединечни сајбер-инциденти, без да се согледа односот меѓу жртвата и сторителот, претходните пријави, обрасците на контрола и можноста за ескалација, системот може да пропушти да препознае сериозен ризик.

(a) Институционален одговор: реактивен, неспецијализиран и често со секундарна виктимизација

Во Србија постојат примери на секундарна виктимизација, вклучително и совети до жртвите да се „одјават од интернет", наместо институциите да го препознаат насилството, да ги документираат доказите и да проценат ризик. Нееднаквото постапување го отежнува пристапот до правда, особено кога кривичното гонење се префрла на приватна тужба.

Во Северна Македонија, институциите немаат доволно специјализирани протоколи и технички капацитети за дигитални докази, а јавното обвинителство не секогаш покренува постапки по службена должност. Посебен проблем претставува заштитата на девојчињата и младите жени кои се соочуваат со онлајн закани и уцени. На Косово*: институциите побрзо реагираат на физичкото насилство отколку на дигиталните форми на насилство, кои често се третираат како прашање на сајбер-безбедност. Недостатокот на услуги засновани на пристап што го зема предвид трауматското искуство и на специјализирани услуги, особено за сексуално насилство и малолетни лица, го ограничува закрепнувањето и заштитата. Албанија има координирани механизми за упатување во сите општини, но проценката на ризикот, итните мерки и собирањето дигитални докази не се применуваат подеднакво. Услугите во некои средини зависат од донаторски средства и локални капацитети. Во Босна и Херцеговина достапните податоци и информации укажуваат на пропусти во собирањето дигитални докази. Така, на пример, во еден предмет на сексуално вознемирување, обвинителството не утврдило дали испраќањето фотографии било извршено преку те-

лефон или преку социјални мрежи, што влијаело врз правната квалификација на делото.

Институционалната фрагментација го отежнува усогласениот одговор, додека во Црна Гора институциите често ги третираат случаите преку општи категории како говор на омраза, закани или повреда на приватноста, без препознавање на родовата димензија и континуитетот на насилството. Не постои посебен мултисекторски протокол за технолошки посредувано насилство.

Одговорот на технолошки посредуваното насилство не може да се сведе на совет до жртвата да го блокира сторителот, да го исклучи профилот или да престане да користи интернет. Таквите мерки можат да бидат корисни за непосредна безбедност, но не го решаваат насилството ниту ја префрлаат одговорноста на лицето кое го врши насилството.

Институциите треба да ја препознаат дигиталната димензија на насилството во секоја проценка на ризикот. Тоа подразбира поставување прашања за пристапот на сторителот до телефонот, профилите и лозинките на жртвата; следење на локацијата; користење апликации за надзор; закани со објавување содржини; постоење лажни профили; дигитални закани; како и можноста насилството да се засили по прекинување на односот.

Полицијата, обвинителствата и судовите треба да имаат јасни процедури за пријавување, итно зачувување на дигиталните докази и истрага на случаите. Ова вклучува зачувување пораки, снимки од екранот, линкови, податоци за профили и други дигитални траги, со истовремена заштита на приватноста и безбедноста на жртвата. Важно е доказите да се соберат навреме бидејќи содржините можат да бидат избришани, изменети или преместени на други платформи.

Системот на поддршка треба да опфати психолошка помош, правно советување, поддршка при пријавување, помош во проценка на дигиталната безбедност, како и поддршка при поднесување барања за отстранување на штетни содржини. Специјализираните женски организации имаат важна улога бидејќи често први го препознаваат дигиталниот аспект на насилството и обезбедуваат поддршка која ги поврзува безбедноста, доверливоста, психосоцијалната помош и правната заштита. Одговорност имаат и дигиталните платформи и компаниите кои управуваат со комуникациски алатки. Тие треба да обезбедат достапни и разбирливи механизми за пријавување, навремено отстранување на насилни и сексуално експлицитни содржини споделени без согласност, заштита на профилите, спречување на повторно објавување на

отстранети материјали и соработка со надлежните органи кога тоа е потребно. Превенцијата затоа бара комбинирање на дигиталната писменост со образование за родова рамноправност, согласност, приватност, граници и одговорност во дигиталниот простор. Целта не е жените и девојчињата да се повлечат од интернетот, туку дигиталниот простор да стане побезбеден, пораменоправен и подостапен за сите.

Облици на технолошки посредувано насилство

(b) Онлајн вознемирување и родово заснован говор на омраза

- Мрежно вознемирување: организирани или полуорганизирани групи, профили или заедници систематски напаѓаат жена, испраќаат навреди, закани, сексуализирани пораки, лажни обвинувања или повици за насилство.
- Родов и сексистички говор на омраза: мизогини, сексуализирани, хомофобни, трансфобни или анти-родови содржини кои ги напаѓаат жените поради нивниот пол, изглед, сексуалност, јавно ангажирање или политички став.
- Сексуализирано посрамување и тролање: коментари, објави, фотографии, мемови или страници кои ги изложуваат девојките и жените на потсмевање, засрамување или притисок да се повлечат од јавниот простор.
- Одмазда поради поддршка на жртвите: напади врз активистки, правнички, новинарки и организации кои јавно зборуваат за насилството, ги поддржуваат жртвите или се залагаат за измени на законите.

(c) Сексуално насилство во дигитално окружување

- Споделување интимни или сексуално експлицитни содржини без согласност: објавување, проследување или закана со објавување фотографии, видеозаписи или пораки без согласност на лицето.
- Уцена со интимна содржина: закана со објавување или испраќање интимна содржина до семејството, работодавачот, училиштето, јавноста или институциите, со барање пари, секс, останување во врска, молчење или повлекување на пријавата.

Овој облик на насилство е особено ризичен за жртвата бидејќи може брзо да прерасне во самоповредување, физичко насилство, изнуда или продолжување на контролата.

- Синтетичка сексуална содржина и дипфејк порнографија: употреба на вештачка интелигенција или апликации за создавање лажни сексуални фотографии и видеозаписи.[127]

- Споделување сексуална содржина на малолетни лица: особено сериозен облик на насилство и експлоатација кој бара итно вклучување на полицијата, обвинителството, центарот за социјална работа, училиштето и специјализирана поддршка, со заштита на идентитетот на детето и спречување на понатамошно споделување.

(d) Загрозување на безбедноста и приватноста преку технологија

- Доксување: објавување приватни податоци, адреса, телефонски број, информации за семејството, работното место, училиштето, локацијата или документи со цел заплашување, понижување или изложување на жртвата на дополнителни напади.

- Аутување без согласност: јавно откривање на сексуалната ориентација, родовиот идентитет, здравствениот статус или други чувствителни податоци без согласност, што може да доведе до насилство во семејството, исфрлање од домот, губење на работата или дополнителна стигматизација.

- Сајбер-прогонување: упорно следење, испраќање пораки, контактирање преку повеќе профили, користење лажни профили, следење на локацијата и надзор на активностите.

- Stalkerware (вид на малициозен софтвер) и дигитална контрола: тајно инсталирани апликации, споделени профили, присилно давање лозинки, следење на локацијата, пристап до пораки, фотографии и банкарски апликации.[128]

127 Извештајот на Home Security Heroes: *2023 State of Deepfakes* наведува дека огромното мнозинство од дипфејк порнографските содржини се насочени кон жени. Достапно на: https://www.securityhero.io/state-of-deepfakes/

128 SHARE Фондациите и меѓународните ресурси за технолошка безбедност укажуваат дека овој облик често се појавува во партнерското насилство.

E.2. Проценка на ризикот од продолжување, интензивирање и преминување во други облици на насилство

Проценката на ризикот мора да биде составен дел од работата со секоја жртва на технолошки посредувано насилство и тоа од првиот контакт, не како административна фаза што следува по разговорот, туку како динамичен, континуиран процес кој се ревидира секогаш кога ќе се променат околностите. Не е доволно да се праша што било објавено или кој ја испратил пораката. ТПН речиси никогаш не е изолиран инцидент: зад една закана, едно објавено видео или една блокирана банкарска апликација најчесто стои подолг образец на контрола кој му претходел на видливото насилство или истовремено го придружува во различни форми.

Што мора да опфати проценката на ризик?

Проценката на ризикот во случаите на ТПН опфаќа неколку меѓусебно поврзани димензии кои треба да се разгледаат како целина, а не како одделни проверки.

Образец на контрола и историја на насилство. Почетната точка не е инцидентот, туку односот. Дали насилството започнало онлајн или дигиталната компонента е продолжение на офлајн контролата? Колку долго трае? Дали се засилило? Кои форми на насилство биле присутни претходно - физичко, психолошко, економско, сексуално? Дали жртвата претходно го пријавувала насилството и што се случило тогаш?

Односот меѓу жртвата и сторителот. Дали се работи за сегашен или поранешен партнер, член на семејството, колега, познаник или непознато лице? Периодот на разделување - непосредно по прекинот на врската или најавата за заминување, е особено ризичен: ТПН во тој период може да се засили како обид за повторно воспоставување контрола или како одмазда. Познавањето на сторителот на дигиталните алатки за следење, креирање лажни профили, пристап до профили или генерирање (создавање) синтетичка содржина директно влијае врз проценката на заканата.

Достапност на жртвата и изложеност. Каде живее и работи жртвата? Дали сторителот ја знае нејзината адреса, работното место, рутините на движење? Дали има пристап до нејзините уреди, профили или лозинки, преку заеднички уред, споделен облак (shared cloud) или малициозен софтвер (stalkerware) апликација инсталирана без нејзино знаење? Дали го дели станбениот простор со сторителот? Можностите на жртвата да се заштити дополнително се ограничени поради еко-

номската зависност од сторителот, заедничките деца или заедничкиот имот, поради што овие фактори треба да се проценуваат како фактори на ранливост, а не како причина интервенцијата да се одложи.

Присуство на закани и поседување оружје. Дали заканите се експлицитни (јасни и недвосмислени) или имплицитни (прикриени)? Дали вклучуваат закани со физичко насилство, смрт, силување, повредување на децата или закани кон блиски лица на жртвата? Дали сторителот поседува оружје или има пристап до него? Дали некогаш претходно користел физичка сила? Истражувањата од сите шест земји во регионот доследно и постојано покажуваат дека дигиталното насилство, особено прогонувањето, заканите со објавување содржини и координираното вознемирување, му претходи или го придружува физичкото насилство и фемицидот, поради што никогаш не смее да се проценува како помалку сериозно само затоа што се одвива преку екран.

Дигитални ризици специфични за ТПН. Која содржина постои и каде е објавена? Дали е можно да се следи нејзиното понатамошно ширење? Колку лица веќе ја виделе или споделиле содржината? Дали постои ризик од понатамошно споделување во групи, на форуми или преку алтернативни профили? Дали се работи за дипфејк содржина која може повторно да биде генерирана? Дали сторителот користи анонимни профили или VPN кои ја отежнуваат идентификацијата? Дали содржината веќе е архивирана на платформи од кои е потешко да се отстрани? Овие околности директно влијаат врз проценката на штетата и врз приоритетите за заштита. Итното отстранување на содржината понекогаш е ист или повисок приоритет од самото пријавување на случајот.

Присуство на деца. Дали имаат заеднички деца? Дали контактот се остварува преку децата? Дали сторителот ги користи детските профили, училишните комуникациски канали или контактите преку училиштето или градинката како начин за пристап до жртвата? Дали децата сведочат на насилството или и самите се мета на дигитално вознемирување?

Институционални фактори и историја на пријавување. Дали жртвата претходно го пријавувала насилството и каков бил институционалниот одговор? Дали постојат изречени мерки за заштита и дали се почитуваат? Дали сторителот претходно бил осудуван?

Инструменти и пристапи

Проценката на ризикот не е еднократен разговор ниту административен образец кој се пополнува само при првата пријава на насилство. Тоа е континуиран, структуриран процес насочен кон лицето кое го преживеало насилството и се повторува кога ќе се промени околно-

стите: по прекинот на односот, пријавувањето на насилството, изрекувањето или истекувањето на мерките за заштита, нова закана, објавување содржини, промена на местото на живеење, вклучување на децата во насилството или засилување на дигиталната контрола. Нејзината цел не е да го „предвиди" секој иден настан, туку навремено да ги препознае обрасците на ескалација и да овозможи планирање мерки кои го намалуваат ризикот.

Квалитетната проценка комбинира структурирани инструменти, стручна проценка на конкретниот случај и проценка на опасноста што ја изнесува самата жена. Нејзиното искуство мора да има централно место: жената често најдобро ги препознава промените во однесувањето на сторителот, засилувањето на контролата, претходните закани, ризикот по разделувањето и околностите кои можат да доведат до ескалација на насилството. Двоумењето, недоследноста во исказот, избегнувањето на одредени теми или промените во однесувањето за време на разговорот не смеат автоматски да се толкуваат како неверодостојност. Таквите реакции можат да бидат последица на страв, траума, надзор над уредите или непосредно присуство на сторителот.

Еден од најпознатите инструменти за проценка на ризикот од тешко и смртоносно насилство во контекст на сегашни или поранешни интимни партнерски односи е **Danger Assessment (DA)**, кој го развила Жаклин Кембел (Jacquelyn C. Campbell). DA е наменет за проценка на веројатноста од смртоносно или речиси смртоносно насилство во случаи на партнерско насилство.[129] Не треба да се користи како универзален инструмент за секој облик на технолошки посредувано насилство, ниту самостојно да се менува неговиот систем на бодирање или да се додаваат нови ставки без стручна валидација. DA е најкорисен кога технолошки посредуваното насилство е дел од поширок образец на партнерска контрола, прогонување, закани, физичко или сексуално насилство, насилство по разделување или конфликти поврзани со децата. Во такви случаи, стандардната проценка преку DA треба да биде дополнета со посебен додаток за дигитални индикатори на ризик. Тој додаток не претставува нов нумерички инструмент, туку структуриран сет прашања кој помага дигиталната димензија на насилството да се вклучи во стручната проценка и планот за безбедност.

Покрај DA, женските организации можат да користат и **CAADA-DASH/ MARAC** [130] како стручен инструмент за структурирано препознавање на сериозно, повторувано или ескалирачко партнерско и семејно насилство. Оваа листа може да им помогне на советничките систематски да го разгледаат претходното насилство, заканите, контролата, стра-

129 Jacquelyn C. Campbell, Daniel W. Webster, and Nancy Glass, "The Danger Assessment: Validation of a Lethality Risk Assessment Instrument for Intimate Partner Femicide," *Journal of Interpersonal Violence* 24, no. 4 (2009): 653-74

130 Игњатовиќ, Т. (2011). *Насилство врз жените во интимен партнерски однос: модел на координиран одговор на заедницата.* Белград: Реконструкција Женски фонд, стр. 189-192.

вот на жената, изолацијата, ризиците поврзани со децата, зависноста од сторителот и другите показатели на ескалација. Сепак, самата листа не може да ја замени стручната проценка, разговорот со жената, супервизијата или континуираното следење на случајот. Особено е важно организацијата која го користи овој инструмент јасно да дефинира која верзија на листата ја применува, кој е овластен да ја користи, како се евидентираат резултатите и на кој начин проценката води кон конкретни мерки за поддршка.

Во случаите на ТПН, покрај DA или MARAK листата, треба да се разгледаат најмалку следните дигитални показатели на ризик:

- дали сторителот има пристап до телефонот, електронската пошта, профилите на социјалните мрежи, клауд (cloud) сервисите, банкарските апликации, заедничките уреди или профилите кај мобилниот оператор;
- дали ја следи локацијата преку телефон, GPS уреди, паметен часовник, автомобил, Bluetooth уреди, апликации или паметни уреди во домот;
- дали постои сомневање за stalkerware, spyware, таен пристап до уредот, профилот или интернет-врската;
- дали сторителот се заканува со објавување интимни содржини, приватна преписка, лични податоци или информации за децата;
- дали интимни содржини, фотографии, видеозаписи, податоци за локација или приватни пораки веќе се објавени или испратени до трети лица;
- дали сторителот користи лажни профили, контактира со семејството, пријателите, работодавачот, училиштето на децата или заедничките контакти;
- дали преку дигитални канали ја заобиколува забраната за приближување или забраната за комуникација;
- дали дигиталното насилство се засилило по прекинот на односот, пријавувањето на насилството, заминувањето во сигурна куќа или започнувањето постапка;
- дали децата се користат за надзор, пренесување пораки, следење на локацијата или вршење притисок врз мајката.

Дигиталните индикатори не треба да се третираат како споредна техничка околност. Контролата на профили, следењето на локацијата, надзорот над комуникацијата и заканите со објавување содржини можат да бидат дел од истиот образец на принуда, изолација и заплашување како физичкото, психолошкото, сексуалното или економското насилство. GREVIO Општата препорака бр. 1 ја нагласува потребата државите и службите да ја препознаат дигиталната димензија на насилството како составен дел од родово заснованото насилство и да ја вклучат во заштитата, поддршката, обуката на стручните лица, собирањето докази и координираното постапување.[131]

Во практичната работа, проценката на ризикот треба да започне со проверка дали е безбедно да се разговара. Потребно е да се утврди дали жената користи уред до кој сторителот може да има пристап, дали е безбедно да се повика, да се испрати порака или електронска пошта, дали сторителот знае за контактот со организацијата и дали постојат безбедни термини и начини на комуникација. Кога постои сомневање за надзор над телефонот или профилите, комуникацијата за насилството и планирањето на безбедноста треба, кога е можно, да се води преку друг уред или профил до кој сторителот нема пристап.

Во случај на сомневање за *stalkerware* или друг облик на таен надзор, на жената не треба автоматски да ѝ се советува веднаш да ја избрише апликацијата, да го ресетира уредот или да ги промени лозинките на потенцијално компромитиран телефон. Таквите промени можат да го предупредат сторителот, да доведат до ескалација или да ги уништат доказите. Побезбеден пристап подразбира проценка на непосредниот ризик, користење друг уред за чувствителна комуникација, документирање на релевантните околности и изработка на план за постепено и безбедно преземање контрола над профилите и уредите.[132]

Документирањето на дигиталните докази мора да биде насочено кон безбедноста и кон собирање на минималниот неопходен број податоци. Кога е безбедно, корисно е да се забележат датумот и времето на настанот, називот на платформата, корисничкото име или профилот на сторителот, линкот, содржината на заканата и евентуалните сведоци. Интимните содржини не треба рутински да се проследуваат меѓу организации или институции. Нивното дополнително споделување може да ја зголеми штетата, да ја загрози приватноста на жената и да создаде нови ризици. Во случај на потреба за постапка, треба да се процени кои докази е неопходно да се зачуваат, кој има овластување да ги преземе и како можат да се чуваат без дополнително изложување на жената.

131 Group of Experts on Action against Violence against Women and Domestic Violence (GREVIO), *General Recommendation No. 1 on the Digital Dimension of Violence against Women* (Strasbourg: Council of Europe, 2021).

132 National Network to End Domestic Violence, Safety Net Project, "Spyware Evidence,"; National Network to End Domestic Violence, Safety Net Project, "Cell Phone Safety Plan,".

Кога проценката укажува на висок или растечки ризик, потребно е да се изработи индивидуален план за безбедност и да се активираат постојните механизми за координација во согласност со локалните прописи и процедури. Планот треба да опфати безбеден начин на комуникација, итни контакти, правна и психосоцијална поддршка, заштита на децата, начин на чување на доказите, мерки за дигитална безбедност, евентуално пријавување до платформите и јасно дефинирана одговорност на секоја вклучена служба. Размената на податоци треба да биде ограничена на информациите кои се навистина потребни за заштита и постапување, со објаснување на жената што се споделува, со кого и поради која причина, освен кога законот наложува поинакво постапување за отстранување на непосредна опасност.

DA и MARAK листата не се соодветни инструменти за секој облик на ТПН. Кога насилството го врши непознато лице, организирана група, колега, јавна личност, поранешен познаник или поголем број профили, проценката мора да биде приспособена на конкретната ситуација. Тогаш треба посебно да се разгледа ризикот од идентификација или физичко пронаоѓање на жената, јавно ширење на содржината, координирано вознемирување, доксување, губење на работното место, последици по децата, угледот, менталното здравје и учеството на жената во јавниот живот. Во такви случаи, фокусот не е на примена на партнерски инструмент, туку на индивидуализирана проценка на дигиталната безбедност, достапните правни механизми, поддршката од организациите и планот за ограничување на понатамошното ширење на штетата.

Проценката на ризикот затоа не смее да се сведе на збир на бодови или формално пополнување листа. Нејзината вредност е во тоа да го поврзе искуството на жената, да ги препознае показателите на насилство, дигиталната димензија на контролата и конкретните мерки за заштита. Добрата проценка на ризикот завршува со јасен план: што жената може да направи безбедно, што презема организацијата, кои институции треба да се вклучат и кога проценката мора повторно да се спроведе.

Проценка на ризик како основа на планот за заштита

Резултатот од проценката на ризикот мора да биде конкретен план за заштита кој истовремено ја опфаќа и офлајн и онлајн димензијата на насилството. Планот за заштита за случаите на ТПН вклучува: безбедносни чекори за уредите и профилите (промена на лозинки, отстранување на *stalkerware* апликации, активирање двофакторска автентикација, замена на SIM-картичката доколку се следи); процедура за документирање и чување на дигиталните докази пред содржината да биде

отстранета; контакти за итна поддршка кои не се достапни за сторителот; план во случај на ескалација - кој број да се повика, кому да се обрати, каде да се замине; и проценка дали и во која мера е безбедно да продолжи користењето на постојните профили и уреди.

Проценката на ризикот не е еднократна: мора да се ревидира при секоја промена на околностите, нова закана, обид за контакт, објавување нова содржина, промена во односот меѓу жртвата и сторителот или во текот на судската постапка, која сама по себе може да биде поттик за засилување на насилството. Организацијата која работи со жртва на ТПН презема одговорност овој процес да го води континуирано, а не само при првиот контакт.

Проценка на ризикот и минимална поддршка за преживеаните на ТПН во организација на граѓанското општество

РИЗИК	КЛУЧНИ ПРАШАЊА	МИНИМАЛЕН ОДГОВОР НА ПОДДРШКА
Закани со смрт, физичко или сексуално насилство	Дали сторителот се заканува дека ќе дојде, ќе ја повреди жртвата, децата, семејството, домашните миленици или себеси? Дали споменува оружје?	Итно вклучување на полицијата и обвинителството; проценка на потребата од итни мерки за заштита; план за физичка безбедност; безбедна локација.
Уцена со интимна содржина	Дали сторителот бара пари, секс, продолжување на врската, повлекување на пријавата или молчење? На кого се заканува дека ќе ја испрати содржината?	Да не се преговара со сторителот без стручна поддршка; да се зачуваат доказите; да се користат алатки како што е StopNCII; да се размисли за итно пријавување.
Историја на партнерско или семејно насилство	Дали имало физичко, сексуално, психолошко или економско насилство? Дали насилството ескалирало по прекинот на врската?	Случајот да се третира како дел од поширок образец на принудна контрола; да се вклучат центарот за социјална работа и специјализирана женска организација.
Прогонување и дигитално следење	Дали сторителот ја знае локацијата, распоредот, контактите, лозинките или има пристап до уредите? Дали користи лажни профили?	Безбедносна проверка на уредите; промена на лозинки; исклучување на споделувањето локација; документирање на сите контакти.
Доксување и јавно посрамување	Дали се објавени адресата, телефонскиот број, работното место, училиштето, податоците за децата или семејството?	Да се побара отстранување на содржината; да се извести работодавачот или училиштето само доколку е безбедно; да се планира заштита од доаѓање на сторителот или трети лица.
Деца или малолетни лица	Дали детето е жртва, сведок или средство за уцена? Дали постои сексуална содржина на малолетно лице?	Итно пријавување до надлежните органи; заштита на идентитетот на детето; спречување на понатамошно споделување; психолошка поддршка.
Вештачка интелигенција и синтетичка содржина	Дали се работи за монтирана или генерирана содржина? Дали содржината веќе е споделена или со неа се заканува?	Да се документираат линковите и профилите; да не се шири содржината; да се побара отстранување; да се процени штетата врз угледот и психолошката состојба.
Ризик од самоповредување или суицидалност	Дали жртвата зборува дека не гледа излез, дека се плаши од јавно посрамување или дека ќе си наштети себеси?	Да не се остава жртвата без поддршка; да се поврзе со итна психолошка помош и лице од доверба; да се планира безбедноста во следните 24 часа.
Сторителот е службено лице или има моќ над жртвата	Дали сторителот е полицаец, наставник, работодавач, јавна личност, политички актер или ИТ стручњак?	Проценка на дополнителниот ризик од злоупотреба на положбата; внимателен избор на институцијата за пријавување; вклучување правна помош и независна поддршка.

I. ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПРИЈАВИ ЗА ТПН

I.1. Интерни процедури за прием и постапување по пријави

Секоја организација на граѓанското општество која обезбедува индивидуална поддршка на жени и девојчиња изложени на насилство треба да има пишани интерни процедури кои јасно го уредуваат приемот на пријавата или доверувањето, почетната проценка на безбедноста и ризикот, евидентирањето на податоците, информираната согласност, упатувањето до други служби, следењето на случајот и неговото затворање. Тоа не е бирократско барање, туку основен механизам за заштита на преживеаното лице, вработените и самата организација.[133]

Организациите кои првенствено се занимаваат со превенција, едукација, кампањи или застапување, а не обезбедуваат континуирана индивидуална поддршка, исто така треба да имаат соодветни процедури. Тие најмалку треба да определат кој го прима доверувањето, како се проверува непосредната безбедност, на кој начин лицето се упатува кон специјализирана поддршка и како се штитат неговите податоци. Таквите организации не треба да преземаат улога на даватели на услуги за управување со случај доколку за тоа немаат обучен персонал, супервизија, безбедни системи за чување податоци и развиен систем на протоколи и процедури кои ги поврзуваат жртвите на насилство со институциите и организациите, т.н. референтни патеки.

Внатрешните процедури треба да одговорат на неколку клучни прашања: кој ја прима пријавата и кој е задолжен за понатамошен кон-

133 GBVIMS Steering Committee. *Interagency Gender-Based Violence Case Management Guidelines: Providing Care and Case Management Services to Survivors of Gender-Based Violence in Humanitarian Settings*. 2017.

такт; како се проверува дали е безбедно да се контактира лицето по телефон, порака или електронска пошта; кога и како се спроведува проценката на ризикот; кои информации се евидентираат и кој може да има пристап до нив; како се обезбедува информирана согласност за упатување или размена на податоци; како се постапува во ситуации на непосредна опасност; како случајот се упатува до други служби; и кога случајот се затвора или повторно се отвора.

Во случаите на технолошки посредувано насилство, процедурите мора да содржат и посебни мерки за дигитална безбедност. Потребно е да се провери дали уредот е безбеден за комуникација, дали постои сомневање за дигитален надзор или пристап до профили, како се чуваат снимките од екранот и другите дигитални докази, како се спречува дополнително ширење на интимни содржини или други чувствителни податоци. Организацијата не треба рутински да прима, чува или проследува интимни снимки, лозинки или целосна приватна преписка, туку само минимум податоци потребни за проценка, поддршка и евентуално упатување.[134]

Две особено корисни меѓународни референтни рамки за изработка на вакви процедури се *Interagency Gender-Based Violence Case Management Guidelines* и *IASC Definition and Principles of a Victim/Survivor-Centred Approach.*

Interagency Gender-Based Violence Case Management Guidelines претставуваат една од најдеталните меѓународни рамки за управување со случаи на родово засновано насилство. Смерниците се развиени за хуманитарни контексти, но нивните основни принципи и практични алатки се применливи и пошироко: прием и проценка на случајот, планирање на безбедноста, доверливост, информирана согласност, водење документација, упатување, координација со други служби, супервизија и затворање на случајот.[135]

Пристапот на IASC насочен кон жртвата/преживеаното лице е особено развиен за постапување во случаи на сексуална експлоатација, злоупотреба и сексуално вознемирување, но неговите принципи можат да бидат вградени во сите интерни процедури на организацијата. Овој пристап ги става правата, потребите, желбите, безбедноста, достоинството и благосостојбата на преживеаното лице во центарот на секое постапување. Тоа значи дека помошта не се условува со формална пријава, дека информациите не се споделуваат без јасно објаснување и согласност, освен во ограничени ситуации на непосредна опасност или законска обврска, и дека преживеаното лице го задржува правото да одлучува за следните чекори.

134 GREVIO. *General Recommendation No. 1 on the Digital Dimension of Violence against Women*. Strasbourg: Council of Europe, 2021.

135 Inter-Agency Standing Committee. *Definition and Principles of a Victim/Survivor-Centred Approach*. Geneva: Inter-Agency Standing Committee, 2023

Добро уредената процедура не служи само за да определи „кој што прави", туку и да спречи секундарна виктимизација, небезбедно споделување на податоци, нејасни очекувања, префрлање на одговорноста меѓу организациите и исцрпување на вработените. Затоа секоја организација треба редовно да ги преиспитува своите процедури, да обезбеди обука и супервизија за лицата кои работат со пријави, како и да ги приспособува на промените во законодавството, достапните услуги и облиците на технолошки посредувано насилство.

I.2. Поврзаност на интерните постапки со меѓународните стандарди и регулаторната рамка

GREVIO GR No. 1 (2021) изрично бара од државите да овозможат организациите на граѓанското општество да имаат капацитети за прием, евидентирање и проценка на случаи на ТПН. CDT Europe (2026) нагласува дека е неопходно ОГО да бидат вклучени во процесите на проценка на ризикот на платформите и во застапувањето за усогласен одговор на ТПН.

Interagency GBV Case Management Guidelines (UNICEF/UNFPA/UNHCR) препорачуваат секоја организација која работи со преживеани на РЗН/ТПН да има пишани, периодично ревидирани интерни процедури усогласени со меѓународните стандарди.

I.3. Осум компоненти на интерните процедури за ТПН

Компонента **1: Прием на пријава**

Процедурата мора да дефинира: кој може да поднесе пријава (самата жртва, лице од доверба, сведок, анонимно); начини на пријавување (телефон, електронска пошта, лично, онлајн формулар, шифриран канал); итни ситуации и постапување во кризни случаи; рокови за реагирање (препорачливо: итен контакт во рок од 24 часа за случаи со ризик по безбедноста, и во рок од 72 часа за останатите). За случаите на ТПН посебно: да се обезбеди безбеден и доверлив канал за комуникација од првиот контакт; во случај на испраќање дигитални докази (снимки од екранот, линкови), јасно да се дефинира каде се чуваат и кој има пристап до нив; да не се бара од жртвата да испрати или прикаже интимна содржина која е предмет на насилство.

Компонента **2: Прв контакт со лице кое преживеало ТПН**

Се применуваат основните принципи на IASC и меѓународните стандарди

- Безбедност: да се процени непосредниот ризик, да се обезбеди, пред сè, физичката безбедност.
- Доверливост: јасно да се објасни кој има пристап до информациите и во кои околности.
- Почитување: да не се суди за постапките на жртвата; да се користи јазик што лицето го разбира.
- Недискриминација: еднаков третман без оглед на род, етничка припадност, сексуална ориентација или попреченост.
- Информирана согласност: да се објаснат сите чекори и да се бара согласност за секој од нив.
- Право на лицето самото да одлучува: да не се врши притисок за одреден исход или пријавување.

За ТПН: при првиот контакт да се процени непосредната дигитална опасност (Дали содржината сè уште се шири? Дали сторителот има пристап до уредите? Дали постојат закани со физичко насилство?). Да не се бара од жртвата повторно да ја гледа или покажува трауматичната содржина без неопходна потреба.

Компонента **3: Евидентирање на случајот**

Минимален сет на податоци кои треба да се евидентираат: единствен број на предметот; облик на ТПН и платформа/канал; односот меѓу жртвата и сторителот; историја на насилство; присуство на деца; преземени мерки за поддршка и координирани институции; датум и канал на контакт.

Заштита на податоците: ограничен пристап до документацијата (само вработени кои директно работат на случајот); правила за чување и уништување на документацијата во согласност со националниот закон за заштита на податоците; дигиталните докази да се чуваат на енкриптирани (шифрирани) сервери или уреди; никогаш да не се испраќаат интимни содржини преку нешифрирани канали.

Компонента **4: Проценка на ризик за случаи на ТПН**

Покрај стандардната проценка на физичката загрозеност, процедурата мора да ги опфати следните дигитални индикатори:

- Непосредна опасност по живот: закани со смрт или физичко насилство; дали сторителот ја знае физичката локација на жртвата?
- Дигитални ризици: дали сторителот има пристап до профилите, уредите или лозинките? Дали содржината сè уште активно се шири? Дали постои уцена? Дали се работи за дипфејк содржина?
- Пристап на сторителот до жртвата: следење на локацијата; лажни профили; дигитален надзор.
- Присуство на деца: дали постои сексуална содржина која вклучува малолетни лица?
- Здравствени и психолошки ризици: дали жртвата е во криза? Дали постои ризик од самоповредување или суицидалност?

Матрица за проценка на ризик за ТПН:

- ВИСОК РИЗИК (итна интервенција): закани со смрт или физичко насилство; содржината масовно се шири; уцена со рок; сторителот ја знае локацијата; присуство на деца во содржината; знаци на суицидалност.
- СРЕДЕН РИЗИК (интервенција во рок од 24-48 часа): содржината е објавена, но не е во масовно ширење; сторителот има пристап до профили; историја на насилство; дигитална контрола во партнерски однос.
- НИЗОК РИЗИК (поддршка и следење): вознемирување кое не ескалирало; поединечни инциденти без образец; жртвата не е во непосредна опасност, но сака совет.

Компонента **5: Изработка на безбедносен план**

Планот за безбедност се изработува заедно со лицето кое го преживеало насилството, мора да биде практичен и приспособен на конкретната ситуација. За случаите на ТПН, планот треба да вклучи:

- Дигитални мерки: промена на лозинки (внимателно - да се земе предвид напомената за stalkerware); исклучување на споделувањето локација; проверка на пријавени уреди на профилите;

активирање двофакторска автентикација; безбедносна проверка на уредот за stalkerware.

- Физички мерки: итни контакти; безбедни места; план за кризна ситуација; поддршка од семејство или пријатели (само доколку е безбедно).
- Институционални мерки: пријавување во полиција (да се процени кога и во која институција е безбедно да се пријави); барање за заштитна мерка; користење на StopNCII за превентивно блокирање на содржини (доколку е применливо).
- Напомена за stalkerware: доколку постои сомневање дека сторителот инсталирал злонамерен софтвер (stalkerware) на уредот на жртвата, да не се менуваат нагло лозинките - да се користи друг, безбеден уред за комуникација.

Компонента **6: Упатување кон услуга**

Преживеаното лице, со своја согласност, може да биде упатено до:

- Центар за социјална работа (проценка на ризик, план за заштита, ГКС механизам).
- Полиција (пријавување кривично дело, итни мерки, заштитна наредба).
- Здравствени установи (психолошка поддршка, документирање на повреди).
- Правна помош (бесплатна правна помош, пријавување во полиција, барање за заштитна мерка).
- Сигурна куќа (сместување во случај на непосредна опасност).
- Психолошко советување (специјализирано советување насочено кон траума).
- **ехничка поддршка за ТПН:** CyberIntima (Србија/регион), StopNCII, стручно лице за дигитална безбедност.

Мапа на локални реферални патеки: секоја организација треба да подготви ажурирана листа на контакти во својата општина. Упатувањето се врши само со изречна согласност на жртвата.

Компонента **7: Управување со случајот** (Case Management)

Управувањето со случајот подразбира:

Индивидуален план за поддршка: специфичен за потребите и ситуацијата на конкретното лице; се ревидира секогаш кога ќе се променат околностите.

- Редовно следење: проверки во дефинирани интервали (на пример: 48 часа, 1 недела, 1 месец); жртвата не смее да биде оставена без контакт.
- Координација со други служби: размена на информации само со согласност на жртвата; јасно да се дефинира кој со кого комуницира и кои информации се споделуваат.
- Периодични проценки на потребите: ситуацијата се менува; проценката на ризик не е еднократна активност.

Посебна напомена за ТПН: дигиталното насилство може да продолжи и за време на управувањето со случајот - преку нови профили, нова содржина или нови платформи. Процедурата мора да предвиди како се евидентираат и кој ги проценува новите дигитални инциденти.

Компонента **8: Затворање на случајот**

Случајот се затвора кога: целите на поддршката ќе бидат остварени и жртвата е во безбедно опкружување; лицето повеќе не сака поддршка (со документирање на нејзината слободна одлука и информирање за тоа како повторно да ја контактира организацијата); ќе се изгуби контактот (со документирање на сите обиди за воспоставување контакт); ќе се изврши пренос кон друга организација (со согласност на лицето и пренос само на неопходните информации).

Процедурата го дефинира начинот на документирање на затворањето на случајот, вклучително и анонимизирано внесување во евиденцијата на организацијата (за потребите на застапување и мониторинг) и безбеден начин на уништување или чување на документацијата.

I.4. Задолжителни документи кои што организацијата треба да ги поседува

За организациите на граѓанското општество во регионот се препорачува интерната процедура да ги опфати најмалку следните документи:

- Политика за заштита од родово засновано насилство и ТПН.
- Процедура за прием и обработка на пријави за ТПН (чекор по чекор, со обрасци).
- Протокол за проценка на ризик (вклучувајќи дигитални индикатори).
- Протокол за упатување и соработка со институции (со ажурирана мапа на контакти).
- Образец за информирана согласност (за секое дејствие посебно).
- Образец за евиденција на случај (со минимален сет на податоци и заштита на приватноста).
- План за безбедност (предлог-образец кој се приспособува на секој случај).
- Политика за доверливост и заштита на податоци (вклучувајќи дигитални докази и енкриптирана комуникација).
- SEAH/PSEAH процедура - процедура за спречување и реагирање на сексуална експлоатација, злоупотреба и вознемирување. Организациите кои работат директно со корисници, деца, жени изложени на насилство или други ранливи групи треба да имаат јасни правила на однесување, доверливи канали за пријавување, постапка за реагирање и упатување, заштита од одмазда и обука на вработените. За организациите кои спроведуваат проекти со агенции на UN и одредени меѓународни донатори, постоењето и примената на PSEA механизмите претставуваат договорен и партнерски услов кој се проценува преку стандардите за организациски политики, обуки, човечки ресурси, пријавување и одговор на случаи.
- Етички кодекс за вработените и соработниците/чките (вклучувајќи дигитална етика и заштита на приватноста на жртвите).

I.5. Посебни прашања за дигиталната безбедност на организациите

Организациите кои работат со жртви на ТПН и самите можат да станат мета на дигитален напад:

- Комуникација со жртвите: да се користат енкриптирани канали за комуникација (Signal, ProtonMail); да не се разменуваат интимни содржини за жртвата преку нешифрирани канали.
- Чување на дигитални докази: само на енкриптирани уреди или сервери со ограничен пристап; јасен протокол кој има пристап и под кои услови.
- Заштита на вработените: активистките и вработените самите можат да бидат мета на дигитална одмазда; организацијата мора да има план за вакви ситуации, вклучувајќи поддршка за вработените.
- Редовни безбедносни ревизии: еднаш годишно да се проценува безбедноста на дигиталните системи на организацијата.

I.6. Дигитални алатки за заштита и начин на нивно користење во поддршката

Дигиталните алатки не ја заменуваат институционалната заштита, но можат да ја намалат штетата, да го забават ширењето на содржината и да ѝ помогнат на жртвата да ги зачува доказите. Во обуката е важно да се покаже што може алатката, што не може и како се користи без да се загрози жртвата.

АЛАТКА / ЧЕКОР	ЗА ШТО СЛУЖИ	КАКО СЕ КОРИСТИ	ШТО СЕ ДОБИВА И ОГРАНИЧУВАЊА
StopNCII.org	Бесплатна алатка која ја водат Internet Watch Foundation и партнери. Наменета е за лица постари од 18 години кои се плашат дека нивните интимни слики или видеозаписи ќе бидат објавени, или веќе се објавени, без согласност.	Корисничката на својот уред избира слика или видео. Алатката создава дигитален отпечаток, односно hash, без испраќање на самата содржина до платформите. Учесничките треба да знаат дека интимната содржина не се поставува јавно и не се чува, туку се создава само технички отпечаток.	Го намалува ризикот од понатамошно споделување на платформите кои учествуваат во програмата. Не ги отстранува секогаш сите веќе објавени копии и не ја заменува пријавата на насилство кога постои ризик од закани, уцена или физичко насилство.
CyberIntima	Платформа на SHARE Фондација за лица изложени на неовластено споделување интимни содржини, дигитални закани, вознемирување и слични облици на насилство. Достапна е на српски јазик: cyberintima-cy. sharefoundation.info.	Корисничката може да добие информации за правните можности, техничките чекори, документирањето на докази, пријавувањето до платформите и безбедносните поставувања.	Помага жртвата да не остане сама во дигиталниот дел од случајот. Треба да се поврзе со женска организација и правна поддршка кога постои поширок образец на насилство.
Безбедносна проверка на уредот	Не е една алатка, туку сет на чекори: проверка на лозинки, пријавени уреди, споделување локација, апликации за следење, двофакторска автентикација и пристап до профилите.	Се спроведува внимателно, со претходна проценка на ризикот. Наглата промена на лозинки може да го предупреди сторителот доколку го следи профилот. Затоа понекогаш прво е потребно да се воспостави безбеден канал за комуникација и да се обезбеди резервен уред.	Ја намалува дигиталната контрола и ја зголемува безбедноста, но бара поддршка од лице кое ја разбира технологијата и динамиката на насилството.
Документирање докази	Докази можат да бидат снимки од екранот, линкови, URL адреси, кориснички имиња, датуми, време, заглавја на е-пошта, пораки, податоци за профили, метаподатоци и сведоци.	Доказите се чуваат без понатамошна дистрибуција на интимната содржина. Се изработува хронологија на настаните, се зачувува оригиналната порака или линкот, а снимките од екранот се организираат според датум.	Им помага на полицијата, обвинителството, судот, платформите и организациите за поддршка. Не смее да се бара од жртвата повторно да ја покажува траумaтичната содржина на поголем број луѓе без потреба.

F. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ПРАКТИКИ ЗА ПОДДРШКА

F.1. Улогата на организациите на граѓанското општество во заштитата и застапувањето

Националните анализи покажуваат дека организациите на граѓанското општество имаат двојна улога. Прво, тие обезбедуваат директна поддршка на жртвите таму каде што институциите доцнат, не ја препознаваат дигиталната димензија на насилството или немаат доверба од страна на жртвите. Второ, тие создаваат знаење: ги документираат случаите, ја следат практиката на институциите, иницираат кампањи, застапуваат за измени на законите и развиваат алатки кои подоцна можат да станат дел од институционалниот одговор.

Важно е ниту една земја да не се сведе на една организација. Во Србија, покрај SHARE Фондација, релевантни се и BIRN, ATINA, АЖЦ, Мрежата СОС Војводина, Мрежата Жени против насилство, женските организации кои обезбедуваат услуги на СОС телефони, Новинарки против насилство и други иницијативи кои работат со млади, жртви на трговија со луѓе, медиуми и дигитална безбедност. Во Босна и Херцеговина значајна улога имаат Фондација Лара, Фондација локална демократија, Сигурна мрежа БиХ која обединува седум организации што управуваат со сигурни куќи и СОС линија за пријавување насилство, Медика Зеница и други женски организации кои работат во ентитетите, кантоните и локалните заедници. На Косово* важна улога имаат Kosovo Women's Network, засолништата и организациите кои работат со малцинските заедници. Во Албанија клучни се координираните реферални механиз-

ми, правната помош и женските организации кои работат на локално ниво. Во Црна Гора особено се истакнуваат Центарот за женски права, СОС телефон Никшиќ, CeMI, Граѓанска алијанса и други организации кои комбинираат поддршка, мониторинг и јавно застапување. Во Северна Македонија организациите на граѓанското општество имаат важна улога во поддршката на жените, работата со младите и застапувањето дигиталната димензија на насилството да биде препознаена во практиката. Тоа се Националната, бесплатна СОС Линија за жртви на семејно насилство (141700) при Сојуз – Национален Совет за Родова Рамноправност (НСРР) и засолништата за жртви на семејно и родово засновано насилство - Кризен центар „Надеж“ во Скопје, Организацијата на жени на град Скопје, Хелсиншкиот комитет, како и регионалните центри.

За обуката е клучно учесничките да ја разликуваат краткорочната и долгорочната улога на организациите на граѓанското општество. Краткорочно, организациите можат да ѝ помогнат на жртвата да разбере што ѝ се случува, да ги зачува доказите, да го процени ризикот, да изработи план за безбедност и да пристапи до поддршка.

Долгорочно, организациите не смеат да бидат замена за системот: нивните податоци и искуства треба да се користат за измени на законите, стабилно финансирање на специјализирани услуги, протоколи, обуки и евиденции.

F.2. Добри практики кои може да се пренесат или да се прилагодат

ЗЕМЈА	ДОБРА ПРАКТИКА	ШТО МОЖЕ ДА СЕ НАУЧИ
СРБИЈА	Мониторинг на примената на Законот за спречување на насилство во семејството, кампањи за измени на Кривичниот законик, платформата CyberIntima, истражувања на ATINA, АЖЦ, BIRN, SHARE, насоки за медиумско известување и работата на мрежите на женски организации.	Комбинирање на правна, психолошка и техничка поддршка. Податоците од организациите на граѓанското општество можат да бидат основа за застапување, дефинирање на кривичните дела поврзани со ТПН и развој на протоколи.
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА	Нормативни промени во законите за насилство врз жените и измени на Кривичниот законик, со растечко внимание кон дигиталните закани кон девојчиња и млади жени.	Во обуките да се вклучи работа со младите, училиштата, родителите и институциите кои први добиваат пријави за дигитално насилство.
КОСОВО*	Вклучување на Истанбулската конвенција во Уставот, електронски мониторинг на сторителите, мониторингот на Kosovo Women's Network и работата на засолништата.	Дигиталната димензија треба да биде поврзана со постојниот систем на заштита, а услугите да бидат достапни и за жените од малцинските заедници.
АЛБАНИЈА	Координирани реферални механизми во сите 61 општина и проширување на бесплатната правна помош преку EFLAS и други програми.	Постојната мрежа на реферални механизми да се дополни со процедури за дигитални докази, проценка на ризик и поддршка на жртвите на уцена со интимни содржини.
БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА	UN агенциите, OSCE, Советот на Европа и други меѓународни и домашни организации спроведуваат истражувања и интензивно поддржуваат и спроведуваат обуки за работа со случаи на дигитално насилство; COC линиите и сигурните куќи се системски препознаени како важен реферален механизам во заштитата и поддршката на жртвите.	Пренесување на усогласените стандарди на други нивоа на власт и развивање единствени насоки за дигитални докази.
ЦРНА ГОРА	Измени на Кривичниот законик од 2023 година, Национална COC линија, мониторинг на онлајн насилството врз жените во јавниот простор и јавно реагирање на ОГО.	Нормативниот напредок треба да се надополни со мултисекторски протокол, евиденции и обуки на институциите.

G. КАМПАЊИ, ЈАВНИ НАРАТИВИ И ДИСКУРС ПРОТИВ РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ

G.1. Кампањите како простор на видливост и ризик

Јавните кампањи за родово засновано и технолошки посредувано насилство можат да отворат простор за препознавање, пријавување и солидарност, но можат да го зголемат и ризикот од напади врз жените кои јавно сведочат или застапуваат промени. Затоа, програмата за обука не ги обработува кампањите само како комуникациска алатка, туку и како безбедносен и политички процес кој бара претходно планирање, мрежа на поддршка и јасна проценка на ризикот за учесничките.[136]

Во сите шест земји кампањите започнувале од општата тематика на насилство во семејството кон сè повидливата дигитална димензија, но овој напредок не е ниту линеарен ниту единствен; се разликува според актерите, методите и степенот на институционалниот ангажман.

Србија има една од највидливите grassroots[137] феминистички дигитални кампањи во регионот. Во кампањата **#NisamPrijavila**, која во декември 2021 година ја започна Дејана Стошиќ Декси, за само три дена повеќе од 21.000 жени ги споделија своите искуства. Кампањата се прошири низ целиот регион.[138] Оваа кампања не беше институционално планирана ниту финансирана: нејзината сила лежи токму во хоризонталната, спонтана организација која ги принуди институциите и медиумите

136 Group of Experts on Action against Violence against Women and Domestic Violence (GREVIO). *General Recommendation No. 1 on the Digital Dimension of Violence against Women*. Strasbourg: Council of Europe, 2021.

137 Терминот означува општествени, политички или спортски движења и иницијативи кои ги започнуваат и водат обични луѓе на локално ниво

138 Фондација Јелена Шантиќ и Центар за права на жената. *Дигитални суперхероини*. Белград и Подгорица, 2024, 25.

да се соочат со распространетоста на ова насилство и со обемот на неговото непријавување. Кампањата **bodyright** (UNFPA Србија, ноември 2022), спроведена во соработка со институцијата Повереник за заштита на рамноправноста, експлицитно беше насочена кон ТПН, со слоганот „Твоето тело е твое! И на интернет и во реалниот свет!" и го промовираше симболот ⓑ кој ја означува недопирливоста на телото во дигиталниот простор.[139] Автономниот женски центар, ATINA, SHARE Фондација и Новинарки против насилство развиваат континуирани кампањи кои го поврзуваат родово заснованото насилство, дигиталната безбедност и одговорноста на институциите. Паралелно со овие кампањи, во Србија расте анти-родовата контраофанзива: започнување постапки пред Уставниот суд против Законот за родова рамноправност [140], мрежено вознемирување на феминистките и активистките и дезинформации за „родовата идеологија" покажуваат дека кампањите за правата на жените самите станале мети на организирано дигитално насилство.[141] Дезинформациите за ТПН се шират преку минимизирање на насилството, обвинување на жртвата/преживеаната, делегитимизација на феминистичкиот активизам и лажно изедначување на ова насилство со слободата на говор. Истражувањето „Не лајкуј насиље"(Не лајкувај насилство)[142] потврдува дека ваквите наративи ја зајакнуваат културата на молчење кај жртвите/преживеаните и ја намалуваат подготвеноста на институциите да реагираат, додека анализата „Иза екрана"(Зад екранот) потврдува дека жртвите ретко пријавуваат дигитално насилство токму поради страв од неразбирање и осуда.[143]

Босна и Херцеговина претежно се потпира на институционални и меѓународни кампањи. Кампањите на UN Women во рамки на „16 дена активизам "[144] насочени се во последните години кон системска превенција на фемицидот (#зауставимофемицид, #немаизговора, 2024), а во 2025 година темата беше дигиталното насилство, со порака **#дигиталното насилство е вистинско насилство**.[145] Во рамки на кампањата беше објавен и *Водич за препознавање и пријавување дигитално насилство со конкретни упатства за документирање докази и пријавување*.[146] GREVIO меѓутоа, во почетниот извештај за БиХ (2022) констатираше дека јавните кампањи претежно биле насочени кон насилството во семејството и дека малку или воопшто не биле посветени напори на

139 United Nations Population Fund Serbia. "Почеток на кампања bodyright - 'твоето тело е твое! И на интернет и во реалниот свет!'" 17 ноември 2022 година.

140 Уставен суд на Република Србија. "Соопштување од 8-та седница на Уставниот суд, одржана на 27 јуни 2024 год." 27 јуни 2024г.

141 Lawyers' Committee for Human Rights - YUCOM. *Protecting Women and Human Rights Defenders in Serbia: Between Commitments and Stagnation*. Belgrade: YUCOM, 2025, 3-5.

142 Хрњак, Јелена. *Ne lajkuj nasilje: Дигитално насилство над жените и девојките во Србија*. Белград: Здружение Атина, 2025.

143 Радоичиќ Недељковиќ, Андријана. *Iza ekrana: Анализа на злоупотребата на жртвите на трговина со луѓе во дигитално окружување*. Белград: Здружение Атина, 2020.

144 UN Women Bosnia and Herzegovina. *Кампања "16 дена активизам против protiv родово засновано насилство" 2024*. Сараево: UN Women, 2024.

145 Associated Press. "Thousands in Bosnia Protest against Violence after Man Livestreamed Killing of Ex-Wife on Instagram." 14 август 2023.

146 Јовановиќ, Милош. *Водич за дигитално насилство: како да се препознае, спречи и да се одговори на дигитално насилство.* Белград: USAID проект „Правда за сите", 2024, стр. 20-23.

дигиталната димензија, сексуалното насилство надвор од бракот или присилниот брак. Случајот во Градачац од август 2023 година, кога на Instagram бил пренесуван фемицид во живо, стана пресвртна точка бидејќи ја принуди јавноста и институциите да се соочат со прашањето на одговорноста на платформите, проценката на ризикот и континуитетот помеѓу онлајн и офлајн насилството. Претходните кампањи биле насочени кон системска превенција на фемицидот (UN Women БиХ 2024, слоган „Да го исклучиме насилството заедно"[147], #zaustavimofemicid и #nemaizgovora) и на поддршката на сигурните куќи, СОС телефоните и „white ribbon" кампањите за поттикнување на мажите и момчињата да се спротивстават на насилството врз жените и девојчињата. Јавните наративи за ТПН во БиХ се во почетна фаза, но се очекува сè поголема актуелизација на оваа проблематика, особено имајќи ги предвид новите кривично-правни прописи.

Албанија има активен институционално-граѓански простор за кампањи во рамки на EVAW програмата на агенциите на UN [148] кој во својата прва фаза (2022) ја зајакна институционалната посветеност кон примената на законите, а последователно поддржуваше континуирани активности на национално и локално ниво. Кампањата „16 дена активизам "[149] 2024 год.(#NoExcuse) и 2025 год. (фокус на искоренување на дигиталното насилство врз сите жени и девојчиња) покажуваат постепено вклучување на ТПН во институционалниот дискурс. Истовремено, националниот документ ја нагласува и другата страна: истражувањето „Мапирање на родово заснованите дезинформации на Западен Балкан: Албанија" документира 53 случаи на родово засновани дезинформации во периодот од 2020 до 2025 година,[150] вклучително координирани напади врз новинарки и анти-родови наративи кои го минимизираат сексуалното насилство и се однесуваат кон жената како кон објект на морално посрамување. Владата на Албанија во март 2025 година започна да спроведува едногодишна забрана на TikTok; пристапот до платформата бил обновен во февруари 2026 година, а Уставниот суд во март истата година оценил дека забраната е неуставна. На тој начин била отворена поширока дебата за пропорционалноста на безбедносните мерки и заштитата на слободата на изразување.[151]

Црна Гора е пример каде комбинацијата на дигитален активизам и застапување на организациите од граѓанското општество доведе до конкретна нормативна промена. Кампањата на активистката Николина

147 United Nations in Bosnia and Herzegovina. "Како да се унапреди борбата против дигиталното насилство во БиХ?" 2 декември 2025.

148 González-Piñeros, Lina Marcela, and Elira Jorgoni. *Final Evaluation: United Nations Joint Programme End Violence against Women in Albania, 2019-2022*. Tirana: UNDP Albania, 2022.

149 United Nations Albania. "Digital Violence Is Real Violence: UN Albania Urges Stronger Protections for All Women and Girls." 25 ноември 2025.

150 Spanca, Fjolla. *Mapping Gendered Disinformation in the Western Balkans: Albania*. Tirana: Reporting Diversity Network, 2025, 7-9.

151 Reuters. "Albania Starts Turning Off TikTok amid Concern over Youth Violence." 13 март 2025; Reuters. "TikTok Returns to Albania after Government-Imposed Ban." 27 февруари 2026; Reuters. "Albania's Highest Court Says One-Year Ban of TikTok Was Unconstitutional." 11 март 2026.

Нина Павичевиќ и Центарот за женски права придонесе за воведување на кривични дела поврзани со злоупотреба на сексуално експлицитна содржина во измените на Кривичниот законик од 2023 година, со што Црна Гора стана првата земја во регионот која го криминализираше овој облик на насилство по иницијатива на женското движење.[152] Кампањата „16 дена активизам" во 2025 година беше насочена кон дигиталното насилство, со пораката „дигиталното насилство е вистинско насилство". Мониторингот на CeMI, Граѓанската алијанса и женските организации документира систематски напади со сексуализирани навреди, закани и кампањи за дискредитација насочени кон политичарки, новинарки и активистки, насилство кое се користело за нивно исклучување од јавниот простор.[153] И покрај видливоста на темата, кампањите и јавните наративи за ТПН во Црна Гора сè уште се претежно проектно и повремено организирани, без континуирана национална стратегија за превенција. Во публикацијата „Онлајн активности - офлајн штети" (CeMI)[154] анализирани се обрасците на мизогино онлајн насилство и таргетирање на жени во јавниот простор, вклучително и сексуализирани навреди, манипулација со фотографии, координирани онлајн напади и обиди за делегитимирање на жените во политиката и граѓанскиот сектор.

Во Северна Македонија, кампањите за превенција на родово базираното и семејното насилство ги спроведуваат бројни женски граѓански организации, мрежи и платформи, особено во рамките на глобалната кампања „16 дена активизам против родово базирано насилство", како и државни институции и меѓународни организации; меѓу поновите иницијативи се кампањите „Има помош за живот без насилство" и „Не биди нем сведок", спроведени од Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со UNFPA и со поддршка од Британската амбасада, како и кампањата на UNDP „Online Violence Leaves Scars Too",[155] насочена кон препознавање, спречување и пријавување на технолошки посредуваното родово базирано насилство, особено меѓу девојчињата и жените помлади од 30 години. Косово* го карактеризира ситуација во која постојните кампањи не се доволно насочени. Кампањата „16 дена активизам", координирана од страна на владата, Министерството за правда и организациите од граѓанското општество, беше искористена за промовирање на Националната стратегија и меѓуинституционалната координација. Кампањата „16 дена активизам" во 2023 година опфати повеќе од 120 настани и над 60.000

152 Црна Гора. *Закон за инзмени и дополнување на Кривичниот законик на Црна Гора*. "Службен весник на Црна Гора," бр. 110/2023, член 175а.

153 Ковачевиќ, Милица, и Дарвин Муриќ. *Онлајн активности, офлајн штети: Онлајн замолчување на жените во Црна Гора*. Подгорица: Центар за демократска транзиција, 2023.

154 Центар за мониторинг и истражување (CeMI). *Извештај за присуство на родно заснован говор на омраза кон жените и девојките во јавно-политичкиот живот во Црна Гора за периодот 2024-2025*. Подгорица: CeMI, 2025.

155 United Nations Development Programme North Macedonia. "Online Violence Leaves Scars Too." 16 јануари 2025.

учесници во живо.[156] UNFPA Косово спроведуваше кампања **bodyright** (bodyright изложба на DOKU.TECH 2025) која е насочена кон дигиталната димензија на насилството во рамки на регионалната програма за Западен Балкан.[157] Косовската анализа во рамки на овој проект, меѓутоа, јасно констатира дека кампањите не се доволно насочени кон конкретни облици на ТПН: ТПН и понатаму се третира општо, како „интернет насилство" или „напади на социјалните мрежи", без развивање стандардизиран јазик кој би ѝ помогнал на јавноста да го препознае дигиталното насилство како посебен и родово заснован феномен. Препораката е идните кампањи да бидат достапни на јазиците на малцинските заедници, директно да се спротивставуваат на наративите кои ја насочуваат жртвата кон „помирување". Исто така, кампањите треба да бидат континуирани, а не ограничени само на симболични периоди на активизам.

Во повеќе земји од регионот се документирани мизогини, анти-родови и родово дезинформативни наративи кои го релативизираат насилството, ги обвинуваат жртвите и го делегитимираат феминистичкиот активизам. Поради тоа, кампањите за ТПН треба да вклучуваат и одговор на дезинформациите, без поистоветување на насилството со „слободата на говорот" и без префрлање на одговорноста на жените кои го пријавуваат насилството.[158]

G.2. Анти-родови наративи, дезинформации и дигитален простор

Анти-родовиот дискурс претставува важен регионален предизвик за унапредување на родовата рамноправност и заштитата на жените од насилство. Тој не се однесува на секое несогласување со одредени политики или на поединечни конзервативни уверувања, туку на обрасци на јавно делување кои родовата рамноправност, правата на жените, сексуалното и репродуктивното здравје, правата на LGBTIQ+ лицата и работата на организациите од граѓанското општество ги претставуваат како опасност за семејството, децата, нацијата или „традиционалните вредности ".

Во земјите од Западен Балкан анти-родовите наративи често користат слични пораки, иако се приспособуваат на локалниот политички, вер-

156 United Nations Kosovo Team. *Annual Results Report 2023*. Pristina: United Nations Kosovo Team, 2024, 31.

157 United Nations Population Fund Kosovo. "Claiming Digital Dignity: UNFPA's Bodyright Action across the Western Balkans during 16 Days." 2025.

158 Dimitrievski, Angel. *The Anti-Gender Movement as a Threat to Democracy in the Western Balkans*. Washington, DC: German Marshall Fund of the United States, 2025, 5-15.
Spanca, Fjolla. *Mapping Gendered Disinformation in the Western Balkans: Albania*. Tirana: Reporting Diversity Network, 2025.
Ковачевиќ, Милица, и Дарвин Муриќ. *Онлајн активности, офлајн штети: Онлајн замолчување на жените во Црна Гора*. Подгорица: Центар за демократска транзиција, 2023.
Hasani, Adelina, and Jon Limaj. *The Rise of Anti-Gender Narratives in Kosovo: Far-Right Ideologies, Digital Violence, and Threats to Women's Rights*. Pristina: Kosovar Centre for Security Studies, 2026.

ски и медиумски контекст. Родовата рамноправност се претставува како „странски“ или „наметнат“ концепт, организациите за правата на жените како интересни или „странски платени“ групи, а образованието за родова рамноправност, согласност и заштита од насилство како обид за „индоктринација на децата“. Регионалните анализи укажуваат дека ваквите наративи се потпираат на морална паника, национализам, верски конзервативизам и дезинформации, и дека имаат цел да го оспорат или забават усвојувањето и примената на инклузивни политики.

Во дигиталниот простор анти-родовиот дискурс се шири преку социјалните мрежи, порталите, коментарите, видео-платформите, затворените групи за допишување и координираните кампањи. Тој често се комбинира со говор на омраза, навреди, манипулативни содржини и родово засновани дезинформации. Во Босна и Херцеговина, на пример, мониторингот на родово заснованите дезинформации покажува дека нападите врз жените често се засноваат на нивниот изглед, сексуалност, мајчинство или отстапување од очекуваните родови улоги, додека родовата рамноправност се претставува како увезена и неприфатлива идеја.

Најчестите облици на овие наративи вклучуваат:

- обвинување на жртвата за насилството што го доживеала;
- тврдења дека жените ги злоупотребуваат законите или лажно пријавуваат насилство;
- релативизирање на дигиталното насилство како „шега“, „слободно мислење“ или „нормално однесување на интернет“;
- сексуализирани навреди и напади врз жените поради нивниот изглед, сексуалност, партнерски однос или мајчинство;
- таргетирање на новинарки, политичарки, активистки и бранителки на човековите права;
- претставување на законите за родова рамноправност, сексуално образование или заштита од насилство како закана за семејството и децата;
- дискредитирање на женските организации, експертките и институциите кои работат на заштита од насилство;
- ширење невистинити или манипулативни содржини за Истанбулската конвенција, законите за родова рамноправност, сексуалното и репродуктивното здравје или правата на малцинските групи.

Таквите наративи не се неутрални. Тие можат да придонесат кон нормализирање на мизогинијата, намалување на сериозноста на насилството и создавање средина во која жените поретко го пријавуваат насилството, а институциите реагираат побавно и помалку одлучно. Советот на Европа предупредува дека анти-родовата реторика придонесува кон зголемување на сексистичкиот говор на омраза, особено онлајн, и може да поттикне насилство и вознемирување на жените и девојчињата, особено на оние кои јавно ги застапуваат човековите права. Врската со технолошки посредуваното насилство е непосредна. Анти-родовите и мизогините содржини можат да бидат вовед во конкретни облици на насилство: координирано вознемирување, закани, доксинг, ширење приватни податоци, лажни обвинувања, сексуализирана дискредитација, злоупотреба на интимни содржини или создавање дипфејк материјали. Жените кои се видливи во јавниот простор особено се изложени на обиди да се повлечат од јавната дебата, да престанат да зборуваат за насилството, родовата рамноправност или други општествено релевантни теми.

За обуката е важно учесниците да разликуваат легитимна јавна расправа од содржини кои претставуваат дезинформација, дискриминација, говор на омраза, вознемирување или поттикнување насилство. Не секоја критика на родовите политики претставува насилство, но пораките кои целно понижуваат, заплашуваат, сексуализираат, шират невистини за поединци/ки или поттикнуваат напади врз жените не треба да се третираат како обичен „судир на мислења “.

Кампањите и јавните комуникации затоа не треба да останат само на општата порака дека насилството не е прифатливо. Потребно е да понудат конкретни, практични и проверени информации: што е технолошки посредувано насилство; како да се препознае дигиталната контрола и прогонување; каде може да се пријави насилството; како да се зачуваат пораки, снимки од екранот и други дигитални докази; кога постои итен ризик; кои мерки за заштита постојат; што можат да направат дигиталните платформи; кои организации обезбедуваат поддршка; и како медиумите треба да известуваат без сензационализам и секундарна виктимизација.

Регионалната соработка на жените и организациите за човекови права од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија покажува дека политичкиот отпор, поларизацијата на јавната дебата, дезинформациите и нападите врз родовата рамноправност се заеднички предизвици. Затоа, одговорот на овие појави треба да комбинира правна заштита, образование, медиумска и дигитална писменост, поддршка на жртвите, стратешка комуникација и меѓусебна солидарност на организациите и институциите во регионот.

H. GAP ANALIZA I PREPORUKE

H.1. Гап анализа

ГАП анализата[159] покажува дека сите шест земји од Западен Балкан го делат истиот структурен проблем: постои одредена нормативна рамка за заштита на жените од насилство, но таа рамка не е дизајнирана да го препознае, документира и санкционира технолошки посредуваното насилство како посебен облик на родово засновано насилство. Она што се разликува меѓу земјите не е природата на проблемот, туку степенот до кој овој јаз е видлив и политички препознаен. Анализата идентификува четири слоја кои се испреплетуваат и меѓусебно се зајакнуваат.

Нормативно ниво: „дупки“ во законите кои не се случајни

Најкритичната заедничка празнина е тоа што ниту една од шесте земји не го третира ТПН како интегрирана правна категорија. Дигиталната контрола во партнерските односи, неовластеното споделување интимни содржини, координираното вознемирување и дипфејк порнографијата се процесуираат, таму каде што воопшто се процесуираат, преку општи одредби за загрозување на безбедноста, повреда на приватноста или закани, без препознавање на родовиот образец што стои зад нив. Последицата е дека судот може да казни една порака, но не и една година дигитална контрола која ѝ претходела.

159 ГАП анализа (анализа на јазот, односно процепот) е алатка што ја споредува почетната состојба со целите. Го идентификува „јазот“ измеѓу точката на почетната состојба и точката кон која се стреми, помагајќи во изработката на конкретен акционен план за премостување на разликата.

Овие празнини не се последица на технички пропуст или законодавно заостанување. Сите шест земји се потписнички на Истанбулската конвенција, сите имаат пристап до препораките на GREVIO, сите се запознаени со Директивата на ЕУ 2024/1385. Земјите селективно избираат што ќе применат. Изборот е родово условен и има три причини кои меѓусебно се засилуваат..

Прво, законодавните процеси во сите шест земји се одвиваат во институции кои се структурно маскулинизирани, длабоко обликувани од традиционалните машки норми. Во собранијата, министерствата и телата кои ги донесуваат законите, жените сè уште се малцинство, особено на позициите кои го обликуваат нивниот суштински состав. Искуството на дигитална контрола, прогонување, уцена со интимни содржини и координирано вознемирување не е искуство кое законодавците во просек го познаваат од прва рака, а она што не се познава потешко се препознава и именува како проблем кој заслужува посебно законско регулирање.

Второ, ТПН во јавниот и институционалниот дискурс се вбројува под „сајбер безбедност" или „интернет проблеми", со што се извлекува од рамката на родово засновано насилство и се преместува во сферата на техничка регулација. Оваа рекласификација не е неутрална: таа ги ослободува институциите од обврските што Истанбулската конвенција ги наметнува во однос на насилството врз жените и го префрла проблемот во надлежност на тела кои немаат обврска да применуваат родов пристап. Резултатот е дека истиот чин, зависно од начинот на кој е опишан, може да се најде или надвор од опфатот на законите за насилство или во рамки на закони кои не предвидуваат родово чувствителен одговор.

Трето, постои активен отпор. Во сите шест земји анти-родовите кампањи, минимизирањето на насилството врз жените и делегитимирањето на феминистичките организации се присутни во јавниот простор и директно влијаат врз законодавната динамика. Во Србија, предлогот за измени на Кривичниот законик кој би опфатил некои од овие облици на насилство беше повлечен во 2025 година, делумно и поради притисокот организиран околу други одредби од истиот законски пакет. Законите кои експлицитно го именуваат родово заснованото насилство наидуваат на поголем отпор отколку технички неутралните формулации, токму затоа што именувањето значи и преземање институционална одговорност.

Во рамки на овој заеднички проблем, сепак, постојат важни разлики во степенот на заостанување. Федерацијата на Босна и Херцеговина отиде најдалеку: член 189а од Кривичниот закон на ФБиХ (2025) екс-

плицитно ги криминализира и дистрибуцијата и изработката на неконсензуална интимна содржина, вклучително и дипфејк материјали, што е стандард кој сè уште не го достигнале ниту многу земји членки на ЕУ. Посебниот нормативен проблем на Босна и Херцеговина не е само содржината на законите, туку и нивниот број: четири различни кривични закони (државниот, ФБиХ, РС и Брчко Дистрикт БиХ) применуваат различни стандарди за истиот облик на насилство, зависно од местото каде што жртвата живее, што го нарушува принципот на еднаква заштита и го отежнува секој напор за хармонизација.

Црна Гора во 2023 година воведе релевантни кривични дела, но без опфат на дипфејк содржини и без системска родова рамка. Северна Македонија и Косово* имаат применливи одредби кои не го опфаќаат целосниот образец на злоупотреба. Албанија се потпира на одредби кои, според анализата на DCAF, се неадекватни за онлајн опкружувањето. Србија останува единствената земја во регионот без ниту едно посебно кривично дело за ТПН кое би се гонело по службена должност, што е особено загрижувачки имајќи предвид дека како кандидатка за ЕУ има обврска да се усогласи со Директивата 2024/1385.

Празнините во законите, според тоа, се и политичка порака: им порачуваат на жените кои трпат дигитално насилство дека она што го доживуваат не е доволно сериозно за да бара посебна правна категорија, посебна постапка или посебен одговор од системот.

Институционално ниво: невидливо насилство во видлив систем

Заедничкиот институционален проблем не е отсуството на институции. Сите шест земји имаат полиција, обвинителства, судови, центри за социјална работа и механизми за координација. Проблемот е што тие институции не се опремени да го препознаат дигиталното насилство како она што навистина е: родово засновано насилство со образец, а не технички инцидент или приватен конфликт.

Непрепознавањето не е случајно и не е само прашање на недоволно знаење и недостиг на обука. Тоа е системски условено на најмалку три начини. Институциите се изградени околу физички видливото насилство. Модринки, напуштање на домот, пријавена закана и нивните протоколи, обрасците за проценка на ризик и критериумите за заштитни мерки се засноваат на оваа претпоставка. Кога жртвата ќе достави снимки од екранот наместо медицински наод, системот нема процедура за таков доказ, а често нема ниту волја да развие. Кога насилството не остава трага што системот знае да ја прочита, системот заклучува дека насилство нема.

Втората причина е иста како на нормативно ниво: институциите кои реагираат на она што е именувано како проблем ќе реагираат на ТПН дури кога системот - законодавниот, едукативниот и протоколарниот - јасно ќе покаже дека тоа е проблем кој спаѓа во нивна надлежност и за кој тие се одговорни. Сè додека ТПН се третира како „сајбер инцидент" или „меѓусебен конфликт на интернет", полицаецот кој не реагира не ја прекршува процедурата, туку ја следи.

Третата причина се родовите стереотипи во самите институции. Истражувањата од регионот документираат обрасци во кои жртвите на ТПН се прашуваат зошто испраќале фотографии, зошто останале во контакт, зошто едноставно не го „исклучиле профилот". Ова префрлање на товарот врз жртвата не е индивидуален пропуст на одделен полициски службеник или судија, туку институционализирана претпоставка дека жената сноси одговорност за насилството што ѝ се врши во дигиталниот простор, исто како што во физичкиот простор долго време го сносела, а често сè уште го сноси.

Во рамки на овој заеднички образец на непрепознавање, постојат важни разлики кои покажуваат каде точно системот потфрла. Албанија има најразвиена инфраструктура на координирани реферални механизми во регионот, но таа инфраструктура не е осмислена за ТПН: нема стандардизирани протоколи за проценка на дигиталниот ризик, нема процедури за дигитални докази и нема јасна одговорност за тоа кој го координира одговорот кога насилството се одвива онлајн. Инфраструктурата постои, но не е приспособена за проблемот што треба да го решава, што покажува дека самата координација не е доволна без родова и дигитална содржина што ѝ дава целосна функционалност. Косово* има силна нормативна рамка и ја има вградено Истанбулската конвенција во Уставот, но институционалната имплементација, според оценката на GREVIO, се одвива во помал дел од предвидените мерки, а јазот помеѓу формалното и реалното е особено изразен кај ТПН, кој често се третира како безбедносно прашање, а не како родово засновано насилство. Босна и Херцеговина има специфичен институционален проблем кој не постои во ниту една друга земја: дигиталниот доказ не е дефиниран ниту во еден од четирите кривично-процесни закони, што значи дека судовите самостојно одлучуваат за прифатливоста на доказите кои се клучни за процесуирање на случаите на ТПН. Студијата на Советот на Европа (2025) документира предмети кои биле отфрлени токму поради овие празнини.[160]

Заедничкиот именител на сите овие специфичности е ист: ТПН останува невидливо насилство, не затоа што е невидливо за жртвите, туку затоа што институциите не се обучени да го препознаат.

160 Ивиќ, Горица и Бациќ, Селма. 2025. *Analysis of cases of technology-facilitated violence against women in Bosnia and Herzegovina.* Стразбург: Совет на Европа .стр. 23-24

Ниво на податоци: невидливото не значи дека и не постои

Сите шест земји го делат истиот основен проблем со податоците: ТПН не е посебна административна категорија ниту во една национална статистика. Полицијата, обвинителствата и судовите ја евидентираат правната квалификација на делото - закана, прогонување, навреда, повреда на приватноста - но не и фактот дека насилството било извршено преку социјални мрежи, апликации за пораки, stalkerware апликации, лажни профили или вештачки генерирана содржина. Дигиталната димензија на насилството останува статистички невидлива.

Ова не е технички пропуст ниту прашање на капацитет. Тоа е политички избор со директни последици. Системот кој не го евидентира ТПН како посебна категорија не може да ги следи трендовите на пораст или промените во облиците на насилство, не може да процени дали постојните закони функционираат во практиката и не може да идентификува кои платформи, кои контексти и кои обрасци на односи создаваат најголем ризик. Таквиот систем не може да обезбеди ниту аргументирана основа за буџетирање на специјализирани обуки, протоколи и услуги за поддршка. Непостоењето на податоци не е неутрална состојба; тоа активно го одржува status quo со тоа што го оневозможува аргументираното застапување за промена.

Она што го знаеме доаѓа речиси исклучиво од истражувања на организациите на граѓанското општество и меѓународните организации, а не од институционалните евиденции. Овие истражувања се конзистентни и меѓусебно се потврдуваат. Добиените податоци и бројки не укажуваат на маргинална појава која системот може оправдано да ја игнорира. ТПН е масовно искуство кое официјалната статистика едноставно не го гледа, бидејќи не е научена да го бара.

Непостоењето податоци има и конкретни оперативни последици за жртвите: кога нема евиденција за претходни дигитални инциденти, институциите не можат да го препознаат образецот на ескалација, не можат да ја поврзат пријавата за физичко насилство со претходни пријави за дигитално вознемирување од истиот сторител и не можат соодветно да го проценат ризикот со кој се соочува жртвата. Жената мора секојпат одново да го докажува контекстот кој системот не го зачувал. Практично, отсуството на податоци за ТПН често укажува токму на отсуство на податоци за сите облици на родово засновано насилство. Анализите на појавите и трендовите на насилството често се потпираат на податоци од организациите на граѓанското општество, кои систематски го собираат она што институциите не го евидентираат. Оваа инверзија, во која граѓанското општество е примарен создавач

на податоци за насилството врз жените, не е знак на здрав систем на поддршка, туку показател за тоа колку длабоко се протега институционалната невидливост.

Културно-дигитално ниво: нормализирање на насилство

Овој слој се разликува од претходните по тоа што не може да биде одреден само преку законите, протоколите и евиденциите. Станува збор за тоа како општеството го разбира, именува и вреднува - или не го вреднува - искуството на жените кои трпат дигитално насилство. Нормализацијата не значи отсуство на реакција: таа е активен процес во кој насилството се преименува, минимизира, оправдува или се префрла врз жртвата, а тој процес истовремено се одвива во семејствата, медиумите, онлајн заедниците и институциите. Дигиталниот простор не ги создал овие обрасци, но драматично ги забрзал и организирал. Она што порано било локален, слабо координиран притисок врз жена која „премногу зборува“ или „премногу се покажува“, денес може за неколку часа да стане координирана кампања со илјадници учесници, трајна дигитална трага и публика која активно учествува во нанесувањето штета. Анонимноста го намалува индивидуалното чувство на одговорност, алгоритмите го наградуваат конфликтот и емоционалното ангажирање, а брзината на ширење ѝ оневозможува на жртвата каква било контрола врз сопствената приказна.

Централен механизам на нормализација во сите шест земји е обвинувањето на жртвата, односно претпоставката дека жената придонела за насилството што ѝ се врши со тоа што била присутна во онлајн просторот, што испраќала пораки, фотографии или јавно изнесувала ставови. Оваа претпоставка не е само став на јавноста, туку се појавува и во институционалните одговори, медиумското известување и семејните реакции. Истражувањето на ATINA „Не лајкувај насилство“ (2025) ги квантифицира размерите на овој феномен: 84% од општата популација во Србија смета дека жртвите на дигитално насилство самите придонеле за ситуацијата во која се нашле, додека 84% од жените кои лично преживеале дигитално насилство сметаат дека самите се одговорни за она што им се случило. Интернализацијата на вината не е индивидуална психолошка реакција, туку предвидлив резултат на културна средина која постојано ја испраќа истата порака.

Анти-родовите кампањи претставуваат поорганизиран облик на истата нормализација. Во сите шест земји е присутен дискурс кој го делегитимира феминистичкиот активизам, ја оспорува релевантноста на родово заснованото насилство како посебна категорија и ги претставува законите за заштита на жените како идеолошка закана.

Во Албанија, овој дискурс е документиран преку 53 случаи на родово засновани дезинформации во периодот 2020-2025 година, кои вклучуваат координирани напади врз жени на јавни функции. Во Србија, тој се манифестираше преку иницирање постапка пред Уставниот суд против Законот за родова рамноправност. Во сите шест земји, женските организации кои работат на ТПН стануваат и самите мета на дигитално вознемирување. Насилството се користи како инструмент за замолчување токму на оние кои треба да им помогнат на жртвите.

Она што го прави ова ниво особено тешко е неговата самозајакнувачка природа: нормализацијата на насилството го намалува пријавувањето, намаленото пријавување го потврдува наративот дека проблемот не е сериозен, а тој наратив дополнително ја намалува институционалната волја за реакција. Прекинувањето на овој круг не може да го постигне ниту еден закон сам по себе. Тоа бара истовремена промена во образованието, медиумите, институционалната култура и јавниот дискурс, што е процес кој бара генерациска промена, а не само законодавни циклуси.

Заеднички именител: систем кој заостанува зад технологијата и насилството

Четирите анализирани нивоа - нормативното, институционалното, податочното и културно-дигиталното - не се одделни проблеми кои можат да се решаваат независно еден од друг. Тие претставуваат систем на меѓусебно зајакнување во кој секоја празнина ги легитимира и ги продлабочува останатите. Без криминализација нема процесуирање; без процесуирање нема податоци; без податоци нема аргумент за обуки и буџетирање; без обука, институциите не го препознаваат насилството; без препознавање, жртвата не го пријавува; без пријави, системот заклучува дека проблемот не постои и нема причина за криминализација. Кругот се затвора.

Она што го прави овој круг особено отпорен на промена е тоа што секој негов елемент има сопствена логика која, разгледувана изолирано, изгледа разумна: законот не може да го предвиди секој технички облик на насилство што ќе се појави; институцијата не може да обучува за нешто што законот не го именува; статистиката не може да евидентира категорија која не постои; културните ставови се менуваат бавно и не можат да се променат со декрет. Секој актер, гледан одделно, делува во согласност со она што системот му го налага. Проблемот е во тоа што системот како целина не функционира за жртвите на ТПН.

Постои и димензија која дополнително ја усложнува ситуацијата во сите шест земји: технологијата се развива побрзо од секој од овие

слоеви. Дипфејк порнографијата, stalkerware апликациите, содржините генерирани со вештачка интелигенција за вознемирување и координираните кампањи преку приватни групни канали не се појавија вчера, но ниту еден од анализираните нормативни, институционални, статистички или културни системи целосно не ги апсорбирал. Тоа значи дека дури и кога маѓепсаниот круг некаде ќе биде прекинат, кога една земја ќе усвои нов закон или институција ќе развие протокол, таа често реагира на вчерашниот проблем, додека сторителите веќе ги користат утрешните алатки.

Овој круг може да се прекине, но тоа бара истовремена интервенција на повеќе точки, а не пристап „чекор по чекор" во кој се чека еден слој целосно да се реши пред да се премине на следниот. Токму тоа е логиката на препораките што следуваат во H.2: секоја од нив се однесува на една точка на пресврт во кругот, но тие се осмислени како целина која го менува системот, а не како листа на одделни технички исправки.

H.2. Препораки според актерите

1. За законодавците и министерствата за правда

- Да се усогласи кривичното законодавство со Општата препорака на GREVIO бр. 1 и Директивата на Европската унија 2024/1385, особено во однос на неовластеното споделување интимни содржини, уцената со интимни содржини, сајбер прогонувањето, сајбер вознемирувањето и синтетичките сексуални содржини.

- Да се обезбеди најтешките облици на технолошки посредувано насилство да се гонат по службена должност, особено кога постои ризик од ескалација, уценување, изнуда, вклученост на малолетни лица, партнерско насилство или закани со физичко насилство.

- Да се уредат дигиталните докази во кривично-процесните закони и насоки, вклучително и зачувувањето на линкови, снимки од екранот, метаподатоци, кориснички налози и комуникацијата со платформите.

2. За полицијата, обвинителствата и судовите

- Да се воведе специјализирана обука за технолошки посредувано насилство, дигитални докази, проценка на ризик и комуникација со жртвите заснована на разбирање на траумата.

- Да не им се советува на жртвите едноставно „да го напуштат интернетот", туку да се преземат конкретни мерки за заштита, документирање на доказите и проценка на ризикот.
- При секоја пријава да се процени дали дигиталниот инцидент е дел од поширок образец на партнерско, семејно, сексуално, економско или јавно насилство.

3. За центрите за социјална работа, здравствените установи и локалните механизми

- Да се воведат прашања за дигитална контрола и онлајн закани во стандардната проценка на ризикот.
- Да се развијат протоколи за соработка со специјализирани женски организации и техничка поддршка.
- Особено да се заштитат децата и малолетните лица, со итно вклучување на надлежните служби кога постои сексуална содржина, уцена или прогонување.

4. За организациите на граѓанското општество

- Да се развијат интерни процедури за прием на случаи на технолошки посредувано насилство: почетна проценка на ризикот, безбеден канал за комуникација, листа на итни контакти, протокол за докази и начин на упатување.
- Да не се прибираат од жртвата повеќе податоци отколку што е неопходно; да не се чуваат интимни содржини без јасна цел, согласност и соодветна безбедносна процедура.
- Да се прибираат анонимизирани податоци за потребите на застапувањето, вклучувајќи го видот на дигиталното насилство, односот меѓу жртвата и сторителот, платформата, реакцијата на институциите и исходот.

5. За медиумите и дигиталните платформи

- Да се известува без објавување на идентитетот, интимни детали или содржини што дополнително ја виктимизираат жртвата.
- Платформите треба да обезбедат брзи и достапни механизми за отстранување на интимни содржини без согласност, закани, доксување и координирано вознемирување.
- Кампањите треба да содржат јасни информации за пријавување, докази, ризик и поддршка, а не само општи пораки.

ДЕЛ2
ПРОГРАМА НА ОБУКА



a ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА

b РАСПОРЕД НА ЧЕТИРИДНЕВНАТА ОНЛАЈН ПРОГРАМА

c МОДУЛИ НА ОБУКАТА И МЕТОДОЛОШКИ НАПОМЕНИ

d СТУДИИ НА СЛУЧАИ ЗА РАБОТА ВО ГРУПИ

e ШТО ПОНАТАМУ ПОСЛЕ ОБУКАТА

f ПРЕПОРАКИ ЗА ФАСИЛИТАЦИЈА НА ОНЛАЈН ПРОГРАМАТА

ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за обука се заснова на разбирањето на технолошки посредуваното насилство (ТПН) како облик на родово засновано насилство кое може да се спроведува, засилува или продолжува преку употреба на дигитални технологии. Целта на програмата не е само учесниците и учесничките да препознаваат поединечни дигитални инциденти, туку да го разберат поширокиот образец на контрола, заплашување, сексуализирано понижување и ограничување на слободата на жените и девојчињата во дигиталниот и офлајн простор.

Пристап заснован на родовата рамноправност и човековите права. ТПН не се третира првенствено како технички, сајбер-безбедносен или комуникациски проблем, туку како прашање на родова рамноправност, човекови права, заштита од дискриминација и пристап до правда. Програмата поаѓа од фактот дека дигиталните технологии често ги репродуцираат и засилуваат постојните родови нееднаквости и односи на моќ.

Пристап насочен кон преживеаната личност. Безбедноста, достоинството, доверливоста, информираната согласност и правото на жената или девојката самостојно да одлучува за следните чекори претставуваат основа на секој одговор. Обуката нагласува дека одговорноста за насилството му припаѓа на сторителот, а не на лицето изложено на насилство. Советите за блокирање налози, промена на лозинки или повлекување од онлајн мрежите можат да бидат дел од планот за безбедност, но не смеат да ја заменат институционалната одговорност и процесуирањето на насилството.

Принцип „не нанесувај штета“. Пријавувањето, прибирањето докази, комуникацијата со институциите и јавното говорење за случајот можат да го зголемат ризикот од понатамошно насилство, одмазда или секундарна виктимизација. Затоа, секоја постапка мора да се заснова на проценка на ризикот, заштита на приватноста, внимателно постапување со дигиталните докази и избегнување практики што ја изложуваат жртвата на дополнителен притисок или јавно понижување.

Траума-информиран пристап. Учесниците и учесничките се оспособуваат да ги препознаат последиците од насилството, вклучително стравот, чувството на губење контрола, срамот, анксиозноста, повлекувањето од јавниот и дигиталниот простор и неодлучноста во однос на пријавувањето. Програмата поттикнува комуникација која не го доведува во прашање кредибилитетот на преживеаната личност, не инсистира на повторување на трауматични детали и не ја условува поддршката со формална пријава на насилството.

Разбирање на онлајн-офлајн континуумот на насилството. ТПН се разгледува како дел од поширок образец на партнерско, семејно, сексуално или јавно насилство. Дигиталното следење, пристапот до налозите, надзорот врз телефонот, заканите со објавување интимни содржини, лажните профили и вознемирувањето преку заеднички контакти можат да бидат продолжување на насилството по разделување или предупредување за можна ескалација кон физичко насилство. Затоа, проценката на ризикот мора да ја вклучи и дигиталната димензија.

Интерсекционалност и достапност. Програмата препознава дека ризиците, последиците и пречките во пристапот до заштита не се исти за сите жени и девојчиња. Посебно внимание се посветува на жените со попреченост, Ромките, жените од рурални средини, мигрантките, припадничките на националните малцинства, LBTI жените, девојчињата, постарите жени, жените во јавниот живот и жените кои зависат од сторителот економски, станбено или во рамки на семејните односи.

Практична примена на знаењето. Обуката ги комбинира правните, психосоцијалните и аспектите на дигиталната безбедност. Учесниците и учесничките учат да ги препознаваат облиците на ТПН, да поставуваат безбедни прашања, да документираат пораки, снимки од екранот, линкови и други дигитални траги, да проценат итност на ризикот, да ја упатат лицето кон соодветна поддршка и да ги разберат границите на сопствената професионална улога.

Мултисекторски и координиран одговор. Ефикасната заштита бара соработка меѓу полицијата, обвинителствата, судовите, центрите за социјална работа, здравствените и образовните установи, давателите на бесплатна правна помош, сигурните куќи, СОС услугите, орга-

низациите на граѓанското општество и, кога е потребно, стручњаците за дигитална безбедност. Програмата поттикнува јасно разбирање на надлежностите, механизмите за упатување и управувањето со случаи, со истовремена заштита на доверливоста и безбедноста на преживеаната личност.

Критички однос кон антиродовите наративи и дезинформации. Обуката препознава дека мизогиниите, антиродовите и дискриминаторските наративи придонесуваат кон релативизирање на насилството, обвинување на жртвите и нормализирање на онлајн вознемирувањето. Учесниците и учесничките развиваат капацитети да разликуваат легитимна јавна дебата од дезинформации, говор на омраза, сексуализирано таргетирање и координирани напади врз жени, особено новинарки, активистки, политичарки и бранителки на човековите права.

Регионална релевантност и учење преку размена. Програмата ги користи искуствата на сите земји од Западен Балкан, препознавајќи ги разликите во законодавството и институционалните капацитети, но и заедничките предизвици: недостатокот на податоци, нееднаквото процесуирање, ограничената поддршка за жртвите, слабата соработка со платформите и недоволното препознавање на дигиталната димензија на насилството. Размената на практики и анализата на студии на случаи служат за развој на применливи решенија, а не само за пренесување информации.

b

РАСПОРЕД НА ЧЕТИРИДНЕВНАТА ОНЛАЈН ПРОГРАМА

Обуката трае четири дена и се спроведува онлајн. Обуката трае најмногу три часа дневно, вклучувајќи ги и паузите. Ефективната работа е приближно четири часа дневно, бидејќи подолгите предавања се заменети со пократки воведи, практични вежби, работа во помали групи и јасно дефинирани задачи. Фокусот е учесничките да завршат со конкретни алатки и практични знаења, а не само со нови информации.

Секој ден од обуката завршува со краток практичен производ: мапа на поими и обрасци на насилство; мини-мапа на националната правна и институционална рамка; листа за проценка на ризик и план за поддршка; комуникациска или застапувачка порака и личен акциски план.

DAN	VREME	СЕСИЈА	ПРАКТИЧЕН ИСХОД
1: Концептуална рамка	10:00-10:15	Вовед, правила за работа, безбеден простор и очекувања	Договор за начинот на работа и почетна мапа на очекувањата
	10:15-10:45	Род, моќ, насилство врз жените и дигиталната димензија	Заедничка мапа на поими
	10:45-11:00	Пауза	
	11:00-11:45	Облици на насилство и интерсекционалност по земји	Табела: групи со дополнителни бариери
	11:45-12:30	Технолошки посредувано насилство како онлајн–офлајн континуум	Работа во групи на примери
	12:30-13:00	Рефлексија: што менува ова во нашата практика?	Листа на прашања за прием на случај
2: Нормативна и институционална рамка	10:00-10:15	Check-in и осврт на Ден 1	
	10:15-10:45	Истанбулска конвенција, GREVIO, CEDAW и Директива на Европската унија 2024/1385	Три клучни стандарди за застапување
	10:45-11:30	Национални правни рамки по земји	Мапа на разлики и добри практики
	11:30-11:45	Пауза	
	11:45-12:15	Податоци и евиденции: што системот гледа, а што не гледа	Листа на минимални податоци за случај
	12:15-12:45	Вежба: од податок до аргумент за застапување	Краток аргумент во 5 реченици
	12:25-13:00	Рефлексија ден 2	
3: Пракса, ризик и поддршка на жртвата	10:00-10:15	Check-in и вовед во работа заснована на разбирање на траумата	
	10:15-10:45	Типологија на технолошки посредуваното насилство	Препознавање на обликот на насилство
	10:45-11:30	Проценка на ризик од продолжување, интензивирање и преминување во физичко или друго кривично дело	Пополнета листа на ризици во студијата на случаи
	11:30-11:45	Пауза	
	11:45-12:15	Дигитални докази, безбедносно планирање и алатки StopNCII и CyberIntima	Мини план за поддршка на жртвите
	12:15-13:00	Работа во групи: реферална патека во мојата земја	Мапа за упатување
4: Од знаење до акција	10:00-10:15	Check-in и преглед на наученото	
	10:15-10:45	Кампањи, јавни наративи и антиродов дискурс	Анализа на кампањските пораки
	10:45-11:30	Гап анализа и добри практики за трансфер	Приоритети по земји
	11:30-11:45	Пауза	
	11:45-12:15	Застапување: од случај и податок до препорака	Нацрт на застапувачката порака
	12:15-13:00	Личен и организациски акциски план	План за наредните две недели и три месеци
	13:00-13:30	Затворање на програмата	

С МОДУЛИ НА ОБУКАТА И МЕТОДОЛОШКИ НАПОМЕНИ

Modul I - **Родови концепти и насилство врз жените**

Учесничките ги разбираат родот, родовата нееднаквост, интерсекционалноста и насилството врз жените како структурен феномен. Методи: кратко излагање, мапа на поими и работа во групи.

Modul II - **Технолошки посредувано насилство како континуум**

Учесничките препознаваат дека дигиталното насилство не е „помалку реално“ и дека често му претходи, го придружува или го засилува офлајн насилството. Методите вклучуваат студии на случаи од национални документи и анализа на обрасци на контрола.

Modul III - **Меѓународни стандарди**

Учесничките умеат да ги користат Истанбулската конвенција, Општата препорака на GREVIO бр. 1, CEDAW и Директивата на Европската унија 2024/1385 како аргументи за заштита и застапување.

Modul IV - **Национални рамки и податоци**

Учесничките ги мапираат законите, институциите, податоците, евиденциите и празнините во својата земја. Методите вклучуваат компаративна табела, работа по земји и кратка презентација.

Modul V - **Облици на насилство, дигитални докази и алатки**

Учесничките ги разликуваат облиците на насилство, ги познаваат основните принципи на зачувување на доказите и ги разбираат ограничувањата на алатките StopNCII и CyberIntima.

Modul VI - **Проценка на ризик и реферална патека**

Учесничките вежбаат проценка на ризикот од продолжување, интензивирање и преминување во физичко насилство, сексуално насилство, изнуда или друго кривично дело.

Modul VII - **Кампањи, јавни наративи и медиуми**

Учесничките анализираат кампањи, препознаваат анти-родови наративи и обликуваат пораки кои не ги виктимизираат жртвите.

Modul VIII - **Гап анализа, препораки и акциски план**

Учесничките формулираат препораки по актери и ја завршуваат обуката со реален чекор за наредните две недели и три месеци.

СТУДИИ НА СЛУЧАИ ЗА РАБОТА ВО ГРУПИ

Студиите на случаи треба да се користат како работни, анонимизирани и траума-информирани примери. Не е потребно да се навлегува во сензационалистички детали, туку да се анализираат образецот на насилство, ризикот, доказите, институционалниот одговор и можните чекори за поддршка.

ЗЕМЈА	ПРЕДЛОЖЕНИ СТУДИИ НА СЛУЧАИ
Србија	Telegram групи за неовластено споделување интимни содржини; случај на синтетичка сексуална содржина во основно училиште во Белград; дигитална контрола во партнерско насилство.
Северна Македонија	Случај на објавување интимни фотографии од страна на поранешен партнер; дигитално вознемирување на девојчиња и млади жени; продолжување на злоупотребата по прекин на врската.
Косово*	Случај на новинарка изложена на координирана кампања на закани и говор на омраза; споделување интимна содржина од страна на поранешен партнер; бариери за жените од малцинските заедници.
Албанија	Случај на жена која извршила самоубиство по уцена и објавување интимни фотографии на TikTok; координирани напади врз новинарки и активистки.
Босна и Херцеговина	Случајот Градачац како пример за поврзаноста меѓу дигиталниот простор, фемицидот и институционалните пропусти; предмети во кои доказите не се правилно прибрани.
Црна Гора	Случај на неовластено споделување интимни содржини од 2026 година; мониторинг на мизогини кампањи насочени кон политичарки и активистки; дигитално прогонување како ризик пред фемицид.

ШТО ПОНАТАМУ ПОСЛЕ ОБУКАТА

Обуката завршува со работа на акциски план, бидејќи целта не е само стекнување знаење, туку промена на практиката. Планот треба да биде краток, реален и поврзан со мандатот на организацијата или институцијата од која доаѓа учесничката.

- Во наредните две недели: да се дополни интерната процедура за прием на случаи на дигитално насилство; да се изработи листа на контакти за итна и специјализирана поддршка; да се провери безбедниот начин на чување на дигиталните докази; да се договори контакт-лице во локалната полиција, обвинителството или центарот за социјална работа; или да се сподели стекнатото знаење со тимот.

- Во наредните три месеци: да се развие мини-протокол за проценка на ризик; да се организира интерна обука; да се изработи локална мапа на поддршка; да се покрене иницијатива за подобро евидентирање на технолошки посредуваното насилство; или да се подготви предлог за застапување за усогласување на законодавството со Општата препорака на GREVIO бр. 1 и Директивата на Европската унија 2024/1385.

ПРЕПОРАКИ ЗА ФАСИЛИТАЦИЈА НА ОНЛАЈН ПРОГРАМАТА

- Тимот што ја организира обуката треба да има најмалку две лица: едното лице го води содржинскиот дел и дискусијата, а другото го следи времето, четот, техничките аспекти, работата во помали групи и благосостојбата на учесничките.
- Да се користи пристап заснован на разбирање на траумата: никој не е должен да споделува лично искуство; камерата не е задолжителна; можна е пауза кога е потребно; на почетокот се објаснуваат правилата за доверливост и поддршка.
- Да се менуваат модалитетите на работа на секои 30-40 минути: кратко излагање, дискусија, анкета, работа во помали групи, индивидуална рефлексија и студија на случај.
- Сите материјали треба да бидат достапни на јазиците на учесничките најмалку три дена пред обуката. Клучните поими треба да бидат објаснети со целосни називи, без потпирање на кратенки.
- Сите групни продукти треба да се документираат во заеднички документ и да им се испратат на учесничките по обуката.

РЕГИОНАЛЕН КОМПАРАТИВЕН КУРИКУЛУМ И ЧЕТИРИДНЕВНА ОНЛАЈН ПРОГРАМА ЗА ОБУКА